# АНАЛИЗА НА ЕФЕКТОТ ОД КОВИД-19 ВРЗ РАБОТНИЦИТЕ КОИ СЕ ДЕЛ ОД НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНИТЕ РАБОТНИЦИ, ПРЕКУ ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА НИВНА ПОДДРШКА

**Проф. Д-р. Борче Треновски**

**М-р Тамара Мијовиќ Спасова**

**М-р Бојана Мијовиќ Христовска**

**Проф. Д-р. Билјана Ташевска**

**М-р Кристијан Кожески**

Содржината на оваа публикација е одговорност на издавачот и авторот и не ги одразува ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија

Скопје, 2021

## СОДРЖИНА


НЕФОРМАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА ОД КОВИД-19 .......... 5

ПАЗАРОТ НА ТРУД И НЕФОРМАЛНИОТ СЕКТОР ВО ВРЕМЕ НА КОВИД -19 ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА .......... 6

Колку изнесува неформалната економија во Северна Македонија ? .......... 7

МЕРКИТЕ НА ЦЕНТРАЛНАТА И ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПАНДЕМИЈАТА ОД КОВИД -19 .......... 8

СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД КОВИД-19 ВРЗ НЕФОРМАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ - ШТО СЕ СЛУЧУВА НА ТЕРЕН? .......... 10

КАКВИ МЕРКИ СЕ ПОТРЕБНИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОВИД -19? .......... 11

ШТО МОЖЕМЕ ДА НАУЧИМЕ ОД МЕЃУНАРОДНИТЕ ИСКУСТВА? .......... 12

ПРЕПОРАКИ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОМОШ НА НЕФОРМАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ .......... 14

ВОВЕД .......... 16

1. НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА .......... 18

1.1. Поим и дефинирање на неформалната економија .......... 18

1.2. Утврдување на степенот на неформална економија во Република Северна Македонија .......... 19

1.2.1. Досегашни релевантни истражувања и преглед на литература .......... 21

1.2.2. Проценка на степенот на неформална економија со методот на потрошувачката на електрична енергија (Electricity Consumption Method - ECM) .......... 23

1.2.3 Проценка на неформалната економија со помош на методот на повеќе инидикатори-повеќе причини- Multiple Indicators Multiple Causes (MIMIC) .......... 27

1.3.Трендови, состојба и структура на работниците кои се дел од неформалната економија во Република Северна Македонија .......... 33

1.3.1. Структура на работниците кои се дел од неформалната економија .......... 33

2. ЕФЕКТИ ОД ПАНДЕМИЈАТА НА КОВИД-19 ВРЗ НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА .......... 36

2.1. Социо-економски ефекти од пандемијата на КОВИД-19 во глобални рамки .......... 36

2.2. Социо-економски ефекти од КОВИД-19 во Република Северна Македонија .......... 41

2.3. Социо-економски ефекти од КОВИД-19 врз работниците во неформалната економија во Република Северна Македонија .......... 44

3. АНАЛИЗА НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ ОД СТРАНА НА ДРЖАВАТА КАКО ОДГОВОР НА КОВИД-19 И НИВНИТЕ ЕФЕКТИ .......... 48

3.1. Мерки за помош на неформалните претпријатија и работници погодени од кризата .......... 48

**3.2. Економски мерки на ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ за справување со последиците од кризата предизвикана од пандемијата на ковид-19** ........................................................ 50

**3.3. Мерки за справување со КОВИД-19 на ЛОКАЛНО НИВО** ............................................ 67

**3.3.1. Сумарен преглед на мерките на локално ниво** ................................................... 76

**3.4. Анализа на движењето на основните индикатори на пазарот на труд за време на КОВИД-19 кризата – со посебен осврт на ефектите од мерките врз неформалната вработеност** ........................................................................................................................ 79

**4. ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ – АНАЛИЗА НА СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД КОВИД-19 ВРЗ НЕФОРМАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ, МАПИРАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ МЕРКИ И НИВНАТА ЕФИКАСНОСТ** ........................................................................................................................ 85

**4.1. Опфат и методологија на истражувањето** .................................................................. 85

**4.2. Анализа на резултатите од истражувањето** ................................................................ 86

**4.2.1. Општи карактеристики и структура** ........................................................................ 87

**4.2.2. Ефекти од КОВИД-19 пандемијата врз ранливите категории на граѓани** ........ 92

**4.2.3. Ефекти од мерките од централната/локалната власт со цел намалување на негативните последици предизвикани од КОВИД-19 пандемијата** .......................... 101

**4.2.4. Какви дополнителни КОВИД-19 мерки се неопходни во идниот период** ..... 105

**4.3 ПРОФИЛ на формалните и неформалните работници во време на КОВИД-19** ..... 107

**4.4. ПРОФИЛ и главни разлики помеѓу жените и мажите работници во време на КОВИД-19** ........................................................................................................................ 111

**5. Меѓународни искуства од земји кои вовеле директни и индиректни мерки за помош на неформалните работници како ранлива категорија на граѓани** ................................ 115

**5.1. Преземени мерки за помош на неформалните работници** .................................... 115

**5.2. Земји од регионот** ......................................................................................................... 116

**5.3. Земји од светот** ............................................................................................................. 120

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ** ............................................................... 124

**1. Заклучни согледувања поврзани со трендовите и нивото на неформална економска активност/неформалната вработеност во Северна Македонија** ................. 124

**2. Заклучни согледувања за трендовите, структурата на неформалните работници и социо-економските ефекти на Ковид-19 кризата врз неформалните работници** ......... 125

**3. Заклучни согледувања од донесените мерки на централната власт во контекст на неформалните работници** .................................................................................................. 128

**4. Заклучни согледувања кои се однесуваат на мерките донесени од локалната власт во контекст на неформалните работници** ..................................................................... 129

5. **Анализа на движењето на основните индикатори на пазарот на труд за време на ковид-19 кризата - Заклучни согледувања во врска со ефектите од кризата и мерките за справување со пандемијата врз пазарот на труд**........................................................ 132

**6. Теренско истражување – анализа на социо-економските ефекти од КОВИД-19 врз неформалните работници- заклучни согледувања од теренското истражување**.......... 134

**6.1 Ставови и перцепции на испитаниците во врска со искористеноста на мерките од централната/локалната власт со цел намалување на негативните последици предизвикани од КОВИД-19 пандемијата**........................................................................ 137

**6.2. Ставови и перцепции и препораки на испитаниците за дополнителни КОВИД-19 мерки во наредниот период**........................................................................................ 138

***ПРОФИЛ НА ФОРМАЛНИТЕ И НЕФОРМАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ВРЕМЕ НА КОВИД-19*** ..**Error! Bookmark not defined.**

***ПРОФИЛ и главни разлики помеѓу жените и мажите работници во време на КОВИД-19*** ........................................................................................... **Error! Bookmark not defined.**

**7. Генерални заклучоци од анализа на меѓународните искуства** ................................ 145

**ПРЕПОРАКИ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОМОШ НА НЕФОРМАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ**............ 148

**АНЕКС** ......................................................................................................................... 150

АНЕКС 1.Резултати од MIMIC моделите за проценка на неформалната економија во Република Северна Македонија ............................................................................... 150

АНЕКС 2.Економски мерки на централната власт за помош на граѓаните и на стопанството ........................................................................................................................... 151

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

## НЕФОРМАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА ОД КОВИД-19

- Неформалните претпријатија сочинуваат 8 од 10 претпријатија на глобално ниво. Тие се главно нерегистрирани мали организациони единици, и често вработуваат до десет работници, и тоа непријавени и со ниски квалификации.
- Според Меѓународната организација на трудот (МОТ), во 2020 година на глобално ниво околу 2 милијарди луѓе работеле во неформалната економија. Проценката е дека речиси 1,6 милијарди неформални работници (околу 76% од вкупниот број на неформални работници или околу 47% од вкупниот број на вработени) се значајно погодени од кризата што ќе доведе до намалување на нивните приходи од 60%.
- Неформалните работници немаат основна заштита, вклучително и социјална заштита, имаат слаб пристап до здравствени услуги, и немаат алтернативен извор на приходи во случај на болест или затварање на работата.
- Дури 60% од работници на глобално ниво кои функционираат во рамките на неформалната економија, не се обезбедени со шемите на социјална заштита. Оттука истите се особено подложни на падови во доходот и сиромаштија во текот на Ковид-19 кризата.
- Голем дел од неформално вработените работници се соочуваат со дилемата „да се умре од глад или од вирусот“.
- Дел од претпријатијата кои најголем дел од своите активности ги реализираат во рамките на неформалната економија немаат доволно информации, средства и поддршка за да ги заштитат своите работници и клиенти.
- Најзастапените сектори во неформалната економија се често оние кои се директно погодени од кризата и рестриктивните мерки. Меѓу овие сектори спаѓаат – трговскиот сектор, производство, сместувачки и прехранбени услуги, градежништво, занаетчиство, транспорт и поврзани активности, лични услуги и сл.
- Неформалните работници најчесто работат на работни места кои не можат да се работат од дома, што оневозможува нивен премин кон побезбедно вршење на работните обврски.
- Загубата на заработувачката може да ја зголеми релативната сиромаштија на неформалните работници и нивните семејства за 34% поени во глобални рамки (46% во Европа и Централна Азија).
- Неформалните работници имаат значајно влијание во синџирите на снабдување, особено со храна. Неформалните работници треба да добијат можност за пристојна работа преку засилување на релациите со локалните производители.

## ПАЗАРОТ НА ТРУД И НЕФОРМАЛНИОТ СЕКТОР ВО ВРЕМЕ НА КОВИД -19 ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- Во четвртиот квартал од 2019 година нивото на невработеност изнесува 101.740 лица, додека во четвртиот квартал од 2020 година изнесува 156.432 лица, односно нивото на невработеност се зголемило за 54.692 лица.

- Вработеноста во Република Северна Македонија се намалила за 17.810 работни места, односно 17.810 работници кои претходно биле формално вработени како последица од КОВИД-19 пандемијата биле приморани да ги напуштат своите работни места.

- Дел од работниците во неформалната економија кои како последица од КОВИД-19 пандемијата почуствувале намалување на нивниот животен стандард и благосостојба, преку различни канали што им стоеле на располагање се обиделе да бидат корисници на некоја од мерките во пакетите на мерки донесени од Владата (на пр. да се регистрираат како официјално невработени и да ги користат дел од мерките).

- Доколку се направи едноставна пресметка на бројот на загубени работни места во КОВИД-19 периодот (17.810 работници) со бројот на зголемување на невработеноста 54.692 лица, може да се констатира дека станува збор за околу 36.882 лица кои во изминатиот период воопшто не биле регистрирани како невработени, а сега се пријавиле во евиденцијата на невработени.

- Во однос на возраста младите работници на возраст од 15 до 24 години, во четвртиот квартал од 2020 година, во однос на истиот период 2019 година се соочиле со пад на вработеноста од 13,5%, односно во апсолутен износ 7.072 работници ги загубиле своите работни места.

- КОВИД-19 пандемијата остава поголеми последици врз жените на пазарот на труд. Имено, споредено со 2019 година, на крајот од 2020 година, околу 10.250 работнички ги загубиле своите работни места, што во однос на мажите (7.557 работници) претставува разлика од околу 26%.

- Најголем удар од пандемијата на Ковид-19 и од преземените рестриктивни мерки се забележува кај работниците ангажирани во рамки на неформалната економија.

- Според Државниот завод за статистика, во 2019 година во Северна Македонија 128.026 лица се неформално вработени. Тие се најчесто вработени во најпогодените сектори во економијата. Најголем број неформални работници има во земјоделството – 52,3% од вкупниот број неформални работници во земјата, градежништвото – 16,1% и трговијата на големо и мало – 8,3%. Според учеството на неформалната во вкупната вработеност во поединечните сектори, најизложени сектори на неформална вработеност (каде над 10% од работниците се неформални работници) се: земјоделство (53,5%), градежништво (31,6%), услужни дејности (17,8%), административна поддршка (14,3%) и сместување и храна (10,6%).

- Значителен пад во приходите се забележува кај околу 40.000 лица кои работат сезонски во странство. Значителен е бројот на работници од Северна Македонија кои работат сезонски во странство и рестриктивните мерки воведени во тие држави практично ги оставија тие луѓе без планираните доходи.
- Најголем број на погодени неформални работници и од машки и од женски пол се ангажирани во секторите со средно-ниско ниво на ризик -кај жените учеството е ¾ од погодените жени неформални работнички, кај мажите 23,6% од погодените од кризата работат во сектори со среден ризик.
- Грижата за децата и затворањето на училиштата го зголемија товарот врз мајките на деца до 10-годишна возраст кои мораа да останат дома и негативно се одразија на работата на жените.

### Колку изнесува неформалната економија во Северна Македонија?

- **Неформални работници преставуваат работниците кои функционираат како:** самовработени лица кои работат во нивните нерегистрирани субјекти, работодавачи вработени во сопствени нерегистрирани субјекти, членови на домаќинства кои работат во субјекти во формалниот сектор, членови на домаќинства кои работат во субјекти во неформалниот сектор, работници кои неформално работат во субјекти во формалниот сектор, работници кои неформално работат во субјекти во неформалниот сектор.

- Кај најголем дел од неформално вработените работници приходот по основ на нивните економски активност претставува **единствен извор на приход за финансирање на нивните основни човекови потреби**.

- Како резултат на КОВИД-19 пандемијата, **најголем дел од работниците кои функционираат во неформалната економија бележат опаѓање на нивните приходи со што се соочуваат со ризик да западнат во екстремна сиромаштија, односно во неможност да ги задоволат своите егзистенцијални потреби**.

- **Од 2006 година па наваму, во просек степенот на неформална економија бележи надолен тренд на движење. Во периодот од 2006 до 2015 година, неформалната економија бележи пад од околу 10 процентни поени. Во периодот од 2016 до 2019 година неформалната економија забележала пад од дополнителни 4,5 процентни поени** (согласно методот на потрошувачка на електрична енергија).

- Согласно степенот на неформална економија во 2019 година, доколку се претпостави дека неформалната економија и неформалната вработеност имаат подеднакво учество во економијата, во тој случај може да се утврди дека **во 2019 година 35.457 од лицата кои биле регистрирани како невработени, всушност биле неформално вработени.**

- Употребата на MIMIC методот за мерење на степенот на неформална економија индицира на надолен тренд на движење на учеството на неформалната економија во официјалниот БДП. Резултатите индицираат на благо покачување на неформалната економија во периодот на настапување на глобалната економска криза од 2008 година и во 2012 година. **Во периодот по 2012 година повторно се забележува надолен тренд на движење на учеството на неформалната економија, со што во 2019 година се достигнува ниво од 28,9% од БДП**.

- **Резултатите од MIMIC методот и ECM методот за пресметка на степенот на неформална економија иако се разликуваат во степенот на неформалност** (што се смета за оправдано доколку се земе предвид различните детерминанти кои се користат во пресметката), **истите индицираат на надолен тренд на учеството на неформалната економија во БДП во претходниот период**.

- Резултатите од двете пресметки покажуваат **поволен тренд на намалување на учеството на неформалната економија во официјалниот БДП. Притоа, проценетата вредност на неформалната економија со помош ECM методот во 2019 година изнесува 21,3% од БДП, а со помош на MIMIC методот 28,9% од БДП.**

## МЕРКИТЕ НА ЦЕНТРАЛНАТА И ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПАНДЕМИЈАТА ОД КОВИД -19

- Најголем дел од мерките кои се дел од петте пакет мерки се фокусирани на ублажување на социјалните и економски последици од КОВИД-19 пандемијата.

- Најголем дел од наведените мерки не се специјално и директно насочени кон неформалните работници. Неформалните работници во најголем дел можат да почувствуваат индиректен ефект од мерките на централната власт (без директно таргетирање) – преку намалени трошоци, одложување на обврски по кредити, поддршка за младите кои се членови на семејството, помош за компаниите кои ги ангажираат и сл.

- Една мерка на централната власт директно ги таргетира лицата од неформалната економија: обезбедување парична помош за домаќинствата и енергетски додаток, преку релаксирање на критериумите за влез во системот за гарантиран минимален доход на лицата од неформалната економија што останале без работа.

- Дел од неформалните работници, како пасивни баратели на работа, се опфатени со мерката за платежни картички во четвртиот пакет мерки.
- Постои отсуство на конзистентност и континуитет во носењето на централните мерки за помош во услови на КОВИД-19 пандемијата.
- Со оглед на тоа што неформалните работници се најчесто ангажирани во секторите кои беа најпогодени од кризата, мерките кои се однесуваат на тие сектори се исто така особено релевантни и за оваа група на граѓани.
- Неформалните работници кои функционираат во руралните средини немаат доволно расположливи информации за искористување на мерките од Владата.
- Отсуство на соработка помеѓу институциите и оттука отсуство на принципот на конзистентност и комплементарност на мерките преземени на локално и централно ниво.
- Одделните општини бележат различен степен на успешност и материјално-финансиски и кадровски капацитет во справувањето со КОВИД -19 пандемијата.
- Мерките спроведени на локално ниво може да се групираат во две области: заштита на јавното здравје и ублажување на негативните социјални и економски ефекти.
    - Најголем степен на мерките преземени од страна на единиците на локалната самоуправа се насочени кон заштита на јавното здравје.
    - Само во мал дел од анализираните општини се забележуваат мерки насочени кон ублажување на негативните економски ефекти за правните и физичките лица.
    - Дел од сетот мерки често преставува мерката за намалување на надоместокот за користење на терасите од страна на деловните ентитети.
    - Дел од локалните мерки насочени кон стопанството се и мерките како: намалување на фирмарината на стопанските субјекти, зголемувањето на периодот на одложена наплата на комуналиите итн.
    - Една од најчестите мерките кои се директно насочени кон физичките лица, преставува намалувањето на висината на данокот на имот (во дел од општините и до 50%) и можноста за негова периодична отплата.
    - Останати мерки во пакетот мерки кои директно влијаат врз амортизирање на негативните ефекти од КОВИД-19 пандемијата врз физичките лица се забележуваат: формирање на тимови за логистичка поддршка на ранливите групи на граѓани и воспоставувањето на разни канали на донации на материјални и финансиски средства кои, пред сè се наменети за семејствата и лицата кои се материјално необезбедени.
    - Единствено на ниво на град Скопје, во пакетот на локални мерки може да се забележи мерка која директно влијае врз подобрување на финансиско-материјалната положба на дел од работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија.
- Генерален заклучок од анализата на локалните мерки за справување со Ковид-19 е дека најчесто не постојат мерки што се директно насочени кон работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија. Од донесените мерки може да се

забележи дека доминантниот дел се насочени кон зачувување на јавното здравје, додека втор приоритет на локалните мерки преставува ослободување на дополнителни финансиски средства кон деловните ентитети и физичките лица.

## СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД КОВИД-19 ВРЗ НЕФОРМАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ- ШТО СЕ СЛУЧУВА НА ТЕРЕН?

- Дури 67% од испитаниците изјавиле дека не се евидентирани како невработени лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Од друга страна околу 1/3 (31%) од испитаниците изјавиле дека се евидентирани како невработени лица.

- Во поглед на поседувањето на здравствено осигурување, најголем дел од испитаниците (95%) имаат здравствено осигурување, додека мал дел од испитаниците истакнале дека немаат здравствено осигурување (5%).

- Во поглед на примањето на социјална помош, речиси сите испитаници изјавиле дека не примаат социјална помош по никоја основа. Имајќи ја предвид структурата на испитаниците, ова укажува на степеност на покриеност на овие категории граѓани со социјална заштита.

- Најголем дел од испитаниците изјавиле дека остваруваат редовни приходи (41%). Дел од испитаниците остваруваат приходи, но тие се повремени и нередовни (20%).Особено загрижува што висок дел од испитаниците изјавиле дека не остваруваат приходи по никој основ (33%).

- Околу 16% од испитаниците бележат ниво на доход пониско од законската месечна минимална плата. Во оваа насока, 5% од испитаниците потврдиле дека имаат месечни приходи пониски од 3.000 денари, 3% од испитаниците дека имаат месечни приходи во износ од 3.000 до 6.000 денари. Исто така, месечен приход во износ од 6.000 до 9.000 денари земаат 5% од испитаниците.

- Дури 87% од испитаниците се изјасниле дека немале никаква консултација со претставници на надлежните институции во врска со проблемите и последиците кои истите ги имаат од КОВИД-19 пандемијата.

- Најголем дел од испитаниците истакнале дека КОВИД-19 пандемијата придонела за значајно зголемување на трошоците за разни намени поврзани со КОВИД-19 пандемијата (46%).

- Значаен дел од испитаниците тврдат дека како последица од пандемијата во претходниот период дошло до значајно намалување на нивните егзистенцијални приходи (30%), загуба на работата за време на КОВИД-19 пандемијата (9%), проблеми со згрижувањето на децата и нивниот образовен процес во време на пандемијата (6%).

- Во просек, на 10 лица, околу 6 лица се соочиле со намалување на нивните приходи во претходниот период како последица од КОВИД-19 пандемијата.

- 10% од испитаниците во изминатиот период се соочиле со целосно губење на нивните приходи.

- Во однос на падот на приходите кај неформалните работници, може да се констатира дека само кај 8% од случаите доаѓа до намалување на приходите до 10%. Од друга страна, 62% од испитаниците потврдиле дека во претходниот период нивните приходи опаднале во просек од 30 до 50%. Дел од неформалните работници (15%) се соочиле со пад во приходите од 30-50%, додека 8% од оваа категорија на работници се соочиле со пад на приходите од 50-70%.

- 8% од неформалните работници за време на КОВИД-19 пандемијата (во претходниот период) се соочиле со целосно губење на нивните приходи (ги загубиле своите работни места).

## КАКВИ МЕРКИ СЕ ПОТРЕБНИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОВИД -19?

- Само 25% од испитаниците искористиле дел од мерките на централната власт, додека 75% од граѓаните потврдиле дека немаат искористено ниту една мерка во претходниот период.

- Како главни причини за неискористеност на мерките испитаниците ги наведуваат немањето на информации за тоа кои мерки им се на располагање (во 24% од случаите), пакетот мерки спроведени од централната власт не се соодветни за нивната положба/состојба (29%), недоверба дека согласно мерката ќе ја добијат соодветната помош (17%), мерките не се доволни за да овозможат поддршка за време на КОВИД-19 пандемијата (12%), страв од влегување во системот (2%).

- Голем дел од испитаниците (70%) истакнале дека имаат потреба од дополнителна владина мерка за олеснување на последиците од кризата, додека 30% од испитаниците истакнале дека не им се потребни дополнителни владини мерки.

- Согласно ставовите на испитаниците поврзани со мерките кои би биле најсоодветни во наредниот период
  - Најголем дел од испитаниците сметаат дека најсоодветна мерка би била поддршката во парични средства (44%).
  - Дел од граѓаните за оптимални ги сметаат и мерките за помош во вид на средства за заштита од КОВИД-19 пандемијата (19%).
  - Исто така како дополнителна мерка 17% од испитаниците истакнале дека во наредниот период имаат потреба од поддршка во совети и помош за остварување на своите права, поддршка во даночни и други фискални/финансиски олеснувања од страна на

централната/локалната власт (12%), мерките за вклучување во формалниот систем на социјална сигурност (9%).

- Во врска со потребните информации кои би им биле од корист на граѓаните во иднина, 50% од испитаниците истакнале дека информациите поврзани со искористување на КОВИД-19 мерките би биле од најголемо значење.
- 20% од испитаниците потврдиле дека имаат потреба од информации околу процедурата и условите за искористување на некое право (пред сѐ, тука се мисли на правата поврзани со мерките за помош од КОВИД-19 пандемијата).

## ШТО МОЖЕМЕ ДА НАУЧИМЕ ОД МЕЃУНАРОДНИТЕ ИСКУСТВА?

- Речиси сите земји или планираат или веќе имаат воведено програми за социјална заштита.
- Најчестите мерки што се однесуваат на неформалниот сектор вклучуваат воведување готовински грантови, дистрибуција на храна за ранливите групи и шеми за привремено вработување на неформални работници. Поконкретно:
  - Таргетирани готовински трансфери е главната форма на помош за неформалните работници што ја имаат воведено земјите ширум светот;
  - Можности за јавна работа на неформалните работници во услуги за дезинфекција и санитација;
  - Субвенционирани ваучери се дистрибуираат до невработени неформални работници за обука за вештини и преквалификации;
  - Повластени заеми за микропретпријатија во неформални семејни бизниси;
  - Пошироко опфаќање на постојните шеми на социјална помош за домаќинства со ниски примања;
  - Проширени надоместоци за невработеност, вклучително и за работниците во неформалниот сектор;
  - Заеми за фирми и работници и во формален и во неформален сектор;
  - Исплати на работници кои немаат надоместок за боледување и пристап до осигурување за вработување.
- Вообичаено поразвиените и побогатите земји имплементираат мерки што се повеќе насочени кон зајакнување на здравствениот систем, како и мерки за опоравување на економијата. Од друга страна, ниско развиените земји и земји со низок и среден доход воведуваат мерки претежно насочени кон социјална и економска заштита на населението.
- Побогатите земји често не ги опфаќаат неформалните работници како посебна група на ранливи категории на граѓани на која и треба помош, туку индиректно преку некоја друга мерка. Дел од посиромашните земји, со имплементираните мерки ги имаат посебно таргетирано неформалните работници.

- Во мерките за помош кај речиси сите земји недостасува врската помеѓу централната влада – општините – неформалните работници. Локалните самоуправи многу полесно и поедноставно можат да ги идентификуваат неформалните работници од соодветната општина и на тој начин полесно да пристапат до нив и да ги информираат со крајна цел да им помогнат.

## ПРЕПОРАКИ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОМОШ НА НЕФОРМАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

- Подигнување на свеста за ризиците поврзани со Ковид-19 вирусот и обезбедување достапни информации за превентивни мерки, безбедно однесување на работното место и симптоми во случај на инфекција.
- Потребно е оваа ранлива категорија на граѓани зголемено да се информира за опасноста од вирусот и важноста од заштитна опрема при работа со цел да се намали изложеноста на работниците и нивните семејства на Ковид-19 вирусот.
- Да се изработат брошури, видеа, СМС-пораки што можат лесно да се разберат и да допрат до оние што работат во неформалната економија.
- Мерките за помош на неформалните работници треба да поттикнат проширување на опфатот за социјална заштита на неформалните работници, вклучително и навремен трансфер на пари и обезбедување и достава на храна до ранливите групи на граѓани во рамки на неформалните работници.
- Треба да се прилагодат специфични мерки посебно на жените работнички кои истовремено имаат семејни одговорности, семејства што можат да прибегнат кон детски труд како стратегија за справување, како и други ранливи подгрупи.
- Треба да се направат напори за одржување на синџирите на снабдување во земјоделството и зајакнување на врските на пазарот за локалните производители, истовремено промовирајќи пристојна работа.
- Обезбедување на бесплатна заштитна опрема (маски, средства за дезинфекција, визир, заштитна облека итн.).
- Потребно е да им се обезбеди на оние неформални работници кои се заразени со Ковид-19 вирусот, да имаат пристап до квалитетна здравствена заштита и да се прошири опфатот на системот на здравствена заштита со вклучување на истите во системот. Истото важи и за обезбедување здравствена заштита на неформалните работници во рурални средини.
- Потребно е да се обезбеди сигурен доход и храна на неформалните работници кои останале без работа и доход и помош на нивните семејства, за да се компензира загубата - Идентификување на потребите и приоритетите на групите во неформална економија кои се најранливи на Ковид -19 кризата.
- Обезбедување на основно ниво на сигурност на доходот за оние неформални работници што се болни со цел да се заштити нивната егзистенција.
- За да се креираат ефикасни мерки за помош, потребно е неформалните работници да имаат можност да ги искажат своите ставови и затоа мора да бидат вклучени во социјалниот дијалог со владата како креатор на мерките.
- Клучен аспект на успешноста на мерките е вклученоста на локалната самоуправа. Имено, нивната улога е клучна за дизајнирање и спроведување на одговори на итни

случаи за зајакнување на системите за социјална заштита и поддршка на транзицијата кон формалната економија. Локалната власт има голема улога во директното трансферирање на готовина како помош на неформалните работници, токму тогаш и на оние на кои им е најпотребно. Дури и кога владите воведуваат мерки за надоместок на изгубениот доход на наформалните работници, општинските имаат можност да ги надополнат овие мерки, потенцијално побрзо да допрат до неформалните работници преку активности што имаат за цел да им обезбедат ликвидност на неформалните работници и истовремено да ги ослободат од долгови. На пример, процедурите за апликација за мерките понудени од владата за надоместок на изгубениот доход може да траат премногу долго за да стигнат до оние на кои им се потребни. Општините може да се вклучат во овој процес со обезбедување побрза поддршка и да допрат директно до неформални работници преку постојните општински регистри или други мерки.

- Во контекст на наведеното, треба да се користат дополнителни мерки за поддршка на неформалните работници со цел да се дополни мерката за надоместување на изгубениот доход, вклучително и целосен мораториум на обврски за кирии кои се плаќаат на општините како на пример за шупи за складирање, тезги на пазарот или простор за продажба на пример.
- За да се олесни процесот неформалните работници да се внесат во формалната економија и истите да бидат мотивирани тоа доброволно да го направат потребно е да се понуди одреден период во кој нивниот доход нема да се оданочува или ќе се оданочува по ниска даночна стапка. На пример: мерката би гласела: Откажување од данок на доход за неформални работници кои ќе станат дел од формален сектор, во текот на 6 месеци.
- Освен проширување на шемата на социјална заштита со оние граѓани кои не се опфатени, потребно е да се зголемат надоместоците, да се унапреди исплатата на истите и да се релаксираат условите за подобност и влез во шемата. Ова може да се направи преку различни програми, вклучувајќи надоместоци за невработеност, универзални пензии, детски надоместоци или програми за социјална помош. На пример, во Перу владата воведе итна парична помош за неформални работници[1]. Домашните работници во Јужна Африка и конфекционерите во Виетнам сега се опфатени со осигурување од невработеност.[2]

[1]https://www.gob.pe/institucion/mtpe/noticias/112028-comunicado-01-bono-independiente
[2] https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_protect/---protrav/---travail/documents/briefingnote/wcms_743623.pdf

- Еднократните парични трансфери може да се дизајнираат за оние кои не се заштитени преку други механизми. Може да се спроведе секторски пристап кој им дава приоритет на работниците во занимања кои се особено погодени.
- Во некои општини и рурални средини потребна е поддршка за храна за ранливите домаќинства. Ова помага во поддршка на земјоделството и да се обезбеди непречено производство на храна.
- Освен стандардната мерка – парични тарнсфери може да се воведат и мерки за намалување на трошоци, како што се откажувања на плаќања за јавни услуги, како што се електрична енергија, вода, телефон или други услуги.

# ВОВЕД

Пандемијата предизвикана од Ковид-19 вирусот која ги зафати сите земји во светот ги предизвика носителите на националните економски политики да бараат нови алтернативи и политики за поддршка на националното стопанство и за граѓаните.

Ширењето на Ковид-19 вирусот низ целиот свет, дополнето со рестриктивните мерки (пред сè ограничувањето на движењето и реализирањето на економските активности) продуцираат значајно високи негативни ефекти и последици врз пазарот на труд. Достапните податоци индицираат на фактот дека околу 80% од светската работна сила е погодена од оваа рецесија.

Последиците се особено сериозни во делот на неформалниот сектор и привремено вработените лица. Доколку се земе предвид дека учеството на оваа категорија работници во вкупната вработеност е највисоко во земјите со низок доход (околу 90% од вкупната вработеност во земјите) во тој случај проблемите во овие земји стануваат далеку подлабоки. Понатаму, согласно проценките на Меѓународната организација на трудот (МОТ), од околу 2 милијарди работници кои функционираат во неформалната економија, 1,6 милијарди се значајно опфатени од негативните ефекти предизвикани од коронавирусот. Понатаму, се проценува дека релативната сиромаштија на работниците во неформалната економија во земјите со низок доход ќе се зголеми на 56%.[3]

Ситуацијата со Ковид-19 ги соочи дел од овие работници со изборот да не работат и да се заштитат себеси и нивните семејства со што би довело до губење на нивниот егзистенцијален приход или да го прифатат предизвикот и да продолжат да функционираат во услови на Ковид-19 вирусот. Неформалните работници и нивните семејства се соочуваат со дополнителни здравствени ризици. Од суштинска важност е да се потенцира дека овој тип на работници имаат ниска продуктивност, ниски стапки на заштеди и капитал, со што како таква оваа категорија е особено ранлива на економските шокови. Оваа категорија на работници единствено зависи од нивната дневна заработка, без оглед дали се самовработени, дали се ангажирани на дневна или месечна основа, со што тие се соочуваат со ризик да западнат во екстремна сиромаштија како резултат на намалените економски активности.

[3] ILO Monitor: COVID-19 and the world of work. Third edition. April 2020.

Работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија, без оглед на тоа дали се самовработени (работат за своја сметка) или работат за одреден надоместок, спаѓаат во групата на работници со најголем степен на изложеност од губење на работата и доходите. Вообичаено, неформалните работници не исполнуваат критериуми и услови да бараат поддршка од владите дури и во нормални времиња. Како такви, тие често не се регистрирани во програмите за социјална заштита. Со оглед на тоа дека тие не влегуваат во официјалните текови, истите не можат да ги уживаат бенефитите поврзани со губењето на работните места и останатите социјални бенефити поврзани со одредени нарушувања во работниот процес кои се предизвикани од Ковид-19 вирусот. Работниците што функционираат во рамките на неформалната економија ја немаат можноста преку синдикалните организации да влијаат во функција на намалување на негативните ефекти од кризата. Оттука, барањето начин како да им се помогне и како добро да се таргетираат со цел мерките и помошта да стигне токму таму каде што е најпотребна, е голем предизвик. Сепак, и покрај мерките имплементирани за справување со КОВИД-19 пандемијата од многу земји во светот (над 140 земји имаат воведено директни трансфери од централни влади до физички лица [4]), програмите за помош не успеаја да допрат до многу луѓе во неволја.

Во оваа ситуација се поставува прашањето: Дали работниците во неформалната економија имаат на располагање доволно канали и алатки за да ги презентираат своите потреби, идеи и предизвици пред креаторите на економските политики? Дали потребите и барањата на оваа категорија работници се опфатени во владините политики и стратегии за справување со економските последици од Ковид-19 вирусот? За оваа цел, за неформалниот сектор од особено значење е спроведување на мапирање и утврдување на ефектите од постоечките мерки со цел добивање на навремени сигнали за состојбата во која се наоѓаат овие работници. Овие активности треба да се реализираат во соработка помеѓу локалните организации со цел да се добие реална слика за состојбата на терен и ефектите од постоечките мерки, како и сугестии за унапредување на наредните мерки и политики наменети за оваа ранлива категорија на работници.

[4] https://www.imf.org/en/Topics/imf-and-covid19/Policy-Responses-to-COVID-19

# 1. НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 1.1. Поим и дефинирање на неформалната економија

Економските активности што не се вклучени во рамките на официјалните текови може да се најдат под името: паралелна економија, скриена економија, неформална економија, сива економија итн. Дел од литературата ја дефинира неформалната економија како: група на активности кои не се опфатени во официјалната статистика, меѓу кои спаѓаат неформалниот сектор, домашното производство наменето за лична употреба, нелегалната економија. **Согласно Акциониот план за сивата економија 2014,[5] таа се дефинира како „економски активности кои се законити, но не се регистрирани и евидентирани, со цел да се избегне оданочување“. Согласно дефиницијата на Европската Комисија, неформалната економија опфаќа „каква било платена активност која по својата природа е законска, но не е пријавена пред властите, земајќи ги предвид разликите во регулаторниот систем на Земјите членки“.** Понатаму, согласно Шнајдер и Вилијамс, нејзината рамка вклучува: „пазарно засновано производство на законити добра и услуги кои намерно не се пријавуваат во официјалните статистики заради избегнување на плаќање даноци и придонеси, како и непочитување на останатите административни и законски стандарди“.[6]

Оттука може да се констатира дека дел од причините поради кои се појавува и доаѓа до пораст на неформалната економија се: избегнувањето на даноци, избегнувањето на регистрирање на работниците во формален работен однос со цел избегнување на плаќање социјални придонеси и придонеси за вработување, како и избегнувањето на исплата на законската минимална плата на формално вработените. Понатаму дел од причините за неформалната економија треба да се бараат во неможноста да се приберат податоци за земјоделците, домашните работници, работниците кои во производството на своите производи не користат машини.

Со оглед на природата и опфатот на економските активности, најголем дел од учесниците во економските односи (луѓето, потрошувачите) во одреден момент воспоставиле непосредни релации со економски активности кои се карактеризираат како неформална економија.

**Неформалните претпријатија сочинуваат 8 од 10 претпријатија во светот. Тие се главно нерегистрирани мали организациони единици, и често вработуваат до десет работници, и тоа непријавени и со ниски квалификации.** Тука влегуваат неплатени семејни работници, главно жени, кои немаат социјална заштита ниту почитување на здравствени и безбедносни мерки на работното место. Имаат ниска продуктивност, ниски стапки на штедење и инвестиции и занемарлива акумулација на капитал, што ги прави особено ранзливи на економски шокови. Исто така често се исклучени од краткорочните програми за финансиска помош на бизнисите поврзани во кризата на КОВИД-19.[7]

Во категоријата **неформално вработени лица, согласно Анкетата за работна сила (АРС)** се вклучени сите непријавени работници (без покриена социјална и правна заштита), независно

[5]Министерство за труд и социјална политика, 2013.
[6] Schneider, F. and C.C. Willams (2013), *The Shadow Economy*, IEA, London.
[7]ILO, COVID-19 crisis and the informal economy: Immediate responses and policy challenges,May 2020.

дали работат во: регуларни фирми, нерегистрирани или субјекти без правен статус, самовработени лица со свои претпријатија или во домашен сектор. Понатаму, за неформални работници се сметаат работниците кои функционираат како: самовработени лица што работат во нивните нерегистрирани субјекти, работодавачи вработени во сопствени нерегистрирани субјекти, членови на домаќинства што работат во субјекти во формалниот сектор, членови на домаќинства што работат во субјекти во неформалниот сектор, работници кои неформално работат во субјекти во формалниот сектор, работници кои неформално работат во субјекти во неформалниот сектор.[8]

**МОТ** ги врши своите проценки според следното дефинирање на **неформалните работници:** „Работниците се сметаат за неформално вработени доколку нивниот работодавач не плаќа социјални придонеси во нивно име, или во случај на неодговарање на прашањето во анкетата на домаќинствата дека работодавачот не придонесува, доколку немаат платен годишен одмор или боледување. Работодавачите и работниците за своја сметка се сметаат за неформално вработени ако водат претпријатие (или економска единица) во неформалниот сектор (некорпоративен приватен бизнис без формален сметководствен систем или нерегистриран кај соодветните национални институции). Неплатените семејни работници се неформално вработени по дефиниција, без разлика дали работат во претпријатие од формалниот или неформалниот сектор.“[9]

## 1.2. Утврдување на степенот на неформална економија во Република Северна Македонија

Како што и претходно беше напоменато неформалната т.е. сивата економија е еден од најперзистентните проблеми со кој се соочуваат сите држави во светот. Таа е присутна насекаде, со тоа што нејзиниот обем (односно учество во вкупната економска активност) е поголем во земјите во развој и земјите кои се карактеризираат со повисоко ниво на невработеност. Ваквата ситуација претставува предизвик за носителите на политиките во дизајнирањето и водењето на економската и социјалната политика. Моменталната ситуација го истакнува наведеното, имено дизајнирањето на соодветни мерки за помош на граѓаните и стопанството во справување со последиците од кризата наметната од пандемијата на Ковид-19 е отежнато поради тоа што дел од економските активности на дадена група граѓани не се евидентирани. Како резултат на КОВИД-19 пандемијата, најголем дел од работниците кои функционираат во неформалната економија бележат опаѓање на нивните приходи (кај најголем дел од оваа група работници приходот по основ на ваквите економски активности претставува единствен извор на финансирање на основните човекови потреби), со што се соочуваат со ризик да западнат во екстремна сиромаштија, односно во неможност да ги задоволат своите егзистенцијални потреби. Државата не располага со егзактни и прецизни податоци за бројот на работници кои остваруваат примања од економски активности што не се евидентирани во официјалните текови. Помошта во време на криза е критична за неформалните работници, но од друга страна пак, реален проблем е тоа што ранливоста на неформалниот сектор за време на пандемијата на Ковид-19 произлегува оттаму што секторот не е добро евидентиран, односно не може лесно да се идентификуваат неформалните работници и оттука владата не може да обезбеди гаранции за заштита од загуби на доход со

[8]Извештај за распространетост и трендови на скриената економија во Македонија, 2014
[9]ILO, COVID-19 and the world of work, April 2020.

кои се соочува неформалниот сектор. Затоа, честопати неформалниот сектор е исклучен од државната помош, бидејќи не е добро евидентиран. Врз оваа основа, покрај фактот што креаторите на економските политики на централно и локално ниво за прв пат се среќаваат со ваков предизвик, се соочуваат со ситуација каде што во состојба на недоволни податоци и информации за клучните варијабли и индикатори, мора да носат дополнителен сет на мерки.

Во Република Северна Македонија постои распространето верување помеѓу економистите дека нивото на неформалната економија во одредени временски периоди достигнувало ниво меѓу 40-50% од БДП.[10]Со воспоставување на „рамниот" данок на профит и персонален данок во 2007 година, водено со паралелниот процес на интензивна фискализација во трговијата се креира клима за намалување на неформалната економија во наредниот период. Покрај намалувањето на нефромалната економија, сепак студиите и проценките за учеството на неформалната економија во вкупниот БДП во Република Северна Македонија покажуваат висока неформална економија во земјата (помеѓу 20-40%).[11] Согласно проценките од Министерство за економија во 2011 година, нивото на неформалната економија се движело околу 30% од БДП, а последните проценки на експерти на ММФ проценуваат дека тоа ниво во 2016 година било 37,6% од БДП.

Отсуството во официјалните статистики на ваквите активности негативно влијаат врз мерењето на БДП, но и ги ослабуваат ефектите од макроекономското планирање. Покрај негативните ефекти и импликации врз фискалната и монетарната политики, високото ниво на неформална економија негативно влијае врз конкурентноста на фирмите кои функционираат во формалната економија, создавајќи „не фер" конкуренција, со што доаѓа до дополнително влошување на социо-економската состојба во државата.

Во таа насока, ова истражување има за цел да го процени обемот на неформалната економија и бројот на лица ангажирани во неформалниот сектор во Република Северна Македонија. Општата поделба на методите кои се користат за мерење на степенот на неформалната економија е на директни и индиректни методи. Директните методи подразбираат директна анкета на населението на национално ниво, на ниво на претпријатија, со примена на анкетата за работна сила.

Со оглед на природата на темата, односно дел од задачата на ова истражување - мерењето на степенот на неформалната економија, се смета за оправдано да се применат некои алтернативни методи за пресметка на степенот на неформална економија. Исто така најголем дел од истражувачите користат алтернативни начини на пресметка, односно применуваат индиректни методи. Помеѓу најчесто користените индиректни методи кои се користат за оваа цел, може да се издвојат следните:

- Индиректниот метод за пресметка на големината на неформалната економија со користење на податоци за потрошувачката на електрична енергија - Electricity Consumption Method (ECM).
- Методот на повеќе причини и повеќе индикатори– Multiple Indicators Multiple Causes (MIMIC), каде што се прави структурно моделирање со користење на неформалната економија како латентна (скриена) варијабла.
- Детерминистичко-динамичкиот метод на општа рамнотежа (DDGEM).

---

[10]Nenovski, T. (2012). Macroeconomic aspects of the grey economy-the case of Macedonia. *MPRA Paper*.
[11]Министерство за труд из социјална политика (2018) *Стратегија за формализирање на неформалната економија во Република Македонија, 2018-2022*.

- Анализа на побарувачката за валути – Currency demand analysis (CDA).

*Во продолжение во нашата анализа ќе бидат користени првите два најчесто користени методи. Овие анализи ќе придонесат кон збогатување на емпириски базираната литература за утврдување на неформалната економија во Северна Македонија, каде што постои значаен јаз и скромни анализи и пресметки во последните 5-6 години.*

## 1.2.1. Досегашни релевантни истражувања и преглед на литература

Досега се направени неколку истражувања во кои е направен обид да се процени обемот на неформалната економија во Република Северна Македонија. Треба да се има предвид дека согласно методите кои се користени во одделните истражувања, постои одредена варијација во резултатите поврзани со степенот на неформалната економија.

Со оглед на едноставната и апликативна примена на методот за пресметка на степенот на неформална економија со помош на потрошувачката на електрична енергија (Electricity Consumption Method - ECM), постои консензус помеѓу истражувачите околу неговата примена. Потрошувачката на електрична енергија се смета за оптимален физички индикатор за пресметка на економската активност. Во истражувањето спроведено од страна на Кауфман и Калиберда[12], се доаѓа до заклучок дека и покрај наведените недостатоци, со оглед на тоа што како основен индикатор се зема количината на потрошена електрична енергија, овој метод овозможува споредливи резултати за степенот на електрична енергија низ времето на случајот на одделна земја, но и меѓу одделните економии во рамките на одреден временски период. На случајот на Република Северна Македонија, Гарванлиева, Андонов и Николов[13] го анализираат степенот на неформална економија со примена на овој метод за период 2000-2010 година. Резултатите од истражувањето индицираат на опаѓачки тренд на степенот на неформална економија на случајот на Северна Македонија. Имено, во 2000 година неформалната економија изнесувала 34% од БДП, додека во 2010 година овој коефициент се намалил за скоро 10 процентни поени (24,01%).Од друга страна, во истото истражување авторите го аплицираат и MIMIC методот, каде што добиваат растечки тренд на степенот на неформална економија во Република Северна Македонија. Понатаму, методот на потрошувачка на електрична енергија е применет од Мицевска и др.[14] за периодот 1990-2000 година, потврдуваат дека потрошувачката на електрична енергија се зголемила за 18% во рамките на анализираниот период, додека БДП се намалил за 14%. Авторите заклучуваат дека износот на реалниот БДП може да се прилагоди, коригира нагоре за 30%, процент која отпаѓа на неформалните економски активности во РС Македонија. Врз основа на истиот метод, Николов[15] (2005) пресметал дека големината на непријавената економија се намалила од

---

[12]Kaufmann, D. and KAliberda, A. (1996) Integrating the Unofficial Economy into the Dynamics of Post-Socialist Economies: A Framework of Analysis and Evidence.
[13]Garvanlieva, V., Andonov, V. and Nikolov, M. (2012) Shadow Economy in Macedonia. Center for Economic Analysis. Достапно на: http://cea.org.mk/documents/studii/CEA%20SHADOW%20ECONOMY%20IN%20MACEDONIA%20FINAL_4.pdf
[14]Micevska, M., Eftimoski, D. and Petkovska Mircevska, T. (2002). Economic Growth of the Republic of Macedonia: Experiences and Policy Recommendations. Technical report prepared for the World Bank Global Research Project: Explaining Growth
[15] Report On The Labor Market In Macedonia, M. Nikolov 2005, Center for Economic Analyses (CEA): http://www.cea.org.mk/Documents/First_USAID_report_labor_final_4.pdf

40,3% од БДП во 1996 година на 35,3% во 2004 година, додека Новковска и Думичиќ[16] за периодот 1996-2015 прикажуваат движење на неформалната економија приближно помеѓу 33% и 39%, при што може да се забележи надолен тренд од 2010 година натаму.

Понатаму, во истражувањето на Шнајдер и соработниците со примена на MIMIC моделот, кој е исто така често застапен модел во истражувањата на неформалната економија, се доаѓа до заклучок дека степенот на неформална економија во С Македонија во 2007 година е над ЕУ просекот. Во 2007 година неформалната економија во Северна Македонија изнесува 34,9%, додека во земјите од регионот (Бугарија, Романија и Словенија) истата изнесува 32,7%, 30,2%, 24,7%, соодветно.[17] Подоцна, Хасан и Шнајдер со истиот метод, утврдуваат дека неформалната економија во С Македонија во 2013 година изнесува 29,9% од БДП, а просекот за периодот 1999-2013 година е 34,1%.[18] MIMIC методот е применет и во истражувањето на Келмансон и останатите, во работен документ во рамките на ММФ.[19] Во истражувањето се доаѓа до заклучок дека скриената економија во РС Македонија е незабележително намалена од 38,2% од БДП во 2000 година на 37,6% од БДП во 2016 година.

Резултатите од дел од истражувањата поврзани со неформалната економија во Република Северна Македонија се прикажани во табела 1.1. Од резултатите може да се забележи дека примената на одделните методи за пресметка на степенот на неформална економија води кон добивање на резултати кои се карактеризираат со значајни разлики. Во секој случај, евидентна е значителната големина на неформалната економија. Сепак, со оглед на специфичниот карактер на материјата, т.е. обид да се измери она што не е евидентирано во официјалните статистики ваквите разлики може да се сметаат во одреден степен прифатливи.

*Табела 1.1. Резултати за степенот на неформална економија во Република С. Макеоднија според неколку методи за пресметка (2000-2016 година)*[20]

| Година | Дво-секторска динамика – генерален еквилибриум (Elgin and Oztunali, 2012) | Метод на потрошувачка на електрична енергија (Garvanlieva et al, 2012) | MIMIC – метод (Garvanlieva et al., .2012) | MIMIC – метод (Schneider et al., 2010) | MIMIC (Kelmanson et al., 2019) |
|---|---|---|---|---|---|
| **2000** | 35,10 | 34,10 | / | 36,2 | 38,2 |
| **2001** | 34,66 | 33,23 | / | 39,1 | 39,7 |
| **2002** | 34,97 | 31,49 | / | 36,9 | 38,2 |
| **2003** | 35,06 | 34,22 | 34,22 | 36,4 | 36,5 |
| **2004** | 24,80 | 32,75 | 44,44 | 37,4 | 35,9 |
| **2005** | 34,89 | 32,67 | 40,18 | 36,9 | 38,4 |
| **2006** | 34,97 | 31,02 | 41,32 | 36 | 39,9 |

[16]Novkovska, B. and Dumicic, K. (2018) Energy Consumption as an Indicator of Hidden Economy: Comparative Analysis. *Business Systems Research*.
[17]Schneider, F., Buehn, A., & Montenegro, C. E. (2010). Shadow economies all over the world: New estimates for 162 countries from 1999 to 2007. *World Bank policy research working paper*, (5356).
[18]Hassan, M., & Schneider, F. (2016). Size and development of the shadow economies of 157 countries worldwide: Updated and new measures from 1999 to 2013 (No. 10281). *IZA Discussion Papers*.
[19]Kelmanson, B., Kirabaeva, K., Medina, L., & Mircheva, B. (2019). Explaining the shadow economy in Europe: size, causes and policy options.
[20]Dzhekova, R., Franic, J., Mishkov, L., & Williams, C. (2014). Tackling the Undeclared Economy in FYR Macedonia: a baseline assessment. *Available at SSRN 2479905*.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2007** | 34,90 | 28,14 | 52,48 | 34,9 | 38,5 |
| **2008** | 34,39 | 25,16 | 50,39 | / | 33,4 |
| **2009** | / | 23,38 | 41,58 | / | 37,4 |
| **2010** | / | 24,01 | 40,46 | / | 37,5 |
| **2011** | / | / | 46,99 | / | 38,2 |
| **2012** | / | / | / | / | 39,2 |
| **2013** | / | / | / | / | 36,9 |
| **2014** | / | / | / | / | 36,3 |
| **2015** | / | / | / | / | 37,2 |
| **2016** | / | / | / | / | 37,6 |

Извор: Составено од авторите.

### 1.2.2. Проценка на степенот на неформална економија со методот на потрошувачката на електрична енергија (Electricity Consumption Method - ECM)

Суштината на методот на потрошувачка на електрична енергија – ЕCM е во релациите помеѓу трендовите на движење на потрошувачката на електрична енергија и вкупната економска активност. Моделот тргнува од претпоставката дека потрошувачката на електрична енергија во земјата е синхронизирана со движењето на економската активност во земјата. Оттука, доколку дојде до промена во потрошувачката на електрична енергија, која не соодвествува со промените во вкупната економска активност, во тој случај согласно овој метод може да се констатира дека доаѓа до пораст на степенот на неформална економија во земјата.

Дел од недостатоците на овој метод можат да се поделат во две групи. Во рамките на првата група се недостатоците поврзани со опфатот на моделот: прво, овој модел се апстрахира од останатите видови на енергија; второ, техничко-технолошкиот напредок кој влијае врз намалувањето на електрична енергија во производството. Во рамките на втората група на недостатоци (слабости) на овој модел спаѓаат: прво, потребата истражувачите да воспостават одредени субјективни претпоставки за обемот на неформалната економија во базната година; второ, дел од економските активности немаат потреба од значајно количество на електрична енергија (личните услуги), додека во дел од нив може да се користат други извори на енергија (гас, огревно дрво и сл).

Покрај тоа што овој метод е меѓу најупотребуваните методи во емпириската литература, треба да се напомене дека, слично како и другите методи на индиректна пресметка на степенот на неформална економија и овој метод не дава прецизна бројка за обемот на неформалната економија. Целта е пред сè, да се добие индикативна проценка на степенот на неформална економија во Република Северна Македонија во изминатиот период.

Во продолжение е прикажана формулата за пресметка на неформалната економија со примена на методот на потрошувачка на електрична енергија:

$$\mathrm{St} = St\ previous\ \left(1 + \tfrac{1}{\mathrm{ü}}\,\mathrm{gE_t} - gYt\right) = So\Pi * \left(1 + \frac{1}{u} gEi - gYi\right)$$

Каде што:

St – неформална економија во годината t
So – производство во неформалната економија во базната година
gEt – годишна стапка на раст на потрошувачката на електрична енергија
gYt – годишна стапка на раст на БДП
u – еластичност на производството од потрошувачката на електрична енергија.

Во рамките на досегашните емпириски студии кои го мерат степенот на неформална економија, во чијашто анализа е опфатена и Република Северна Македонија може да се заклучи дека најголем дел се спроведени со примена на ECM-методот и MIMIC-методот. Во оваа анализа се обидуваме да се надоврземе на претходните студии, со што би се задржал континуитетот на ваквиот тип на анализа. Имено, колку што ни е нам познато, последните пресметки за неформалната економија со примена на ECM методот се однесуваат на 2015 година, додека со примена на MIMIC методот на 2016 година. Аплицирањето на ECM методот во оваа анализа ќе овозможи надополнување и компарација на добиените резултати со оние од претходните студии. Новковска и Думичиќ[21] потврдуваат исто така дека методот за детерминирање на големината на неформалната економија врз база на методот на потрошувачка на електрична енергија (ECM-методот) обезбедува прецизни информации за еволуцијата на неформалната економија во мали отворени економии, а е применет во поголем број на студии кои се однесуваат на земјите во транзиција.

## Резултати поврзани со степенот на неформалната економија во Република Северна Македонија

Согласно претходно наведената методологија, за потребите на оваа анализа е спроведена пресметка на движењето на степенот на неформалната економија со примена на методот на потрошувачка на електрична енергија (ECM method). Во табелата 1.2. се прикажани резултатите за степенот на неформална економија (како релативна пропорција од БДП) и апсолутната големина на неформалната економија во Република Северна Македонија за периодот од 2006 до 2019 година. Во оваа насока се смета за корисно уште еднаш да се напомене дека согласно претходните емпириски студии од оваа област се користи Kaufman – Kaliberda филтерот врз основа на кој се применува Методот на потрошувачка на електрична енергија. Притоа, како главна претпоставка се зема единечната еластичност помеѓу промената во електричната енергија и промената во БДП. Ваквиот степен на еластичност помеѓу споменатите индикатори се смета за оправдан доколку се земе предвид дека бележи високо ниво на примена во многу други истражувања.[22]

Согласно добиените резултати за степенот на неформалната економија во Република Северна Македонија прикажани на табела 1.2, може да се констатира дека **започнувајќи од 2006 година во просек степенот на неформална економија бележи надолен тренд. Во периодот од 2006 до 2015 година, неформалната економија бележи пад од околу 10 процентни поени. Во периодот од 2016 до 2019 година неформалната економија забележала пад од дополнителни 4,5 процентни поени.**

---

[21]Novkovska, B. and Dumicic, K. (2018) Energy Consumption as an Indicator of Hidden Economy: Comparative Analysis. *Business Systems Research*.
[22]Kaufmann, D. and Kaliberda, A. (1996) Integrating the Unofficial Economy into the Dynamics of Post-Socialist Economies: A Framework of Analysis and Evidence; Garvanlieva, V., Andonov, V. and Nikolov, M. (2012) Shadow Economy in Macedonia. Center for Economic Analysis; Novkovska, B. and Dumicic, K. (2018) Energy Consumption as an Indicator of Hidden Economy: Comparative Analysis. *Business Systems Research*; Missou, O. (2016) Estimating the size of Shadow Economy with Electricity Consumption Method, International Hellenic University, Thessaloniki.

Резултатите добиени со примена на овој метод се во согласнот со претходно добиените резултати во одделните истражувања кои го применуваат истиот метод (ECM Method). Тука **треба да се напомене дека вака добиените резултати не треба да претставуваат егзактно мерење на степенот на неформалната економија, туку истите треба да служат за добивање на индикативна слика околу трендот на движење на неформалната економија во Република Северна Македонија.**

*Табела 1.2. Резултати за степенот на неформална економија со методот на потрошувачка на електрична енергија (ECM Method)*

| Индикатори | Големини | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **БДП** | милиони денари | 324.292 | 345.285 | 364179 | 362.873 | 375061 | 383.837 | 382.086 |
| **Електрична енергија** | GWh | 6.440 | 6.747 | 6.897 | 6.392 | 6.784 | 7.379 | 7.005 |
| Неформална економија | **% од БДП** | **39,0** | **36,4** | **33,7** | **35,8** | **36,0** | **37,8** | **36,6** |
| **Неформална економија** | апсолутен износ | 126.473 | 125.584 | 122758 | 130.068 | 134964 | 144.986 | 139.760 |
| **Официјална плус неформална економија** | БДП + НЕ | 450.765 | 470.869 | 486937 | 492.941 | 510025 | 528.823 | 521.846 |
| Индикатори | **Големини** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** |
| **БДП** | милиони денари | 393.263 | 407.535 | 423249 | 435.304 | 440013 | 451.982 | 468.033 |
| **Електрична енергија** | GWh | 6.801 | 6.729 | 6.635 | 6.193 | 6.102 | 6.105 | 6.241 |
| Неформална економија | **% од БДП** | **33,8** | **31,4** | **29,0** | **25,8** | **23,1** | **22,1** | **21,3** |
| **Неформална економија** | апсолутен износ | 132993 | 128094 | 122644 | 112211 | 101777 | 100087 | 99751 |
| **Официјална плус неформална економија** | БДП + НЕ | 526256 | 535629 | 545893 | 547515 | 541790 | 552069 | 567784 |

Извор: Пресметки на авторите.

Во продолжение, на графикон 1.1. е прикажано движењето на стапката на пораст на БДП и учеството на неформалната економија во БДП за периодот од 2006 до 2019 година. Од трендот на движење на неформалната економија и стапките на раст на БДП може да се донесат неколку основни заклучоци. Прво, периодот од 2006 година до 2008 година се карактеризира со пад во неформалната економија и истиот, пред сè се должи на новодонесениот концепт на бруто плата и намалувањето на даночниот праг, кои имаат значајно влијание врз мотивацијата на неофицијалните активности да влезат во официјалните економски текови. Во рамките на овој период, степенот на неформалната економија во однос на БДП се намалил за околу 5 проценти поени. Второ, под влијание на светската економска криза во 2009 година, светот а и македонското стопанство не беа имуни на истата, со што доаѓа до одреден степен на пораст на неформалната економија. Ваквиот тренд на пораст трае до 2011 година каде што

неформалната екномија достигнува 37,8%. Трето, во периодот од 2012 година се забележува надолен тренд во степенот на неформална економија, со што неформалната економија во 2019 година се намалува за околу 16,5 проценти поени, односно изнесуа 21,3% од БДП.

*Графикон 1.1.Приказ на движењето на стапката на раст на БДП и учеството на неформалната економија во БДП за периодот 2006 – 2019 година (во %)*




Извор: Пресметки на авторите.

По примерот на Гарванлиева и др., под претпоставка дека неформалната економија и неформалната вработеност имаат подеднакво учество во економијата, може да се процени во еден сегмент неформалната вработеност, поточно бројот на лица кои се регистрирани како невработени, а всушност работат.[23] Со примена на процентуалниот соодноc на неформалната во официјалната економска активност (21,3%), резултатите во табела 1.3. покажуваат дека во 2019 година 35.457 лица биле регистрирани како невработени, а всушност биле ангажирани во форма на неформална вработеност. Овде потсетуваме дека е ова симплицифирана претпоставка и резултатите треба да се земат со резерва. Иако ова претставува процентена бројка со низа претпоставки сепак дава индикација дека голем е бројот на неформални работници кои се регистрирани како неврабитени и за кои е круцијално да се најде начин како да се внесат во формалниот систем.

*Табела 1.3. Проценка на неформалната вработеност на регистрираните невработени лица*

| Година | Невработени | Неформална економија % од БДП | Неформална вработеност |
|---|---|---|---|
| 2006 | 321.274 | 39,00 | 125.296 |
| 2007 | 316.905 | 36,37 | 115.262 |
| 2008 | 310.409 | 33,71 | 104.633 |
| 2009 | 298.873 | 35,84 | 107.127 |
| 2010 | 300.439 | 35,98 | 108.112 |
| 2011 | 294.963 | 37,77 | 111.416 |
| 2012 | 292.502 | 36,58 | 106.992 |

[23]Garvanlieva, V., Andonov, V. and Nikolov, M. (2012) Shadow Economy in Macedonia, Center for Economic Analyses, Skopje.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2013 | 277.219 | 33,82 | 93.749 |
| 2014 | 268.809 | 31,43 | 84.491 |
| 2015 | 248.933 | 28,98 | 72.133 |
| 2016 | 225.049 | 25,78 | 58.012 |
| 2017 | 213.564 | 23,13 | 49.399 |
| 2018 | 198.569 | 22,14 | 43.971 |
| 2019 | 166.363 | 21,31 | 35.457 |

Извор: Пресметки на авторите.

### 1.2.3 Проценка на неформалната економија со помош на методот на повеќе индикатори-повеќе причини- Multiple Indicators Multiple Causes (MIMIC)

Методот на повеќе индикатори – повеќе причини или MIMIC[24] (multiple indicators – multiple causes) ја проценува големината на неформалната економија преку анализа на врските помеѓу опсервираните мерливи причини и ефекти на неформалната економија. Тој претставува вид на модел на структурни равенки кој ја вклучува неформалната економија како латентна (скриена, немерлива) променлива. Во моделот таа е поврзана од една страна со сет на опсервирани егзогени променливи - детерминанти, а од друга страна со сет на неколку ендогени индикатори, т.е. ефекти, кои укажуваат на промените во нејзината големина.

Моделот можеме да го претставиме на следниот начин, каде што во првата равенка (структурен модел) неформалната економија се поврзува со сет на опсервирани причини, а во втората равенка (модел на мерење) со сет на оппсервирани индикатори:

$$IE = \gamma' x + \upsilon$$

$$y = \lambda IE + \varepsilon$$

Каде што *IE* ја претставува латентната неопсервирана променлива – неформалната економија, $x$ е вектор на опсервиварни егзогени детерминанти, $y$ е вектор на опсервирани индикатори на неформалната економија, $\lambda$ и $\gamma'$ се вектори на параметри, а $\upsilon$ и $\varepsilon$ се случајни грешки. Под претпоставка за нормална дистрибуција и отсуство на меѓусебна корелација помеѓу грешките, моделот може да се прикаже во редуцирана форма со комбинирање на двете равенки:

$$y = \pi x + \mu$$

Каде што $\pi=\lambda\gamma'$, $\mu=\lambda\upsilon+\varepsilon$и коваријационата матрица на моделот е $cov(\mu) = \lambda\lambda' \sigma_{\upsilon}^{2} + \Theta_{\varepsilon}$. БидејќиMIMIC моделот не може да ја утврди големината на сите параметри, потребен е услов за нормализирање и вообичаено еден од параметрите λ на ендогените индикатори се фиксира на вредност 1 или -1.

MIMIC моделот може да се прикаже преку следниот дијаграм.

[24] Повеќе за овој метод може да се види во Schneider, F., & Buehn, A. (2018). Shadow economy: Estimation methods, problems, results and open questions. *Open Economics*, *1*(1), 1-29.

Слика 1.1. Структура на MIMIC модел




Извор:Giles, M. and Tedds, D., 2002. *Taxes and the Canadian Underground Economy*. Toronto: Canadian Tax Association.

Како и сите други методи, така и овој метод подлежи на критики.[25] Неформалната економија се смета како латентна променлива, а всушност е реална променлива, иако е тешко да се измери. Исто како и претходниот метод, методот MIMIC подразбира поставување на базична вредност за неформалната економија како % од БДП, која е веќе пресметана во некои претходни истражувања. Оваа вредност служи како основа и потоа динамиката на пресметаниот индекс се користи за да се добие серија на проценети вредности на неформалната економија во текот на анализираниот период.

Најчесто употребувани детерминанти на неформалната економија се: даночните приходи, вклучително и приходите од придонеси, продуктивноста (БДП по работник), ефикасноста на државата/јавните расходи, социјалните трансфери, стапката на невработеност, БДП по глава жител, институционалниот капацитет (индекс на економска слобода; индекс на бизнис слобода; ефикасност на владата), надворешно-трговската размена како % од БДП, додадената вредност во земјоделството, стапката на невработеност, наемнините (платите) итн., додека како индикатори на неформалната економија се користат: стапката на економски раст, стапката на вработеност или на партиципација на работната сила, монетарниот агрегат М1 или М0 и др. Во продолжение се објаснети употребените променливи.

*Даночно оптоварување*. Се смета дека даноците директно и позитивно влијаат на неформалната економија. Зголемувањето на даночното оптоварување го намалува поттикот за ангажирање во рамки на формалната економија и придонесува за зголемување на учеството на неформалната во вкупната економска активност. Се очекува оваа промнелива да има позитивен коефициент. Даночното оптоварување во нашиот модел е претставено преку две променливи: даночни приходи и приходи од придонеси. Се очекува двете променливи да имаат позитивен коефициент.

*Социјални трансфери*. Социјалните трансфери влијаат на однесувањето на лицата, но не секогаш е лесно да се предвиди насоката на нивното дејствување. Од една страна, социјалните трансфери обезбедуваат доход за примателите и ја намалуваат нивната мотивација да бараат работа, а од друга страна, пак, доколку се пониски, ги мотивираат лицата да ја кријат својата заработувачка, бидејќи правото на социјални бенефиции зависи од доходот. Исто така,

[25]Критички осврт на методот има во Breusch, T. (2005b), Estimating the underground economy using MIMIC models, Working Paper. Available at: http://econwpa.wustl.edu/eps/em/papers/0507/0507003.pdf.

неефикасноста на социјалниот систем може да го намали даночниот морал и кај другите граѓани.

*Невработеност*. Ефектот на оваа променлива не е најјасен. Од една страна, зголемувањето на невработеноста би требало да ги охрабри отпуштените работници да се обидат да заработат на неформалните пазари. Генерално се очекува повисока стапка на неформална економија во земји со висока стапка на невработеност. Од друга страна, пак, зголемена стапка на невработеност може да сигнализира и влошена општа економска состојба во земјата, која се одразува и на формалниот и на неформалниот сектор.

*Монетарен агрегат М1*. Значаен дел од трансакциите во сивата економија се остваруваат во готово, па оттука парите во циркулација би требало да се добар индикатор за динамиката на неформалните трансакции. Во анализата го употребуваме монетарниот агрегат М1 (готови пари во оптек и депозитни пари). Во моделот оваа променлива е употребена како скала за нормализирање.

*Бруто домашен производ*. БДП се употребува како индикатор во MIMIC моделите за проценка на сивата економија. Таа на него може различно да се одрази. Во услови на влошена економска состојба, намалувањето на неформалната економија може да настане истовремено со намалување и на официјалната економија. Во услови на намалена агрегатна побарувачка, може подеднакво да се намали побарувачката и во формалниот и во неформланиот сектор. Но, исто така, во лоши економски услови, може поголем дел од луѓето да се принудени да прибегнат кон неформалната економија.

*Нето плати*. Нискиот расположлив доход обично води кон помала побарувачка на добра и услуги од неформалниот сектор. Но, во држави со намалена доверба во државата и традиција на неформално вработување во одредени економски сектори, тешко е да се оцени ефектот на зоглемување на платите.

*Трговска отвореност*. Отвореноста за надворешна трговија во литературата вообичаено се поврзува негативно со неформалната економија. Имено, трговијата е релативно транспарентна и потешко е да се сокрие од оданочување и сл., за разлика од домашните активности. Трговската отвореност е прикажана преку учеството на увозот и извозот во БДП.

*Земјоделство*. Учеството во земјоделството во вкупната економска активност се поврзува со повисоко ниво на неформална економија. Во нашата држава најголем дел од неформалните работници се ангажирани во овој сектор, па оттука е оправдана употребата на оваа променлива, изразена како учество на додадената вредност во земјоделството во вкупниот БДП, како детерминанта на неформалната економија.

Со оглед на кратките временски серии и расположливоста на податоците за Република Северна Македонија, за оцена на неформалната економија употребуваме квартални податоци за периодот 2006-2019 година. Дополнително, расположливоста на податоците влијаеше и на изборот на променливите.[26] Податоците за променливите се преземени од базите на податоци и извештаите на Државниот завод за статистика, Министерството за финансии и Народната банка на Република Северна Македонија. Во моделот номиналните променливи се

[26]Некои истражувања го вклучуваат и нституционалниот квалитет, најчесто искажан преку индексот на економска слобода, иефективноста на владата, контрола на корупцијата и сл. Кавлитетот и поставеноста на институциите во државата влијае на однесување на луѓето и на нивната доверба во владата. Сметаме дека ова е значајно за Северна Македонија, но поради недостиг на квартални податоци не е вклучен во моделот.

сведени на реална вредност со помош на CPI индексот. Со оглед на тоа што дел од променливите не беа стационарни, во моделот се вклучени нивните квартални стапки на раст. Оваа постапка е применета и во други истражувања кои се базираат на квартални податоци.[27] Со оваа трансформација се адресираат барањата за стационарност и мултиваријациона нормалност на сериите на податоци.

Во Анекс 1. се дадени резултатите од неколку оценети модели, кои ги задоволуваат основните тестови за валидност. Променливи детерминанти кои се покажаа статистички значајни во сите модели се даноците и придонесите, потоа учеството на земјоделството во економската активност, трговската отвореност, а во поголемиот дел од моделите и нето платите. Од друга страна, индексот на економска слобода и социјалните трансфери не покажаа значајно влијание врз неформалната економија. Интересно, невработеноста исто така не покажа статистички значаен ефект врз неформалната економија. Во поглед на индикаторите, растот на БДП е статистички значаен, додека стапката на активност не се покажа како значаен индикатор.

Врз основа на моделот кој ги содржи променливите кои се покажаа статистички значајни во најголемиот дел од оценетите модели, направена е проценка на неформалната економија во Република Северна Македонија. Табела 1.4. ги содржи резултатите од проценката на неформалната економија, изразена во реални вредности, а на графикон 1.2. е прикажан трендот на неформалната економија во периодот 2006-2019 година. Во пресметките, базичната вредност за неформалната економија (39,9% од БДП) е преземена од Келмансон и др.[28], најновата студија која содржи проценка на големината на неформалната економија во нашата земја.

*Табела 1.4. Проценка на големината на неформалната економија со помош на MIMIC методот*

| | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Неформална економија (мил. ден.)** | 126.895 | 129.482 | 136.968 | 132.449 | 132.021 | 131.925 | 135.488 |
| **БДП (мил. ден.)** | 324.292 | 345.285 | 364.179 | 362.873 | 375.061 | 383.837 | 382.086 |
| Неформална економија (% од БДП) | 39,13 | 37,50 | 37,61 | 36,50 | 35,20 | 34,37 | 35,46 |
| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| **Неформална економија (мил. ден.)** | 136.384 | 136.728 | 137.471 | 134.770 | 134.028 | 132.973 | 135.262 |
| **БДП (мил. ден.)** | 393.263 | 407.535 | 423.249 | 435.304 | 440.013 | 451.982 | 468.033 |
| Неформална економија (% од БДП) | 34,68 | 33,55 | 32,48 | 30,96 | 30,46 | 29,42 | 28,90 |

Извор: Пресметки на авторите.

[27]Подетално за постапката може да се видат Klarić, V. (2011). Estimating the size of non-observed economy in Croatia using the MIMIC approach. *Financial theory and practice*, 35(1), 59-90 и Franić, J. (2019). Undeclared economy in Croatia during the 2004–2017 period: Quarterly estimates using the MIMIC method. *Croatian Economic Survey*, 21(1), 5-46.
[28]Kelmanson, B., Kirabaeva, K., Medina, L., & Mircheva, B. (2019). Explaining the shadow economy in Europe: size, causes and policy options.

*Графикон 1.2. Неформалната економија во Република Северна Македонија (2006-2019)*




Извор: Пресметки на авторите.

**Резултатите покажуваат поволен тренд на намалување на учеството на неформалната економија во официјалниот БДП. Благо покачување на учеството на неформалната економија има во периодот на настапување на глобалната економска криза од 2008 година и во 2012 година, по што настапува период на намалување на учеството на неформалната економија, за да достигне ниво од 28,9% од БДП во 2019 година**. Како и во случај на резултатите од методот на потрошувачка на електрична енергија, и оваа проценка на големината на неформалната економија треба да се земе со доза на резерва, бидејќи нејзината вредност зависи од екстерната вредност во базната година која е земена како основа за проценките. Исто така треба да се напомене дека овој модел во принцип дава повисоки оценки за неформалната економија, бидејќи не се диференцира помеѓу неформална економија, активности во домот, помош од пријателите и од блиските и сл.[29] Во секој случај, се потврдува трендот на намалување на учеството на неформалната економија во вкупната економска активност, исто како и со примена на методот на потрошувачка на електрична енергија.

Под претпоставка дека неформалната економија и неформалната вработеност имаат подеднакво учество во економијата, може да се процени во еден сегмент неформалната вработеност, поточно бројот на лица кои се регистрирани како невработени, а всушност работат.[30] Со примена на процентуалниот сооднос на неформалната во официјалната економска активност (28,9%), резултатите во табела 1.5 покажуваат дека во 2019 година 48079 лица биле регистрирани како невработени, а всушност биле ангажирани во форма на неформална вработеност. Со оглед на повисоката проценета вредност на неформалната економија, во овој случај повторно добиваме повисок број и на неформални работници кои се евидентирани како невработени. Овде повторно потсетуваме дека е ова симплицифирана претпоставка и резултатите треба да се земат со резерва.

---

[29]Medina, L. and Schenider, F. (2016) Shadow Economies Around the World: What Did We Learn Over the Last 20 Years?. *IMF Working Paper* WP/18/17

[30]Garvanlieva, V., Andonov, V. and Nikolov, M. (2012) Shadow Economy in Macedonia, Center for Economic Analyses, Skopje.

*Табела 1.5. Проценка на неформалната вработеност на регистрираните невработени лица*

| Година | Неформална економија (% од БДП) | Број на невработени | Неформално вработени |
|---|---|---|---|
| **2006** | 39,9 | 321.274 | 128.188 |
| **2007** | 37,5 | 316.905 | 118.839 |
| **2008** | 37,6 | 310.409 | 116.714 |
| **2009** | 36,5 | 298.873 | 109.089 |
| **2010** | 35,2 | 300.439 | 105.755 |
| **2011** | 34,4 | 294.963 | 101.467 |
| **2012** | 35,5 | 292.502 | 103.838 |
| **2013** | 34,7 | 277.219 | 96.195 |
| **2014** | 33,5 | 268.809 | 90.051 |
| **2015** | 32,5 | 248.933 | 80.903 |
| **2016** | 31,0 | 225.049 | 69.765 |
| **2017** | 30,5 | 213.564 | 65.137 |
| **2018** | 29,4 | 198.569 | 58.379 |
| **2019** | 28,9 | 166.363 | 48.079 |

Извор: Пресметки на авторите.

Овде треба да напоменеме дека макроекономските модели во принцип продуцираат повисоки проценки за нивото на неформалната економија во однос на директните методи, како што е методот на анкета. Важно е  да се нагласи дека не постои идеален или водечки метод за проценка на големината и развојот на неформална економија. Сите методи имаат сериозни методолошки проблеми и слабости (секако тука влегува и методот на анкета). Така, Мерење на неформална економија врз основа на анкета има недостаток во поглед на можна нерепрезентативност на информациите, пристрасност за известување кај испитаниците и неконзистентност меѓу народно ниво.[31] Министерството за труд и социјална политика, повикувајќи се на истражувања на Светска банка и на Меѓународната организација на трудот, посочува дека главен проблем во истражувањата за неформалната економија преку анкетирање е што испитаниците (фирмите и/или граѓаните) даваат искрени одговори за неформалноста во нивната сфера на делување или живеење, сектор на делување или економијата, но не и за нивното сопствено делување.[32] Оттука, пристапот на мерење на неформална економија базиран на индиректни модели е важно дополнување на методот на анкета. Со оглед на тоа што индиректните методи, особено индицирано од некои автори за методите кои базираат на структурни равенки (како што е MIMIC методот), даваат повисоки проценки, може да се претпостави дека реалното ниво на неформалната економија се наоѓа помеѓу вредноста утврдена со методот на анкета и индиректните методи.[33]Иако имаат свои недостатоци, добиените резултати од двата модели индицираат тренд на намалување на неформалната економија, исто како што може да се заклучи при анализирање на резултатите со примена на метод на анкета од страна ДЗС.

[31]Kelmanson, B., Kirabaeva, K., Medina, L., & Mircheva, B. (2019). Explaining the shadow economy in Europe: size, causes and policy options.
[32] Министерство за труд и социјална политика (2018) Стратегија за формализирање на неформалната економија 2018-2022, стр. 9.
[33]Medina, L. and Schenider, F. (2016) Shadow Economies Around the World: What Did We Learn Over the Last 20 Years?. *IMF Working Paper* WP/18/17. Тие ги прилагодуваат/корегираат резултатите добиени со MIMC методот преку одземање на: вредноста на легално набавениот материјал и суровини за потребите на неформаланата економија или за активностите кои лицата сами или со помош на семејството или пријатели ги вршат; илегалните активности, како шверцот; за активностите што лицата сами или со помош на семејството или пријатели ги вршат.

## 1.3.Трендови, состојба и структурана работниците кои се дел од неформалната економија во Република Северна Македонија

### 1.3.1. Структура на работниците кои се дел од неформалната економија

На графикон 1.3. и табела 1.6 е прикажана неформалната вработеност според пол и возраст за период 2014 – 2019 година. **Согласно најновите податоци прибрани од Државниот завод за статистика (ДЗС), во 2019 година во категоријата неформално вработени спаѓаат 128.026 лица, од нив 67% се мажи, 33% се жени**. Во однос на 2018 година, неформалната вработеност бележи пад од 9%. Понатаму од родов аспект, евидентно е дека неформалната вработеност кај мажите е скоро двапати поголема од неформалната вработеност кај жените.

*Графикон 1.3. Неформално вработени, вкупно и според пол (2014-2019)*




Извор: Државен завод за статистика

Со оглед на тоа дека неформалната вработеност е во тесна меѓузависност со обликот на вработувањето, односно во поголем степен е застапена кај привремено вработените лица, лицата кои работат со скратено работно време и останатите нестандардни облици на вработување сосема е оправдано да се каже дека неформалната вработеност треба да биде повисока кај младите лица. Доколку се земе предвид фактот дека 77% од вработените млади лица Меѓународната организација на трудот ги категоризира како неформално вработени лица во 2019 година, учество коешто во земјите во развој достигнува и до 95%, сосема е оправдано да се анализираат КОВИД-19 ефектите врз оваа категорија на млади лица.[34]Во рамките на извештајот на МОТ за 2017 година,[35] добиените податоци индицираат на фактот дека во руралните средини 40% од младите лица работат во рамки на неформалната

[34]ILO (2020) *Global Employment Trends for Youth 2020: Technology and the future of jobs.*The higher incidence of informality among young workers compared to their adult counterparts partly reflects the large proportion of youth engaged in own-account work and contributing family work, both of which are associated with limited income stability and social security coverage. Although adults are more frequently engaged in own-account work than young people, unpaid family labour is more prevalent among younger than older workers in all subregions.
[35]ILO (2017) *Global Employment Trends for Youth 2017: Paths to a better working future.*

економија, односно немаат склучено договор со работодавачот. Мојсоска-Блажевски[36]у тврдила дека во РСМ, речиси половина (48,1%) од младите во 2014 година работеле неформално, при што неформалноста е повисока во руралните во споредба со урбаните средини. Дополнително, 77,6% од неформално вработените млади лица неформално работеле во формалниот сектор, додека 22,4% биле неформално вработени во неформални бизниси (нерегистрирани компании, микро-компании) или, пак, работеле како неплатени семејни работници. Во табела 1.6 е презентирана структурата на неформалната вработеност по пол и возраст за 2018 и 2019 година во Република Северна Македонија. Од табелата може да се констатира дека **во 2019 година по возрасни категории, најмногу неформални работници се на возраст од 35 до 44 години - 23%, потоа следуваат работниците на возраст од 25 до 34 години - 22% и лицата на возраст од 45 до 54 години - 22%. Кај мажите, може да се заклучи дека најмногу неформални работници се рамките на 25-34 годишна возраст, додека кај жените во рамките на 35-44 и 45-54 годишна возраст (25%).**

*Табела 1.6. Неформална вработеност според пол и возраст (2018-2019)*

| Возраст | 2018 | | | 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| 15-24 | 9 | 11 | 7 | 10 | 11 | 7 |
| 25-34 | 21 | 23 | 17 | 22 | 26 | 15 |
| 35-44 | 23 | 22 | 23 | 23 | 22 | 25 |
| 45-54 | 23 | 21 | 27 | 22 | 20 | 25 |
| 55-64 | 18 | 17 | 20 | 18 | 17 | 22 |
| 65 + | 6 | 6 | 7 | 5 | 4 | 6 |

Извор: Државен завод за статистика

Како продолжение на претходните констатации, во табела 1.7. се презентирани податоците за вработеноста категоризирана како неплатен семеен работник, по пол и област за период 2017-2019 година. Од табелата воочливо е дека **во руралните средини има неколку пати поголем број на неплатени семејни работници во однос на урбаните подрачја. Имено во руралните средини оваа категорија на вработеност е далеку поголема во однос на урбаните средини. Во 2019 година во рамките на руралните средини во оваа категорија вработени се 37.206 лица (13.662 мажи и 23.544 жени), додека во урбаните средини во категоријата неплатен семеен работник влегуваат 5.077 лица (2.500 мажи и 2.578 жени).** Од табелата може да се констатира дека во рамките на урбаните области, вработеноста категоризирана како неплатен семеен работник во просек бележи пораст, додека во рамките на руралните средини овој вид на вработеност бележи опаѓање. Во рамките на урбаните области, во 2017 и 2018 година постои одреден јаз помеѓу мажите и жените, односно во овие две години вработеноста категоризирана како неплатен семеен работник кај жените е скоро за половина поголема во однос на мажите. Во 2019 година доаѓа до пораст на оваа категорија на вработеност кај мажите, односно доаѓа до изедначување на мажите и жените во урбаните средини кои се категоризирани како неплатен семеен работник. Во руралните средини, сепак жените сеуште се повеќе изложени во неформалната вработеност во споредба со мажите. Оттука, може да се констатира дека последиците

[36] Мојсоска-Блажевски (2016) *Премин на младите жени и мажи на пазарот на трудот во Република Македонија: резултати од анкетата за преминување од училиште кон работа од 2014 година*. Женева: International Labour Office. Достапно на: http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/-ed_emp/documents/publication/wcms_524997.pdf

предизвикани од КОВИД-19 пандемијата најверојатно ќе имаат поголемо влијание на оваа категорија на работници. Тука се смета за корисно да се напомене дека во наредниот период може да дојде до дополнително маргинализирање и исфрлање од пазарот на труд на жените во руралните средини. Ваквите ефекти ќе резултираат со дополнително намалување или целосно губење на доходот и зголемени стапки на сиромаштија, особено во семејствата каде што улогата "глава на семејството" им припаѓа на жените, самохраните мајки и сл.

*Табела 1.7. Вработеност категоризирана како неплатен семеен работник по пол и област (2017-2019 година)*

| Област | Пол | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|
| Урбана област | **вкупно** | 4.609 | 4.282 | 5.077 |
| | **мажи** | 1.548 | 1.640 | 2.500 |
| | **жени** | 3.060 | 2.642 | 2.578 |
| Рурална област | **вкупно** | 42.362 | 41.812 | 37.206 |
| | **мажи** | 13.669 | 14.260 | 13.662 |
| | **жени** | 28.693 | 27.1552 | 23.544 |

Извор: Државен завод за статистика

Со оглед на фактот што најчесто дел од ниско – платените работници функционираат во рамките на неформалните економски активности во табела 1.8 е прикажано учеството на вработените во вкупната вработеност по одделни категории на нето-плати за период 2017 – 2019 година. Од табелата може да се види дека во **2019 година од вкупно вработените лица 3,8% примаат нето - плата од 5.000 до 10.000 денари, 6,4% од вработените имаат нето плата од 10.001 до 12.000 денари додека 28,7% од вработените лица примаат месечна нето плата од 12.001 до 16.000 денари. Со оглед на фактот што почнувајќи од септември 2017 година се воспостави унифициран систем на минимална плата во месечен нето - износ од 12.000 денари, секој износ исплатен под оваа сума се смета за незаконски.**

*Табела 1.8. Вработени според нето-плата по пол (2017 – 2019)*

| Година | Пол | 5.000 - 10.000 | 10.001 - 12.000 | 12.001-16.000 |
|---|---|---|---|---|
| **2017** | **Вкупно** | 7.2 | 14.4 | 22.8 |
| | **Мажи** | 7.6 | 13 | 23.2 |
| | **Жени** | 6.4 | 16.5 | 22.3 |
| **2018** | **Вкупно** | 4.9 | 10.6 | 27 |
| | **Мажи** | 5.9 | 9.5 | 25.3 |
| | **Жени** | 3.3 | 12.4 | 29.7 |
| **2019** | **Вкупно** | 3.8 | 6.4 | 28.7 |
| | **Мажи** | 4.3 | 5.5 | 25.5 |
| | **Жени** | 3.1 | 7.6 | 33.5 |

Извор: Државен завод за статистика.

# 2. ЕФЕКТИ ОД ПАНДЕМИЈАТА НА КОВИД-19 ВРЗ НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

## 2.1. Социо-економски ефекти од пандемијата на КОВИД-19 во глобални рамки

Пандемијата на Ковид-19 и посебно рестриктивните мерки преземени за спречување на нејзиното ширење го разнишаа, го срушија пазарот на труд. Дојде до значителни промени во начинот на работа, се зголеми невработеноста, особено на неформалните работници. МОТ проценува зголемување на невработените во светски рамки, кои бројат 188 милиони во 2019, од 5,3 милиони (ниско сценарио) и 24,7 милиони (високо сценарио), поради тековната криза. Во земјите во развој повеќе фактори го засилуваат ефектот на економскиот пад поради пандемијата: поограничени можности за работа од дома (ова особено е карактеристично и за неформалните работници), поголем импакт на кризата врз неформалните работници, поограничена улога од вработување во јавниот сектор, како и ограничени ресурси за имплементација на мерките за одговор на Ковид-19.

**МОТ проценува дека е огромна загубата на работни часови. Во шестото издание на нивниот Монитор[37] тие објавија дека проценетата вкупна загуба на работни часови во вториот квартал од 2020 (во споредба до четвртиот квартал од 2019 година) изнесува 17,3% или 495 милиони работни места со полно работно време (12,1% за третиот квартал).** Притоа, најпогодени се земјите со пониско средно ниво на доход, каде оваа загуба е проценета на 23,3% или 240 милиони работни места. **Оваа загуба на работни места, тие нагласуваат „се рефлектира во повисоко ниво на невработеност и неактивност, при што неактивноста расте повеќе отколку невработеноста“.**[38] Зголемената неактивност на населението е важна карактеристика на тековната криза на работни места и има важни импликации за политиката. **Искуството од претходни кризи покажало дека потешко е повторно да се активираат неактивни лица на пазарот на труд отколку да се вработат невработените. Оттука следува дека зголемената неактивност ќе го отежни опоравувањето од кризата на пазарот на труд.** Исто така, младите и старите лица се особено погодени од кризата, бидејќи се посклони кон неактивност. Секако последица од ваквиот пад на работните часови се рефлектира и во загуба на доходот од труд. Според проценките, загубите во доходот од труд изнесува 10,7% во глобални рамки за првите три квартали од 2020 година (во споредба со соодветните квартали од 2019 година), т.е. 3,5 трилиони долари или 5,5% од светскиот БДП за првите три квартали од 2020 година.

Меѓу најпогодените од кризата се неформалните работници. МОТ упатува на значителни разлики помеѓу работниците кои се кријат зад агрегатните бројки за загуби на доходот. Формалните работници поверојатно е да бидат корисници на социјални надоместоци или други мерки на јавниот сектор кои можат да го ублажат ударот од кризата врз нивниот расположлив доход. За разлика од нив, **60-те проценти од работниците во светски рамки кои се неформални и незаштитени со шеми на социјална заштита се особено подложни на пад во доходот и сиромаштија во текот на Ковид-19 кризата.** Пандемијата брзо ја откри ранливоста на работниците во неформалниот сектор кои ниту се видливи во програмите за социјална заштита, ниту се заштитени со формално вработување, иако сочинуваат поголем дел од работниците во економијата. Тоа е значителен јаз во системот на социјална заштита. **Тие практично немаат никаква основна заштита, вклучително и социјална заштита, имаат слаб пристап до здравствени услуги, и немаат алтернативен извор на приходи во**

[37]ILO. Monitor: COVID-19 and the world of work. Sixth edition. September 2020.
[38]ILO. Monitor: COVID-19 and the world of work. Sixth edition. September 2020, p.1.

**случај на болест или затварање на работата. Според МОТ[39], во 2020 година околу 2 милијарди луѓе работеле во неформалната економија.** Најголем процент на неформални работници има во Субсахарска Африка и Јужна Азија, каде 9 од 10 работници се ангажирани во неформалниот сектор. Притоа, помошта може да не допре до неформалните работници поради неколку причини (CGAP, 2020):[40]

- Правилата за квалификуваност може да ги исклучи од програмите за помош на доходот;
- Владите и агенциите за помош може да се соочат со потешкотии во нивно идентификување;
- Потешкотиите во давање помош може да ограничи кој има пристап до мерки за поддршка;
- Нееднаквата имплементација на мерки за намалување на долгот често ги исклучуваaат неформалните работници;
- Носителите на политиките може да не ги промовираат достапните видови на помош.

**Здравствени ризици**

Поголемиот дел од работниците во неформалната економија се релативно поизложени на професионални здравствени, безбедносни, па и социјални и социолошки ризици (види ILO, мај 2020; Wiego, 2020)[41]:

- Немаат соодветна заштитна опрема или пак станици за миење раце (немаат пристап до чиста вода и сапун);
- Тешко е да се практикува физичко дистанцирање во случај на улични продавачи, домашни работници, како и во пренаселените урбани населби и неформални живеалишта;
- Неформалните работници имаат ограничен пристап до информации за вирусот и неговото ширење;
- Малите дневни доходи оневозможуваат неформалните работници да складираат повеќе намирници пред затворањето / карантинот;
- Тие се соочуваат со предизвици поврзани со менталното здравје поради неизвесноста за здравјето и доходот и недостигот на доходот;
- Регистрирана е зголемена опасност од домашно насилство врз жените неформални работнички;
- Отежнато е работењето на неформалните работнички поради затворањето на градинките и училиштата и неопходноста од водење грижа за своите деца.

Воведувањето на полициски часови, затворање и карантин ја влоши нивната егзистенцијална ситуација. **Така, во отсуство на вонредни мерки за нивна поддршка и без пристап до здравствен третман и отсуство поради болест, многу учесници во неформалната економија мораат да се изложуваат себеси и своите семејства на ризик од Ковид-19, бидејќи мора да се прехранат себеси и своите семејства, а немаат заштеда на која би можеле да се потпрат. Голем дел од нив всушност се соочува со дилемата „да се умре од глад или од вирусот“.**[42] Ризикот од сиромаштија значително се зголеми кај овие граѓани.

---

[39]ILO. Monitor: COVID-19 and the world of work. Third edition. April 2020.
[40]CGAP. Relief for Informal Workers: Falling through the Cracks in the COVID-19 Crisis. Covid-19 Briefing: Insights for Inclusive Finance.August 2020.
[41]ILO Brief. COVID-19 crisis and the informal economy: Immediate responses and policy challenges. May 2020; WIEGO (2020). Informal workers in the COVID-19 crisis. WIEGO (2020) спровеле истражување во периодот март-април 2020 во Африка, Азија и Латинска Америка со цел брза проценка на ефектите од Ковид и применетите мерки врз неформалните работници.
[42]ILO Brief. COVID-19 crisis and the informal economy: Immediate responses and policy challenges. May 2020, p.1.

Сето ова придонесува поголем дел од неформалните работници да имаат поголема веројатност да се разболат. Дополнително, доколку се разболат, повеќето работници, особено мигрантите, немаат гарантиран пристап до медицинска нега и немаат безбедност на доходот преку бенефиции за болест и повреди. Така, еден дел нема да успеат да добијат медицинска нега, со што вирусот уште повеќе ќе се шири. Оние што ќе се лекуваат, може да бидат подложени на големи трошоци за кои ќе треба да се задолжат и тоа понатаму ќе ги доведе до сиромаштија. Многу од нив немаат дигитални банкарски сметки ниту пристап до мобилен трансфер на пари, па огрничувањата на движењето го отежнуваат подигнувањето на евентуалната поддршка на доходот од страна на државата.

**Неформалните претпријатија немаат доволно информации, средства и поддршка за да ги заштитат своите работници и клиенти. Сопствениците на микро и мали претпријатија, вклучително и работници за своја сметка, често се без социјална заштита и во многу случаи не ги опфаќаат ниту политиките за поддршка на претпријатијата и работниците во формалната економија ниту поддршката наменета за сиромашните.** Така, во поглед на неформалните претпријатија се појави опасност од:[43]

- Промптна загуба на приходи – поради немање заштеда, често мора да се затворат привремено или трајно, што води до загуба на работни места и пораст на сиромаштијата.
- Експанзија на неформалната економија по финансискиот колапс и трајното затворање на многу микро и мали претпријатија, што ќе доведе до голем пораст на невработеноста и подвработеноста – во отсуство на замена на доходот, особено во земјите со среден и низок доход каде опфатот и покриеноста на социјалната заштита се мали, многу луѓе ќе се насоочат кон работа во неформална економија.
- Нееднаквиот импакт на кризата врз различните сектори може да предизвика структурни промени во економијата – поместување на неформалните работници кон секторите кои се помалку погодени.

**Најзастапените сектори во неформалната економија се често оние кои се директно погодени од кризата и рестриктивните мерки – трговскиот сектор (опфаќа една четвртина од неформалната неземјоделска вработеност глобално, но една третина во земјите во развој со мнозинство улични продавачи и други трговци без фиксна локација), производство, сместувачки и прехранбени услуги, градежништво, занаетчиство, транспорт и поврзани активности (пр. механичари), лични услуги како кетеринг, салони за коса и убавина и др., забава и рекреација, уметност, домашна работа и сл.**[44]Согласно дејноста, **неформалните работници најчесто работат на работни места кои не можат да се работат од дома, што оневозможува нивен премин кон побезбедно вршење на работните обврски**. Речиси 95% од погодените неформални работници неформални работници работат за своја сметка или во мали фирми од помалку од 10 работници, кои се и почувствителни на шокови. Во Г-20 на пример, работниците, вклучително и сопствениците на микробизниси со помалку од 10 вработени сочинуваат речиси 70% од вкупната неформална вработеност. Карантинските мерки можат исто така силно да ги погодат неформалните работници од земјоделскиот сектор, кој опфаќа околу 40% од светската неформална вработеност (повеќе од две третини во земјите во развој), со околу 500 милиони земјоделци/фармери од рурални области кои произведуваат за урбаните пазари и кои не можат да ги продадат своите производи. FAO[45]наведува дека во руралните места особено е тешко, бидејќи затворањата и рестрикциите ги прекинаа ланците на снабдување на пазарите на храна. Намалената активност ја намалува и побарувачката за земјоделски труд.

[43]ILO Brief. COVID-19 crisis and the informal economy: Immediate responses and policy challenges. May 2020.
[44]Види*ILO and the world of work*, May 2020, p. 6.
[45]FAO. Impact of COVID-19 on informal workers. 7 April 2020.

Одредени групи на луѓе, како жените, децата или други маргинализирани групи, кои се позастапени во неформалната економија, ќе станат поранливи. Притоа, жените се позастапени (42% од жените работат во високо ризичните сектори, а 32% од мажите). Жените домашни работнички се доста ранливи на рестриктивните мерки. **Според проценките на МОТ, во јуни, 55 милиони (од кои 37 мил. се жени) или 72,3% од домашните работници во светот биле под значаен ризик од загуба на работните места и доходи поради затворањето на економиите и недостигот од соодветна социјална заштита.**

**Во Европа и Централна Азија жените сочинуваат 86% од загрозените домашни работници**. Домашните работници често се и мигранти, што ја зголемува нивната ранливост поради генералниот недостиг на социјална заштита во земјите каде што отишле и бидејќи не можат да се вратат во своите домицилни држави. Оттука, организации на домашни работници повикуваат нивните членови да бидат препознаени во пакетите за работници што даваат нега/грижа на одредени лица, бидејќи се грижат за болни или стари лица.

**МОТ проценува дека речиси 1,6 милијарди неформални работници (околу 76% од вкупниот број на неформални работници или околу 47% од вкупниот број на вработени) се значајно погодени од кризата(графикони 2.1. и 2.2.), што ќе доведе до намалување на нивните приходи од 60% (графикон 2.3.).** За регионот Европа и Централна Азија се проценува дека околу 64% од неформалните работници ќе бидат сериозно погодени од кризата, а нивните заработки ќе се намалат за 69%. Според проценките на МОТ, најмалку погоден регион ќе биде Азија и Пацифик, додека во поглед на ниво на развој, земјите со високо-средно ниво на доход имаат најмал пад на доход на неформалните работници (27,8%).

*Графикон 2.1. Неформални работници значително погодени од рестриктивните мерки (карантин и физичка дистанца)*




Извор: ILO (мај, 2020)

*Графикон 2.2. Колкав дел од вработените лица се неформални работници силно погодени од Ковид-19 кризата?*




Извор: ILO Monitor: COVID-19 and the world of work, third edition.

Истовремено, **ќе се продлабочи нерамномерноста во распределбата на доходот.** Доколку немаат алтернативен извор на приходи, голем број неформални работници ќе се најдат на долниот крај од спектарот на заработки. Кон ова придонесува и фактот што тие не се вклучени во системите на социјална заштита, па оттука **ваквата ситуација ќе придонесе до пораст на стапката на релативна сиромаштија на неформалните работници и нивните семејства**. За најголем дел од нив, губењето на работата претставува загуба на единствениот извор на приходи и доколку нема мерки за помош од страна на државата, ним им се закaнува екстремна сиромаштија. **Загубата на заработувачката може да ја зголеми релативната сиромаштија на неформалните работници и нивните семејства за 34 процентни поени во глобални рамки (46% во Европа и Централна Азија).**

*Графикон 2.3. Медијален месечен доход на неформалните работници (2016 $PPP)*




Извор: ILO Monitor: COVID-19 and the world of work, third edition

*Графикон 2.4. Релативна сиромаштија на неформалните работници (%)*




Забелешка: Релативната сиромаштија е пресметана при праг на сиромаштија од 50% од медијалниот доход на населението, Извор: ILO Monitor: COVID-19 and the world of work, third edition.

Во отсуство на алтернативен извор на приходи и без финансиска поддршка од државата, доколку продолжат да работат, неформалните работници често тоа го прават во влошени услови и со зголемен здравствен ризик, а семејствата може да потегнат по други стратегии како продавање на средства, земање заеми од неформални позајмувачи или користење на детскиот труд. МОТ препорачува, со оглед на ранливоста на малите претпријатија и неформалните работници, да се истражуваат опции за мерки за финансирање кои ги поддржуваат во овие тешки времиња. **Неформалните работници се доста значајни во синџирите на снабдување, особено со храна. Тие играат суштинска улога во обезбедувањето храна во многу земји, и како извор на храна и како место каде малите фармери ги продаваат нивните производи. Така, нивното затворање ќе предизвика зголемување на несигурноста на храна и сиромаштија. Исто така, занаетчиските претпријатија играт значајна улога во стручните обуки, па така за многу млади луѓе тие се единствен начин да се стекнат со практични вештини за работа. Организацијата за храна и земјоделство на ОН (FAO) препорачува проширување на опфатот на социјалната заштита кон неформалните работници од земјоделскиот и руралниот сектор, вклучувајќи времени парични трансфери, дистрибуција на храна итн. Исто така да се засилат пазарните врски со локалните производители, со истовремено промовирање на пристојна работа.**[46]

## 2.2. Социо-економски ефекти од КОВИД-19 во Република Северна Македонија

Република Северна Македонија ја пречека пандемијата на Ковид-19 во релативно позитивен амбиент. Стапката на невработеност и стапката на сиромаштија забележува постојан пад во последните години, од 30,1% на 17,3% и од 27 на 21,9%, респективно, за периодот 2010-2019

[46]FAO. Impact of COVID-19 on informal workers. 7 April 2020.

година. Државата исто така имаше позитивни очекувања за остварување на солиден економски раст. Во преткризните години Северна Македонија остваруваше позитивни, иако не многу високи, стапки на економски раст (2,9% реални годишни стапки на раст на БДП во периодот 2013-2019 година), со пораст на остварената додадена вредност особено во преработувачката индустрија и во трговијата.

Но, шокот во март 2020 година го прекина тој тренд. Здравствената криза наметна потреба од брза реакција на властите во насока на избегнување на нејзиното рапидно ширење. Мерките неопходни за заштита на здравјето на населението, кои опфаќаа ограничување на движењето, воведување на неколкудневни карантини, привремено затварање на голем дел од економските субјекти, зададе огромен удар врз економијата и општеството во целина. Така **кризата предизвика пад на економската активност, пад на приватната побарувачка, инвестициите и на меѓународната трговија, раст на невработеноста и на сиромаштијата, последици по психолошкото здравје на населението. Во првиот квартал од 2020 година реалниот економски раст изнесуваше само 0,2%, а во вториот квартал имаше голем пад на економската активност (-12,7% во однос на истиот квартал претходната година).**

Индустријата и секторот на трговија, транспорт и угостителство, како што впрочем беше случај и во сите држави, доживеаја најголем пад на активноста во вториот квартал од 2020 година (-25,2% и -23,4%, респективно). Впрочем секторот на трговија, транспорт и угостителство, како и сегментите на индустријата што се трудо-интензивни се меѓу најпогодените сектори на светско ниво. Ограничувањата на движењето, воведениот карантин, затворањето на границите предизвикаа пад на сите компоненти на БДП: во вториот квартал од 2020 година личната потрошувачка на домаќинствата се намали за 11,6%, бруто-инвестициите за 25,6%, а под голем удар се најде и надворешно-трговската размена (извозот се намали за 31,3%, а увозот за 29,6%). Единствено јавната потрошувачка доживеа пораст од 1,5% на годишно ниво.

*Графикон 2.5. Бруто-додадена вредност по дејности (мил. денари)*




Извор: Државен завод за статистика

*Графикон 2.6. Реални стапки на раст на БДП, по дејности*




Извор: Државен завод за статистика.

**Наместо очекуваниот раст на БДП од 3,4%, последните проекции на ММФ предвидуваат негативно движење на економската активност од -5,4%.** Исто така тие проектираат и пораст на стапката на невработеност од 17,3% во 2019 година на 20,2% во 2020 година. Пандемијата ќе ја зголеми и стапката на сиромаштија, која и претходно беше на високо ниво (21,9% или речиси половина милиион граѓани во 2019 година), што значи дека една петтина од жителите на Република Северна Македонија се сиромашни. Дополнителен проблем е очекуваното значително намалување на личните дознаки од странство кои емигрантите ги испраќаат на своите семејства дома.

Првичниот одговор на работодавачите на намалената активност беше скратување на работното време, наложување да се искористи годишниот одмор и сл., со цел да се задржат работните места. Сепак, **иако во првиот квартал сè уште продолжи позитивниот тренд на намалување на стапката на невработеност и таа достигна 16,2%, во вториот квартал се зголеми на 16,7%. Треба да се напомене дека во истиот квартал забележано е намалување на стапката на вработеност и на стапката на активност на населението од околу 1 процентен поен. Ова оди во прилог на досегашните анализи во литературата дека кризата поголемо влијание на пазарот на труд има врз намалувањето на активноста на населението**. Така на пример, дел од мајките на мали деца кои немаа алтернатива за чување на децата по затворање на градинките и училиштата се повлекоа од работа или од активно барање работа. Овие негативни резултати настанаа и покрај напорите на владата да помогне во поддршка на бизнисите за одржување на работните места. Во април Агенцијата за вработување регистрирала нови 7.030 невработени лица, а 3.380 барања за надоместок за невработеност. МОТ и ЕБОР[47] малиот број го лоцираат во ограничената покриеност со надоместоци за невработеност и злоупотребата на прекин на договори за вработување со заемна спогодба од страна на компаниите, со ветување за повторно вработување на работниците. На тој начин работниците ги губат и нивните работни места и можноста за надомест во случај на невработеност. Ако се анализира состојбата од март 2020 до крајот на декември 2020, може да се заклучи дека согласно податоците од агенцијата за вработување, од почетокот на пандемијата до крајот на 2020 година евидентирани се дополнителни 48.700 невработени. Додека, од почетокот на 2021 година до 28.2.2021

[47]ILO. Covid-19 and the World of Work NORTH MACEDONIA. Rapid Assessment of the Employment Impacts and Policy Responses. International Labour Organization 2020.

дополнителни 3.176 луѓе се пријавиле како невработени. Подетално, со состојба на 28.2.2021 година, за 18.226 невработени лица, одјавата од задолжително социјално осигурување е регистрирана во периодот по 11.3.2020 година, односно во периодот на кризата предизвикана од COVID-19 вирусот.

Сето ова предизвикува и **фискални ефекти**: **силен пад на јавните приходи при истовремена потреба од зајакнат фискален одговор на предизвиците од кризата што наметнува значителен износ на јавни расходи. Тоа доведе до влошување на фискалната состојба (ММФ проектира буџетскиот дефицит да надмине -7% од БДП во 2020 година) и до раст на јавниот долг, кој веќе во вториот квартал на 2020 година го надмина прагот од 60% од БДП и на крајот на третиот кврτал изнесува 60,7% од БДП, додека државниот долг изнесува 51,5% од БДП.**[48]

## 2.3. Социо-економски ефекти од КОВИД-19 врз работниците во неформалната економија во Република Северна Македонија

Овој дел дава преглед на импактот на кризата врз неформалните работници во Република Северна Македонија. Оценувањето на влијанието на кризата врз оваа група на лица базира првенствено на примена на квалитативен метод. Целта е да се отслика разноликоста на ситуациите и гледиштата од различни сектори и учесници, во отсуство на можност за анализа на репрезентативен примерок на претпријатија или работници, за кои нема јавно достапен податок. Анализата базира на секундарни податоци, со цел да се идентификуваат секторите во неформалната економија кои се најпогодени од Ковид-19 кризата. Во посебен дел е направена оценка на индивидуално ниво, која базира на интервјуа спроведени на неформални работници во општина Прилеп, а која дава попродлабочен пристап до импликациите врз начинот на работа, падот на доходот и промените во квалитетот на живот на оваа група граѓани.

Како што погоре беше кажано, **најголем удар од пандемијата на Ковид-19 и од преземените рестриктивни мерки доживуваат работниците ангажирани во рамки на неформалната економија.** Во Извештајот за Западен Балкан[49], Светската банка заклучува дека самовработените, неформалните работниции оние со привремени договори, како и луѓето во рамки на т.н. “gig” економија се особено загрозени и поверојатно е, во споредба со формалните вработени, да загубат работа или да работат помалку часови. За да ги заштитат работниците кои не можат да работат од дома, државите често ги ограничија деловните активности на „основни“ услуги или воведоа опфатни стандарди за заштита и здрајве при работа. Беа воведени построги санитарни препораки, поставување паравани, носење маски, дезинфекција на раце, ограничување на бројот на лица во една просторија и сл.

Сите овие мерки е потешко да се спроведат во неформалната економија каде работните активности вообичаено се изведуваат во преполни места, како јавни места, со ограничен пристап до чешми и заштитна опрема. Затоа е важно да се земат предвид при дизајнирање на политиките овие ограничувања.

[48]https://www.finance.gov.mk/files/bdp_mk_s.png
[49] Светска банка. Економско и социјално влијание од КОВИД -19: Изгледи за Западен Балкан. Редовен економски извештај за Западен Балкан бр. 17. Пролет 2020.

**Со оглед на високата застапеност на неформалниот сектор во Северна Македонија, значителен број на лица се под ризик од загуба на единствениот извор на приходи, што би ја загрозило нивната и егзистенцијата на нивните семејства**. Поради тоа, тие неретко се одлучуваат да ризикуваат и да ја вршат својата активност без соодветна заштита и без соодветни услови, на тој начин загрозувајќи го своето здравје, здравјето на своите блиски, па и пошироко јавното здравје.

Исто така, треба да се напомене дека **значителен е бројот на луѓе од Северна Македонија што работат сезонски во странство и рестриктивните мерки воведени во тие држави практично ги оставија тие луѓе без планираните доходи. Така, проценето е дека околу 40.000 сезонски работници од Северна Македонија се ангажирани во земјоделскиот сектор во Италија, а многу други работат и во Грција, Хрватска, Црна Гора и други земји во градежниот и туристичкиот сектор.**[50]

**Според Државниот завод за статистика, во 2019 година во Северна Македонија 128.026 лица се неформално вработени. Според анализата на МОТ,**[51] **тие се најчесто вработени во најпогодените сектори во економијата** (графикон 2.7.), а **најголем број неформални работници има во земјоделството – 52% од вкупниот број неформални работници во земјата (во земјоделството над 50% од работниците функционираат на неформална основа)**. Тука спаѓаат голем број на ситни земјоделци и нивните семејства, вклучително неплатените семејни работници, потоа работниците што се ангажираат сезонски и без постојан договор за анагажирање.

Од неземјоделските дејности, најголем број неформални работници се ангажирани во **градежништвото – 16% (каде околу 32% од вработените во секторот се неформални работници)**и **трговијата на големо и мало– 8,3% (каде учеството на неформалната вработеност во вкупната вработеност е 8%).**

Според учеството на неформалната во вкупната вработеност во поединечните сектори, **најизложени сектори на неформална вработеност** (каде над 10% од работниците се неформални работници)се: **земјоделство (54%), градежништво (32%), други услужни дејности (18%), административна поддршка (14%)** и **сместување и храна (11%).**[52]**Овие работници не се опфатени со мерките кои ги воведе владата за поддршка на компаниите за исплата на плати или придонеси за вработените и се под голем ризик од загуба на работното место и својот извор на доход**.

Неформалните работници во голема мера се помалку квалификувани, што секако ги прави помалку конкурентни на пазарот на труд и ги намалува нивните шанси да најдат нов ангажман (особено во екот на пандемијата). Ова ќе влијае врз продлабочување на сиромаштијата кај овие лица и воопшто на ниво на државата. Голем дел од неформалните работници и пред кризата се соочуваа со ризик од сиромаштија, а моменталната ситуација само ја влошува нивната и така фрагилна ситуација.

---

[50]ILO. Covid-19 and the World of Work NORTH MACEDONIA. Rapid Assessment of the Employment Impacts and Policy Responses. International Labour Organization 2020.

[51]Overview of the informal economy in North Macedonia.

[52]Во рамки на десетте најизложени сектори на неформална вработеност се вбројуваат и: транспорт (9%), водоснабдување (9%), уметност и рекреација (8%), трговија (8%) и недвижнини (3%). ILO,

*Графикон 2.7. Секторска дистрибуција на неформалните работници во Република Северна Македонија ( % од вкупниот број неформални работници)*




Извор: ILO, Overview of the informal economy in North Macedonia.

Во поглед на секторската структура, **МОТ** ги групира секторите во пет групи според степенот на ризик[53]. Според нивната анализа, **во Северна Македонија неформалниот начин на работа е најзастапен во секторите со ниско-средно ниво на ризик, каде што се вбројува земјоделството, а во тој сектор е и најголема застапеноста на силно погодените неформални работници, изразено како процент од вкупниот број на вработени** (графикон 2.8.). Поточно, **32% од вкупниот број на вработени во секторите со средно-ниско ниво на ризик се неформални работници кои претрпеле значителен удар од кризата**. Нивната застапеност понатаму е исто така голема **во секторите со среден ризик, каде што спаѓа градежништвото, и каде силно погодените неформални работници претставуваат 16% од вработените.** Од друга страна, на ниво на Европска Унија земјоделците сочинуваат 15% од неформалните работници, а силно погодените неформални работници најголемо учество во вработените имаат во секторите со висок и со високо-среден ризик. Околку половината од силно погодените неформални работници се ангажирани во секторите со висок ризик.

[53]1) Високо-ризични сектори: трговија; поправка на моторни возила; производство; сместувачки и прехранбени услуги; недвижнини; деловни и административни услуги; 2) Сектори со средно-висок ризик: уметност, забава и рекреација; домашни работници и други услуги; транспорт, складирање и комиуникација; 3) сектори со среден ризик: градежништво; финансиски и осигурителни услуги; рударство; 4) Сектори со ниско-средно ниво на ризик: земјоделство, шумарство и риболов; 5) сектори со низок ризик: здравство и социјалан работа; образование; комунални услуги; јавна администрација.

*Графикон 2.8. Учество на неформалните работници кои се значително погодени од кризата*




Извор: ILO, Overview of the informal economy in North Macedonia

**Најголем број на погодени неформални работници и од машки и од женски пол се ангажирани во секторите со средно-ниско ниво на ризик, особено кај жените каде учеството е ¾ од погодените жени неформални работнички. Секако ова е очекувано, со оглед на тоа што земјоделството е вброено во оваа група**, а кај нас најголем дел од неформалните работници работат во таа дејност. Забележливо е дека **кај мажите 23,6% од погодените од кризата работат во сектори со среден ризик, додека кај жените тој процент е занемарлив (0,3%). Во овој сектор припаѓа градежништвото,** во кое доминантно учество имаат мажите, а каде исто така голем дел работат на нефромална основа.

*Графикон 2.9. Секторска структура на неформалните работници силно погодени од кризата*




Извор: ILO, Overview of the informal economy in North Macedonia.

**Светската банка[54] исто така предупредува дека жените и малцинските заедници во Западен Балкан, што се традиционално поподложни на семејно насилство и социјална дискриминација, може да бидат посилно погодени од рестриктивните мерки. Исто така,**

[54]Светска банка. *Економско и социјално влијание од КОВИД -19: Изгледи за Западен Балкан*. Редовен економски извештај за Западен Балкан бр. 17. Пролет 2020.

**грижата за децата и затворањето на училиштата го зголемија товарот врз мајките на деца до 10-годишна возраст кои мораа да останат дома и негативно се одразија на работата на жените.**

# 3. АНАЛИЗА НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ ОД СТРАНА НА ДРЖАВАТА КАКО ОДГОВОР НА КОВИД-19 И НИВНИТЕ ЕФЕКТИ

## 3.1. Мерки за помош на неформалните претпријатија и работници погодени од кризата

Голем е притисокот врз работодавачите во услови на намалена побарувачка да ги задржат своите вработени. Така, кризата е проследена со масовни отпуштања на работници, особено во најпогодените стопански дејности. Владите низ светот, особено во поразвиените држави посегнаа по мерки за поддршка на граѓаните и претпријатијата, со цел да се ублажи ударот на кризата и на рестриктивните мерки.

Сепак, тешка задача е идентификувањето и пристапувањето до неформалните претпријатија и неформалните работници. **Поддршката на работници во неформалниот сектор во услови на криза е голем предизвик, бидејќи по дефиниција, неформалните фирми и работници не се регистрирани во органите за јавни приходи и социјално осигурување.**

Како да се идентификуваат и како да се допре до неформалните економски единици? Се применуваат два пристапа:

- Сами да пристапат и да се идентификуваат за поддршка. Ова владите го прават преку веб-страница или мобилни платформи и треба доказ за идентитет, за активност и лични податоци. Со тоа се прави проверка да не се регистрирани во други бази и за други бенефиции.
- Државата ги идентификува секторите и неформалните оператори што се најпогодени.
- Во поглед на неформалните фирми, може да се направат обиди да се состават списоци (макар и нецелосни) на фирми од неформалниот сектор на кои би можело да им се обезбеди одредена форма на поддршка, земајќи ги предвид нивните контакти во формалниот сектор.[55]

При идентификација и регистрација владите проверуваат и во други регистри, како дата бази за социјална заштита, здравствени картички, регистри за локални даноци итн. Оваа регистрација може понатаму да придонесе до нивно влегување во формалниот сектор.

Иако нивната идентификација е тешка, „Сепак, важно е да им се обезбеди поддршка и од аспект на рамноправна положба (сиромашните во голем дел работат во неформалниот сектор), и од гледна точка на економско закрепнување (неформалните фирми, и покрај тоа што не ги плаќаат сите давачки, сепак придонесуваат кон економскиот раст, учествуваат во синџирите на вредност и обезбедуваат вработување за луѓе на кои инаку можеби би им била потребна помош од државата). “

[55]World Bank. An Uncertain Recovery. Western Balkans Regular Economic Report. Fall 2020.

**Во период на пандемија, особено е важно да се обезбеди поголем пристап на неформалните работници и нивните семејства до квалитетни здравствени услуги, како и да се прошири опфатот на здравствената и социјалната заштита.**

- Земјите со воспоставени шеми на социјална заштита може да ја прошират покриеноста, со примена на постоечките административни механизми. Дел од мерките се: зголемување на нивоата на бенефиции, предвремена исплата на бенефиции, релаксирање на условите за квалификуваност. Ова може да се направи преку различни програми: бенефиции за невработеност, универзални пензии, детски бенефиции или програми за социјална помош. Може да се искористат шемите за заштита од невработеност за поддршка на задржување на работните места преку краткорочни шеми за работа, вклучително за самовработените и домашните работници, без разлика дали се неформални (ова е користено во Европа).
- Доколку не може да се надоградат постоечките програми, се применуваат и други механизми. На пр. еднократни исплати до широки категории на граѓани, во некои случаи како универзални бенефиции за сите резиденти или за оние кои не се опфатени со други механизми.
- Може да се примени и секторски пристап, бидејќи дадени сектори во кои се особено застапени овие работници се и најпогодени од кризата.
- Може да се организира и поддршка во форма на храна за да се спречи глад, а истовремено се помага на земјоделскиот сектор да обезебеди непречено производство на храна.

**Неформалните претпријатија би можеле да имаат корист од мерки што ќе им помогнат да ги задржат работниците, да ги исплатат платите или по затварањето да се реактивираат:**

- Финансиска поддршка – грантови, субвенционирани кредити, грејс период на постоечки кредити и реструктуирање на долгот за подобрување на ликвидноста. Преферирани се грантови и субвенции во однос на кредити, бидејќи нивниот капацитет за отплаќање ќе биде низок.
- Намалување на оперативните трошоци – одложени или намалени обврски за комунални услуги, кирија и сл.
- Субвенции во форма на намалени тарифи за повици од мобилен или пристап до интернет.
- Обука – фирмите може да експериментираат со дигитални алатки за континуирање на бизнисот и создавање доход.

Овие мерки и преземени напори за намален ризик од инфекции може да помогнат неформалните работниции претпријатија да го зголемат производството на добра и услуги кои се особено потребни во услови на пандемија, како достава на храна, производство на маски и средство за дезинфекција, чистење и сл.

## 3.2. Економски мерки на ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ за справување со последиците од кризата предизвикана од пандемијата на Ковид-19

**За справување со ефектите од кризата, Владата на Република Северна Македонија, донесе пет пакети економски мерки за поддршка на граѓаните и стопанството**. Првиот пакет беше донесен на Владина седница во март, вториот во април, третиот во мај, четвртиот во октомври 2020 год., а петтиот пакет беше донесен во март 2021 година. Во нив особено се адресираат и потребите на најпогодените сектори во економијата (туризмот, угостителството и сл.), како и ранливите категории на граѓани, во кои можеме да ги вброиме и припадниците на неформалната економија.

Првите два пакети мерки беа наменети да го амортизираат шокот од кризата врз економијата, додека понатаму се цели и кон заживување и поддршка на стопанството, како и поттикнување на приватната потрошувачка. Се проценува дека првите два пакети мерки тежат околу 200-250 милиони евра (2% од БДП), додека третиот пакет е во износ од 300 милиони евра, а опфатени се околу 730.000 корисници.[56] Четвртиот пакет: „има за цел да обезбеди одржливост на домашните економски дејности и на работните места, да закрепне одредени дејности, да обезбеди стабилност на социјалните трансфери и да обезбеди политики кои ќе помогнат спроведување на брза излезна стратегија кога кризата ќе заврши за да продолжиме со позитивните трендови на новата развојна македонска економија.“[57] Вредноста на четвртиот пакет економски мерки изнесува 470 милиони евра. Со петтиот пакет на економски мерки фокусот на креаторите на економските политики сега е ставен врз „заживување“ на економијата и стабилизирање на економските активности. Вредноста на петтиот пакет економски мерки изнесува 160 милиони евра.

Првиот пакет мерки беше наменет за брз одговор за ублажување на ударот од кризата. Тој опфати мерки како: ослободување од плаќање на аконтациите на данокот на доход и данокот на добивка, одложување на плаќањето на кредитите од страна на граѓаните и погодените компании, намалување на референтната каматна стапка и затезната камата од страна на НБРСМ; понатаму како помош за фирмите субвенционирање на 50% од придонесите за вработените во компании погодени од коронавирусот, замрзнување на цените на некои најнеопходни продукти, обезбедување на бескаматни кредити за фирмите од најпогодените сектори.

Вториот пакет веќе опфати и директна парична помош за лицата кои изгубиле работа во екот на пандемијата, парична помош за спортисти, уметници, за исплата на плати, дополнителни бескаматни кредити и евтини кредити од Развојната банка, а беше формиран и солидарен Ковид-19 фонд за донации. Во овој пакет беа вклучени и лицата од неформалната економија, со олеснување на нивното влегување во системот за социјална помош, со што ќе имаат право на гарантирана минимална помош и дополнителен енергетски додаток.[58] Износот на правото

---

[56] https://koronavirus.gov.mk/merki/ekonomski-merki
[57] https://vlada.mk/node/22629
[58] http://mtsp.gov.mk/covid-19-ns_article-drzavata-se-grizi-za-licata-koi-bile-del-od-neformalnata-ekonomija-i-ostanale-bez-prihodi-obezbeduva.nspx

зависи од бројноста и структурата на домаќинството и се движи од 4.000 денари за едночлено домаќинство до 10.000 денари за домаќинство сочинето од 5 возрасни членови.[59]

Третиот пакет мерки ја воведе платежната картичка за граѓаните и ваучерите за домашен туризам за дадени категории граѓани. Беа обезбедени дополнителни бескаматни кредити, финансиска поддршка за иновации, дигитализација, унапредување на човечкиот потенцијал, поддршка на земјоделците итн. Мерките беа систематизирани во 3 главни столбови: Платежни картички за граѓаните - за поголема потрошувачка и за развој на домашните економски дејности; Директна поддршка на македонското стопанство - иновативност и развој за зачувување на постојните и за нови работни места и Поддршка за земјоделците.[60] Техничкиот премиер Оливер Спасовски изјави: „Денеска го објавувам третиот пакет на економски мерки кој штотуку го утврди Владата. Ако со првите два пакет мерки го ублажувавме одразот на здравствената криза врз економијата, сега одиме чекор понатаму. Третиот сет економски мерки се однесува на ревитализацијата, опоравување на економијата и стимулирање на потрошувачката и на индустријата.“[61]Станува збор за таргетирани мерки, директна помош од државата и на граѓаните и на стопанството. Се поддржуваат сите категории и социјални ранливи групи на граѓани и бизнисите.

Со четвртиот пакет мерки се продолжи важењето на некои веќе воведени мерки или пак се проширува нивниот опфат, на пример вклучува финансиска поддршка за исплата на плати за уште три месеци, платежни картички за граѓаните, каде што овој пат се вклучени и пасивните баратели на работа, дополнителни поволни кредити од Развојната банка, дополнително одложување за обврските по кредити, даноци, намалена казнена камата продолжува да важи итн. Опфатени се и занаетчиите, земјоделците – производители на грозје, туристичките водичи, дискотеките, рестораните за свадби, игротеките. Владата најави и намалување или укинување на некои парафискални давачки (надоместоци, такси, дозволи, лиценци, плаќања за издвојување средства по разни основи). Во рамки на овој пакет веќе беше реализиран и т.н. викенд без ДДВ, кога граѓаните можеа да купуваат домашни производи или компјутерска опрема, а потоа платениот ДДВ да им биде вратен.

Со петтиот пакет на економски мерки фокусот на креаторите на економските политики сега е ставен врз „заживување“ на економијата и стабилизирање на економските активности. Доколку треба да се сегментираат мерките во петтиот пакет за помош на стопанството и граѓаните од КОВИД-19 пандемијата тие може да се поделат во неколку сегменти: Прво, поддршка на компаниите во насока на задржување на работните места, особено во најзасегнатите сектори (туризам, угостителство, занаетчиство итн); второ, бескаматни кредитни линии за приватниот сектор; трето, подобрување на деловното окружување, одложување на јавните давачки, намалување на парафискални давачки и сл.; четврто, поддршка за граѓаните.

Може да се забележи дека и во петтиот пакет дел од мерките го продолжуваат својот континуитет, особено мерката за **финансиска поддршка за исплата на плати на вработените**, која се предвидува да важи и за месеците февруари и март. Исто така, се предвидува **бескаматна кредитна линија** за најпогодените сектори од КОВИД-19 пандемијата, меѓу кои се јавуваат и секторите што се карактеризираат со одреден степен на **неформално вработени работници**. За оваа намена се обезбедуваат финансиски средства во

---

[59] http://mtsp.gov.mk/covid-19-ns_article-mtsp-domakjinstvata-bez-prihodi-da-podnesat-baranje-za-garantirana-minimalna-pomosh-vo-centrite-za-s.nspx
[60]https://vlada.mk/node/21426
[61]https://vlada.mk/node/21424

износ од **615 милиони денари**. Во рамките на петтиот пакет мерки за помош на граѓаните и стопанството, треба да се напомене дека не се изоставени ниту **регистрираните занаетчии** за кои се предвидува финансиска поддршка. Понатаму, претпријатијата кои организираат настани што се од јавен интерес се предвидува дека ќе добијат финансиска помош. **Финансиската помош за тутунарите** со овој пакет на мерки се предвидува да изнесува 307,5 милиони денари. Исто така, како индиректна мерка наменета за одредена категорија на граѓани е и мерката за **бришење на каматите на долговите на граѓаните кон јавните институции и претпријатија**. Со оваа мерка се предвидува одделни категории на граѓани да добијат финансиско олеснување по основ на бришење на каматите на долговите. За оваа намена е предвидена финансиска помош во износ од 1,8 милијарди денари.

Во петтиот пакет мерки повторно најголем број од мерките се насочени кон стопанството, додека ранливите категории на граѓани се генерално изоставени, со исклучок на тутунарите и преработувачите на грозје. Имено, од 4 столба од кои се состојат мерките воведени со петтиот пакет на мерките од Владата, 3 столба се насочени за поддршка на компании (односно за равој на економијата). Ранливите категории на граѓани се адресирани само со неколку мерки и тоа со еднократна помош. Тоа што недостасува е континуирана финансиска помош додека трае пандемијата насочена кон ранливи категории на граѓани со која би им се обезбедило надоместување на загубениот доход заради Ковид 19 кризата.

Важно е да се напомене дека РС Македонија влегува во групата на земји со среден доход за кои се карактеристични висока сиромаштија, невработеност, висок процент на неформална економија и  висок процент на ранливи категории на граѓани. Оттука, мерките треба да се насочени кон адресирање и помош на оние кои се најмногу погодени од Ковид-19 кризата. Тоа се невработените, сиромашните, самохраните родители, лицата што изгубиле работа заради пандемијата како и неформалните работници.  Во оваа насока, РС Македонија не може да се споредува со високо развиени земји кои применуваат мерки за опоравување и развој на економијата, бидејќи истите имаат веќе воспоставени и развиени социјални системи кои автоматски се активираат во кризи од ваков вид. Оттука овие земји можат да си „дозволат“ да насочат најголем дел од мерките за справување со Ковид-19 кризата, кон компаниите и претпријатијата.

Недостаток на петтиот пакет мерки е и селективноста во насочување на мерките во секторот земјоделие. Овој сектор е еден од најпогодените од ковид кризата, а целосно отсуствуваат мерки за поддршка на останатите индивидуални земјоделци (освен тутунарите и преработувачите на грозје). Според податоците од Државниот Завод за статистика [62] вработените во секторот земјоделство, шумарство, рибарство  и рударство се намалиле за 21.888 луѓе (на крајот на 2019 година вработени во овој сектор биле 117.433, а на крајот на 2020 година вработените во истиот сектор биле 95.545) .

Во продолжение ги прикажуваме мерките донесени од централната власт за кои сметаме дека имаат/ќе имаат влијание врз работниците од неформалната економија и нивниот квалитет на живот.

[62] Вработени според сектори http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/012_PazTrud_Mk_polno4_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=9e43fa01-a2b2-4a7d-af28-a5d27a802bca

*Табела 3.1. Мерки на централната власт кои имаат (потенцијален) импакт врз неформалните работници*

| Мерка | Опис на мерката | Таргетна група | Времетраење | Очекуван (потенцијален) ефект на неформалните работници |
|---|---|---|---|---|
| **ПРВ ПАКЕТ МЕРКИ** | | | | |
| **Ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на личен доход и на износот на аконтациите на данокот на добивка.** | Ослободувањето од аконтациите од данок на добивка за фирмите од индустриите погодени од корона кризата за април, мај и јуни ќе ја помогнат ликвидноста на компаниите. | Фирми од најпогодените сектори. | Март, април и мај 2020 година. | Со оглед на тоа што во овие дејности е распространето неформалното ангажирање работници, помошта за компаниите индиректно помага во задржување на нивните работни места. |
| **Замрзнување, пролонгирање или репрограмирање на кредитите на граѓаните и фирмите погодени од коронакризата.** | Граѓаните или физичките лица можеа да го одложат плаќањето на ратите од кредитите на 3 до 6 месеци. Исто така се зголеми и рокот за еден кредит да стане нефункционален од 90 дена на 150 дена.<br>За компаниите олеснувањата можат да бидат:<br>Замрзнување или грејс период за отплата на кредитите;<br>Пролонгирање на исплатата на подолг период (место 180 на 250 месеци);<br>Пониска каматна стапка;<br>Одобрување на нов поповолен кредит | Граѓани, фирми. | Сите мерки кои се однесуваат на кредити имаат важност до 30 септември 2020. | Неформалните работници во фирма која е регистрирана (а кои се плаќани на рака) и ја користат оваа мерка имаат шанса да останат на работа и да не го изгубат доходот.<br>Ако член од семејството има кредит, со оваа мерка се одложува товарот на неговата исплата, а со тоа се ублажува ударот по расположливиот доход. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за рефинансирање на постоечкиот. | | | |
| **Намалување на законски затезната камата за 50%.** | Од 10% на 5% за правни лица и од 8% на 4% за физички лица. | Граѓани, Фирми. | | Поради ниските приходи овие семејства често доцнат со исплаќање на обврските, па со ова се ослободуваат средства за алтернативна употреба. |
| **Субвенционирањ е на 50% од придонесите за вработените во компании од секторите туризам, транспорт и угостителство и други компании погодени од корона вирусот.** | Компаниите ќе добијат субвенции на придонеси за вработените во компании од секторите туризам, транспорт, угостителство и други погодени компании, за месеците април, мај и јуни од 2020 година, со субвенција на придонеси по вработен во висина до 50% од просечна плата исплатена во 2019 година. | Секторите туризам, угостителство и транспорт и други погодени компании. | Април, мај и јуни 2020 година. | Со оглед на тоа што во овие дејности е распространето неформалното ангажирање работници, помошта за компаниите индиректно помага во задржување на нивните работни места. Иако работодавачите не можат да добијат субвенции за нефромално вработени лица кај нив, доколку ја искористат мерката за други вработени, тоа сепак помага на ликвидноста на фирмата. |
| **Замрзнување на цените на лимон, портокал, мандарини, грејпфрут и клементина.** | Се определува највисока трговска маржа на овие производи за трговски друштва и трговец поединец која се применувала во периодот од 1 јануари 2020 година до 11 март 2020 година кога | Трговци со лимон, портокал, мандарини, грејпфрут и клементина. | До 30 април 2020 година. | Замрзнувањето на цените овозможува раѓаните да ги купуваат наведените производи кои се особено барани во насока на подобрување на имунитетот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | од страна на Светската здравствена организација (СЗО) беше прогласена пандемија на Коронавирусот COVID- 19. | | | |
| **Забрана за извоз на пченица и брашно.** | Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за ограничување на извозот на пченица и на полица и брашно од пченица или на полица со тарифните ознаки 1001 19 00 00, 1001 91 90 00 и 1001 99 00 00 и 1101 00. | Извозници на пченица и брашно. | Ограничувањето на извозот од член 1 на оваа одлука ќе се применува до 30 април 2020 година, со можност за продолжување доколку состојбата со пандемијата го бара тоа. | Оваа мерка спречува намалување на понудата на брашно и пораст на неговата цена во услови на зголемена побарувачка. Ова е важно бидејќи станува збор за основен прехранбен продукт. |
| **ВТОР ПАКЕТ МЕРКИ** | | | | |
| **Финансиска поддршка од 14.500 денари месечно за исплата на плати за април и мај, за компании и самостојни вршители на дејност погодени од кризата и/или 50% од трошоците за придонеси за секој вработен.** | Финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за исплата на платите за месеците април и мај 2020 година, во износ најмногу до 14.500 денари месечно по работник. Компаниите можат да изберат да ја користат мерката за покривање на 50% од придонесите на платите на своите вработени или плата од 14.500 денари месечно. Финансиска поддршка за месеците април и | Приватни компании; Самостојни вршители на дејност. | Април и мај 2020 година. | Оваа мерка компаниите не можат директно да ја искористат за неформалните работници, но доколку ја искористат за други вработени, се подобрува финаниската стабилност и ликвидноста на компанијата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | мај 2020 година во износ (најмногу до) од 14.500 денари месечно за физичките лица што вршат самостојна дејност Услов намалени приходи за најмалку 30%. | | | |
| **Паричен надоместок за граѓаните што останале без работа поради кризата, согласно работниот стаж преку Агенцијата за вработување.** | За граѓаните што останале без работа поради кризата, државата ќе исплаќа паричен надоместок – месечна плата, секој месец, во висина од 50% од просечната месечна нето-плата, а најмногу до 80% од просечна плата во земјава на работникот за последните 24 месеци односно согласно член 68 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. | Право на паричен надоместок има невработено лице што било во работен однос најмалку 9 месеци непрекинато, или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци, пред престанокот на работниот однос. | Надоместокот се исплатува согласно годините работен стаж. (1 месец, ако лицето има стаж на осигурување најмалку 9 месеци во непрекинато траење или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци; 6 месеци ако има стаж од 10 до 12,5 години, а доколку има стаж над 25 години – 12 месеци). | Оваа мерка е замислена да им помогне на граѓаните што се соочуваат со прекин на месечните примања. Но, може лица кои ја користат оваа мерка истовремено станале активни во рамки на сивата економија и на тој начин би имале доход од два извори. Оттука, тешко е да се процени ефектот на мерката. |
| **Државата се грижи за лицата кои биле дел од <u>неформалната економија</u> и останале без приходи - обезбедува парична помош за домаќинствата и енергетски додаток за корисниците на социјална заштита.** | Релаксирање на критериумите и начинот за користење на правото за минимална помош и брз влез во системот на социјална заштита. Минималната гарантирана помош за април и мај (потоа продолжено до декември) ќе се утврдува врз основа на вкупната просечна висина на сите приходи на сите членови на | Лица кои останале без работа, а биле дел од неформалната економија. | Олеснети услови: Април и мај 2020 година Продолжување до септември. | На лицата од неформалната економија им следуваше месечна парична помош од 7.000 денари во април и мај 2020. Дополнително се исплаќа надомест од 700 денари за дете на школска возраст и 1.000 денари за дете на средношколска возраст, како и 1.000 денари енергетски додаток. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | домаќинството по сите основи сметано само од последниот месец, наместо досегашните три месеци. Дополнително, корисниците на социјална заштита ќе добиваат дополнителна исплата на енергетски додаток во износ од 1.000 денари плус, од април до септември 2020 (околу 30.000 корисници).[63] Исплатата на образовниот додаток продолжува, во износ од 700 денари по дете во основно образование и 1.000 денари по дете во средно образование. | | | Прва мерка која е директно насочена кон лицата во неформалната економија. Зголемување на нивниот доход и куповна моќ. Полесен пристап до влез во системот на социјална заштита. Обезбедување на материјална сигурност за оваа група граѓани и нивните семејства. |
| **Се запира Законот за извршување до крајот на јуни.** | Се суспендира односно запира законот за извршување до крајот на јуни. Извршителите ќе бидат должни да запрат со преземање на какви било извршни дејствија. Работодавците на должниците и носителите на платен промет се должни да запрат со постапување по издадени налози од страна на извршителите до крајот на јуни.[64] | Сите граѓани и претпријатија. | До крајот на јуни. | |

[63] https://vlada.mk/node/21230

[64] Ова нема да важи само во случаи кога веќе парите се легнати на сметка на извршителите и тие ќе можат да ги префрлат парите на доверителите и во случаи кога се работи за алиментација за дете кон самохрани родители.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Одложување на кредитите кај банките.** | кај физичките лица банките ќе ги одложат отплатите на ратите на 3 до 6 месеци. Граѓаните или физичките лица можеа да го одложат плаќањето на ратите од кредитите на 3 до 6 месеци. Исто така се зголеми и рокот за еден кредит да стане нефункционален од 90 дена на 150 дена. | | | Намалување на тековното оптоварување на доходот со тековни кредитни обврски. |
| **Намалување на ратата и репрограмирање на кредитите кај финансиските друштва и лизинг компаниите.** | Кредитите на физичките лица да се репрограмираат со намалување на ратите во следните три месеци за 70% од ратата и со продолжување на рокот за отплата за најмалку 90 дена од доспевањето. За кредитите кај правните лица ќе се одлучува индивидуално со предлагање на најсоодветни поволности согласно потребите на компаниите. Нови договори за кредити да се одобруваат со 3 месеци грејс период. Законската затезна камата која до сега изнесуваше 51%, сега се намалува на 31%, додека останатите трошоци кои друштвата ги наплаќаат се ограничуваат на | Физички и правни лица кои се корисници на кредити. | | Намалување на тековното оптоварување на доходот со кредитни обврски. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 20% од одобрениот кредит. | | | |
| **Одложено плаќање закуп за корисниците на социјалните станови.** | Плаќањето на закуп на социјалните станови ќе се одложи за сите корисници, а исто така ќе се одложи плаќањето закуп и за граѓаните и фирмите кои имаат закуп на деловен простор од Претпријатието за станбен и деловен простор. | | | Намалување на месечните трошоци на неформалните работници кои истовремено се корисници на социјални станови, како и поголем расположлив доход. |
| **ТРЕТ ПАКЕТ МЕРКИ** | | | | |
| **„Купувам домашно“ платежна картичка за граѓаните .** | 9.000 денари парична поддршка за граѓаните за купување на македонски производи и услуги.<br>Со оваа мерка се опфатени околу 100 илјади граѓани – вредноста на оваа мерка е 16 милиони евра. | Оваа мерка е достапна за сите невработени лица, активни баратели на работа кои немаат над 15.000 месечни приходи според Управата за јавни приходи, како и примателите на гарантирана минимална помош. | Еднократна | Неформалните работници кои се приматели на гарантирана минимална помош или кои се водат како активни баратели на работа. |
| **Парична поддршка за млади од 6.000 денари и платежна домашна картичка „Купувам домашно“ од 3.000 денари за купување на македонски производи и услуги.** | Мерката опфаќа ваучери од најмногу 6.000 денари за покривање на партиципација во Универзитет како и сместување во студентски, ученички домови и регистрирани сместувачки капацитети за студенти и средношколци, од семејства со ниски примања. Мерката вклучува и платежна картичка | Млади лица – студенти и средношколци. | Еднократна. | Помош за семејствата на неформалните работници кои имаат деца во образовниот процес.<br>Поддршка за запишување на семестар во учебната 2020/2021 година.<br>Спречување на одливот на студенти и ученици од образовниот процес. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | „Купувам домашно“ за млади, во вредност од 3.000 денари за купување домашни производи и услуги.<br>Со оваа мерка се опфатени околу 100.000 млади – вредноста е 9 милиони евра. | | | |
| **Ваучери до 30.000 денари за кофинансирање на обуки, тренинзи и курсеви за ИТ и дигитални вештини за млади од 16 до 29 години.** | Преку покривање на трошоците за тренинзи и обуки, ги поддржуваме младите да стекнат знаења и ИТ вештини, со максимален износ до 30.000 денари кои ќе им овозможат брзо вработување во новата развојна економија.<br>Оваа мерка ќе опфати од 7.000 – 10.000 млади од 16 до 29 години, во вредност од 3 милиони евра. | Млади од 16 до 29 години. | Еднократна. | Младите неформални работници можат да се стекнат со знаења и вештини кои ќе им овозможат да се вработат во формалната економија. |
| **Викенд без ДДВ.** | Викенд без ДДВ за сите граѓани кои преку поевтини цени, ќе поттикнат потрошувачка и раст на приходи во домашните производствени и продажни капацитети, како што се продавниците за гардероба, бела техника, мебел, санитарија, школски прибор и книги. Се очекува преку оваа мерка 20 милиони евра, да се слеат назад во стопанството.[65] | Сите граѓани. | | Начин да се дојде до потребна опрема, на пример, по поевтина цена. |
| **Поддршка за развој на** | 1,6 милиони евра за развој на | | | Можност да се добие |

[65]https://vlada.mk/node/21431

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **домашни старт-ап продукти и услуги преку ФИТР.** | иновативни продукти и услуги преку ФИТР, како и трансформирање на македонско туристичко село во скопско Нерези во македонско СТАРТ АП село. | | | финансирање за отварање на нов легален бизнис. |
| **Платежна картичка за субвенционирање на 50% од зелената нафта за земјоделците.** | По ланското субвенционирање од 30%, со оваа мерка го зголемуваме субвенционирањето на потрошувачката на зелена нафта на 50%.<br>Оваа мерка ќе опфати 50.000 земјоделци, а вредноста е 4.6 милиони евра. | | | |
| **Овозможуваме јавни приватни партнерства во лозарството и тутунскиот сектор.** | Преку модернизирање и ставање во функција на капацитети во производство на преработки од тутун и грозје со цел понатамошно уште посилно развивање на лозарството и тутунскиот сектор, како земјоделски гранки кои сè повеќе и повеќе извозуваат.<br>На краток рок, очекувањата за инвестициите треба да достигнат 10 милиони евра. | | | |
| **Окрупнување на земјоделско земјиште за поголема конкурентност на македонското земјоделство.** | Оваа мерка овозможува ставање во функција на целокупното земјоделско земјиште како и | | | Можност за малите земјоделци.<br>Со овој модел, земјоделците и стопанствениците ќе имаат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | охрабрување на домашното земјоделско производство, но и нови инвестиции во овој сектор. Од оваа мерка очекуваме приходи од 250 милиони евра во следните три години и зголемена конкурентност на македонското земјоделство. | | | поголема сигурност и предвидливост во производството, како и можност да бидат кредитоспособни за да влезат во нови инвестиции и да можат да конкурираат за мерките од Националните и европските програми. |
| **Долгорочен закуп на пасишта.** | Овозможување за издавање на пасиштата на долгорочен закуп со што сточарите ќе имаат на располагање околу 500.000 хектари пасишта за напасување на добитокот. | | | |
| **Програма за финансирање на микро земјоделски компании.** | Со 3 милиони евра ќе овозможиме финансирање на Старт ап семејни винарии и фарми на кои ќе им бидат достапни грантови до 10.000 евра за опрема за преработка но и за маркетинг на растителни, млечни и месни производи. | | | Семејствата кои неформално се занимаваат со винарство и сточарство можат да добијат грант за започнување на бизнис. |
| **Модернизација на земјоделство.** | Преку кредит на Светска банка од 50 милиони евра ќе овозможиме модернизација на македонското земјоделството со цел зголемување на конкурентноста и профитабилноста. Дел од оваа сума ќе се искористи за | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | изградба на откупно дистрибутивни центри во Скопје, Струмица и Ресен. | | | |
| **Паричен надоместок за сите лица што останале без работа од 11 март до 30 април 2020.** | Со оваа мерка сите лица што останале без работа од 11 март до 30 април 2020 ќе добијат паричен надоместок за два месеца, вклучувајќи ги и оние што го прекинале својот работен однос преку писмена изјава, спогодбено но и добиле отказ од работодавачот. | | | |
| **ЧЕТВРТ ПАКЕТ МЕРКИ** | | | | |
| **Платежни картички за граѓаните за поголема потрошувачка и за развој на домашните економски дејности.** | Платежни картички со износ од 6.000 денари. | Овојпат платежни картички со износ од 6.000 денари ќе ги добијат 5.726 самохрани родители, пензионерите со пензии до 15.000 денари, односно 182.271 наши сограѓани пензионери, ***невработените кои се пасивни баратели на работа***, односно 85.108 граѓани, самостојните уметници, филмски работници, културни работници и естрадни уметници чија бројка е 520 корисници. | Еднократна. | Директна мерка за неформалните работници. Пасивни баратели на работа. Зголемување на доходот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Платежни картички „Купувам домашно“ ќе добијат уште 540 студенти, кои во претходниот пакет не ги добија овие картички. Плус поддршка за ученички и студентски стандард од 44 милиони денари за 2020 година добиваат 884 студенти и 347 ученици. Оние граѓани што се над 64 години, а немаат пензија, ниту државна социјална пензија и се со приходи пониски од 15.000 денари, или воопшто немаат приходи. | | |
| **Поддршка за занаетчиите** | Се предвидува намалување на ДДВ-то на нивните услуги и производи од 18% на 5%[66] | | Од 1.1.2021 | |
| **Викенд без ДДВ** | Оваа мерка предвидува да опфати повеќе од 350.000 граѓани, корисници на апликацијата „Мој ДДВ“, кои за време на продолжениот викенд на 10-11-12 октомври ќе можат да купат домашни производи и услуги или компјутери и друга ИТ опрема во вредност од најмногу 30.000 | Сите граѓани | Претставена е во третиот пакет, а е реализирана во периодот на импелментација на четвртиот пакет мерки. | Набавка по пониски цени. |

[66]На самостојните вршители на дејности, односно на занаетчиите, им остануваат на располагање и другите мерки, како оние за поддршка за исплата на платите или пристапот до поволните кредити од Развојната банка на Северна Македонија.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | денари, во рок од неколку дена ќе го добијат назад на своите сметки целиот ДДВ. | | | |
| **Намалување на казнената камата за јавни давачки за половина од 0,03% на 0,015% до крајот на годината.** | | | | Често овие лица доцнат со плаќање на комуналии. |
| **Намалување на стапката за ДДВ за ресторански услуги и служење на храна и пијалаци.** | Овие услуги ќе се даночат со нова повластена стапка на ДДВ од 10% наместо сегашната редовна стапка од 18%. | Сите даватели на ресторански услуги и услуги на служење на храна и пијалоци. | 1.1.2021 бидејќи се потребни законски измени. | Целта на оваа мерка е намалување на сивата економија, пониски цени за граѓаните, како и поголема ликвидност на услужниот сектор за храна и пијалоци. |
| **Поддршка на откуп на грозје од реколта за 2020 година.** | Поддршка на откуп на грозје од реколта за 2020 година, за која се предвидени 6.700.000 евра, ќе се поддржат производители на винско грозје кои го предале своето грозје кај регистрирани винарски визби, како и винарски визби за транспортните трошоци при извоз. | | | Малите производители на грозје добиваат посигурен откуп на грозјето. |
| **Петти пакет мерки** | | | | |
| **Финансиска поддршка за регистрирани занаетчии.** | | Занаетчии | | Се предвидува дополнителна финансиска поддршка за регистрираните занаетчии. Доколку се тргне од фактот дека најголем дел од занаетчиите во одреден степен |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | своите активност ги извршуваат во неформалните економски текови, оправдано е да се констатира потенцијален позитивен ефект врз оваа категорија на неформални работници. |
| **Кредити со 0% камати за најпогодените сектори.** | Во секторите кои се најпогодени од КОВИД-19 пандемијата (туризам, занаетчиство, угостителство, транспорт, индустрија за организација на настани, приватни здравствени установи) преку развојната банка ќе бидат обезбедени бескаматни кредити за компаниите. За оваа намена се проектирани средства во вредност од 615 милиони денари. | Претпријатија што функционираат во рамките на секторите: туризам, занаетчиство, угостителство, транспорт, индустрија за организација на настани, приватни здравствени установи. | | Во секторите (туризам, занаетчиство, угостителство, транспорт, индустрија за организација на настани и сл.) одреден дел од работниците функционираат во рамките на неформалните економски текови. Оттука дел од овие работници ќе имаат директен и индиректен ефект од бескаматните кредитни линии на компаниите. |
| **Бришење камати од долгови на граѓаните кон јавни институции и претпријатија.** | Со оваа мерка се предвидува одделни категории на граѓани да добијат финансиско олеснување по основ на бришење на камати од долгови кон јавните институции и претпријатија. За оваа намена е предвидена финансиска помош | | | Директна финансиска помош кон работниците во рамките на неформалната економија. Ослободување на дополнителни финансиски средства за одделна категорија на граѓани во рамките на која влегуваат и неформално |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во износ од 1.8 милијарди денари. | | | вработените работници. |
| **Финансиска поддршка за тутунарите.** | Со оваа мерка тутунарите ќе добијат финансиска помош во износ од 307.5 милиони денари. Основната цел на оваа мерка е да ги намали негативните последици од ограничувањето на транспортот и трговијата, како и од падот на потрошувачката на тутунски преработки на светско ниво. | Земјоделци – тутунари. | | |

## 3.3. Мерки за справување со КОВИД-19 на ЛОКАЛНО НИВО

Во претходните делови беше спроведена длабинска анализа на мерките што се преземени на централно ниво. Сепак, како мала и отворена економија со длабоки регионални диспропорции во нивото на економски развој, одделните општини располагаат со различен капацитет за справување со негативните ефекти и дисторизии предизвикани од КОВИД-19 пандемијата. Врз основа на ова потребно е мерките што се донесени од страна на централната власт и мерките што се спроведуваат од страна на единиците на локалната самоуправа да бидат во комплементарен сооднос и да се карактеризираат со конзистентност во овој динамичен и непредвидлив период предизвикан од КОВИД-19 пандемијата.

За оваа цел, како дополнување на анализата на мерките преземени на централно ниво, во овој дел е направен краток преглед на преземените мерки од страна на единиците на локалната самоуправа. Согласно рамномерната застапеност на одделните плански региони, како и фокус на општините каде што пандемијата со КОВИД-19 вирусот зема посилен замав во оваа анализа се селектирани 10 општини во кои се анализираат ефектите од спроведениот сет на локални мерки. Во прв ред треба да се констатира дека капацитетот на единиците на локалната самоуправа се анализира од материјално-финансиски, но и од кадровски аспект.

Со цел да се увидат разликите во капацитетот на единиците на локалната самоуправа во начинот на справување со КОВИД-19 пандемијата во продолжение на оваа анализа се претставени преземените мерки од страна на одделните општини, како и нивните ефекти врз заштита на здравјето на граѓаните, стопанството, како и лицата кои функционираат во рамките на неформалната економија.

## 1. ГРАД СКОПЈЕ

| Мерки преземени од локална власт | Влијание на мерките врз заштитата на јавното здравје, материјална и финансиска помош на физичките и правните лица, како и потенцијално влијание врз неформалното вработените |
|---|---|
| **Намалување на комуналната такса за закуп на јавен простор (од 15 денари на 5 денари)** | Директно влијание врз расходите на деловните ентитети. Град Скопје ги намалува трошоците за закуп на јавен простор до законскиот минимум. Иако ниво на индивидуална фирма ваквиот вид на трошоци не претставува висок трошок во апсолутен износ, претставува одредено олеснување на малите и микро бизниси во време кога нивните приходи практично се сведени на минимум. |
| **Укинување на бесплатниот јавен превоз на пензионерите** | Ваквата мерка пред сѐ е наменета за заштита на јавното здравје. Сепак, може да се констатира дека дел од пензионерите што примаат минимална пензија, на пазарот на труд се јавуваат како неформално вработени во вид на негувателки и сл. Оттука, укинувањето на бесплатниот јавен превоз може да има негативни ефекти врз лицата кои се дел од неформалниот пазар на труд. |
| **Отстранување на рекламни објекти од јавниот простор** | Покрај тоа што има за цел да го ослободи јавниот простор, ваквата мерка се рефлектира во намалени приходи во касата на Град Скопје. |
| **Ослободување на компаниите за закуп на рекламен простор (во период од 3 месеци)** | Град Скопје од рекламните објекти досега остваруваше приходи од околу 100.000 евра месечно, а по акцијата за нивно отстранување ќе остварува приходи од околу 80.000 евра месечно, што е за 20 насто намалување на приходите од оваа ставка, но со крајна цел - ослободување на јавниот простор за граѓаните. |
| **Намалување на фирмарина** | Директен ефект врз расходите кај дел од фирмите на територијата на Град Скопје. |
| **Намалување на надоместок за користење на терасите на деловните ентитети** | Со оглед на фактот што негативното влијание од пандемијата предизвикана од КОВИД-19 врз бизнисот во значителен степен го погоди угостителскиот сектор, ваквата мерка е насочена кон намалување на негативните ефекти на фирмите кои егзистираат во овој сектор (кафулињата, кафеаните, ресторантите и сл.). |
| **Не преземање на дополнителни мерки кон даночните обврзници (правни и физички лица)** | Одлуката за непреземање дополнителни мерки кон даночните обврзници (особено по основ обврски данок на имот)за време на вондредната состојба има директен ефект врз расходите на сите физички и правни лица. |
| **Намалување на фирмарината на стопанските субјекти (од 7.000 денари на 4.000 денари)** | Директно финансиско олеснување врз стопанските субјекти. |
| **Зголемување на периодот за одложена наплата на комуналиите (од 12 месеци на 18 месеци – за градби со** | Директно влијание во насока на ослободување дополнителни финансиски средства. |

| | |
|---|---|
| **комуналии со износ над 1 милион евра)** | |
| **Разни видови на донации (таблети наменети за следење на наставање на учениците од материјално загрозените семејства; заштитни маски и ракавици и сл.)** | Директна помош (храна, средства за дезинфекција, електирчни уреди наменети за следење на онлај настава) на материјално необезбедените семејства и овозможување одреден степен на вклучување во наставата на децата кои припаѓаат на оваа категорија на домаќинства. |
| **Организирање на маалски концерти коишто може да се следат од дома** | Директна финансиска помош на лицата што се ангажирани како изведувачи. Ангажираните музички уметници добиваат еднаков солидарен хонорар од 14.500 денари. |
| **Непостапување по однос на долгови кон физичките лица.** | Сите физички лица кои имаат неподмирени долгови нема да бидат изложени на дополнителни мерки ( присилна наплата на истите) за времетраење на вондредната состојба. |
| **Формирање на тимови за логистичка поддршка на ранливите групи на граѓани на територија на град Скопје** | Формирани 10 мобилни тимови лоцирани на 5 локации во градот, како и дополнителен тим за бездомните лица лоциран на Момин Поток. Задача на мобилните тимови е набавката на лекови, прехранбени производи, средства за дезинфекција наменети за сите лица кои имаат потреба од ваков вид на помош. Притоа лицата ќе треба да го надоместат износот за производите за кои имаат потреба. |
| **Воспоставување на две СОС – телефонски линии** | Функционирање на две СОС – телефонски линии на Црвениот крст на град Скопје со цел обезбедување на психо-социјална поддршка за полесно справување со стресот предизвикан од актуелната состојба. |

## 2. ОПШТИНА ГРАДСКО

| Мерки преземени од локална власт | Влијание на мерките врз заштитата на јавното здравје, материјална и финансиска помош на физичките и правните лица, како и потенцијално влијание врз неформалното вработените |
|---|---|
| **Дистрибуција на најнеопходни продукти и храна од страна на општинскиот кризен штаб** | Обезбедување и дистрибуција на најнеопходни продукти (храна, средства за дезинфекција и хигиена) од страна на општинскиот кризен штаб наменети за семејствата од социјален ризик. |
| **Формирање општински мобилен тим за помош на стари и изнемоштени лица и лица со посебни потреби** | Формирање на општински мобилен тим за помош на стари и изнемоштени лица и лица со посебни потреби во соработка со УНДП. |
| **Воспоставување наменска трансакциска сметка со цел прибирање донации од правни и физички лица** | Отварање на наменска трансакциска сметка во соработка со општинската организација на Црвен Крст Велес со цел сите општествено одговорни правни и физички лица да донираат парични средства што ќе бидат наменски искористени, во вид на финансиска помош на семејства, односно поединци кои ја изгубиле својата работа како последица на настанатата ситуација со КОВИД-19 пандемијата. |

| | |
|---|---|
| | Ваквите средства ќе се распределуваат од страна на посебно формирана Комисија која со јасни и определени критериуми ќе врши распределба на донираните средства. |
| **Воспоставување канал на донации на конзервирана храна** | Воспоставување канал на донации на неготвена храна (конзервирана, пакувана, со подолг рок на траење) која ќе биде дистрибуирана со помош на Центарот за социјални работи во соработка со општински тимови. |

## 3. ОПШТИНА ИЛИНДЕН

| Мерки преземени од локална власт | Влијание на мерките врз заштитата на јавното здравје, материјална и финансиска помош на физичките и правните лица, како и потенцијално влијание врз неформалното вработените |
|---|---|
| **Помош на социјално загрозени семејства во соработка со организацијата на Црвениот крст** | Социјално загрозени семејства можат да се обратат за помош во соработка со Црвениот крст |
| **Олеснувања при наплатата на обврските поврзани со данокот на имот (за сите физички и правни лица)** | Обврските по основ на данокот на имот кои пристигнале за наплата во средината на месец Јули може да се плаќааат на еднакви месечни рати, без камата, до средината Декември месец 2020 година. Ваквата уредба ги опфаќа сите правни субјекти регистрирани на територија на општина Илинден и сите жители и сопственици на имот на територијата на општина Илинден. |
| **Намалување на висината на данокот на имот за 50%** | Со Решението за висина на данок на имот за 2020 година, се утврдува дека вредноста на висина на данок на имот ќе биде пониска за 50 %. |
| **Забрана за исклучување на корисници на јавни услуги, забрана за присилна наплата на граѓани по основ неподмирени обврски** | Решенијата за комунална такса (фирмарина) за правните субјекти што се регистрирани на територија на општина Илинден, кои пристигнале за наплата во средината на Јули месец може да се плаќаат на еднакви месечни рати, без камата, до средината на Декември месец 2020 година. |

## 4. ОПШТИНА КУМАНОВО

| Мерки преземени од локална власт | Влијание на мерките врз заштитата на јавното здравје, материјална и финансиска помош на физичките и правните лица, како и потенцијално влијание врз неформалното вработените |
|---|---|
| **Ослободување од обврските за комунална такса за вршење дејност пред деловните простории (за време на вондредната состојба)** | Со одлука на Советот на Општина Куманово се ослободуваат деловните субјекти од комунална такса за вршење на дејност пред своите деловни простории за време на вонредна состојба. Ваквата мерка претставува директно финансиско ослободување за деловните субјекти кои функционираат пред сè во угостителскиот сектор. |
| **Намалена фирмарина за деловните субјекти** | Намалената фирмарина за деловните субјекти кои функционираат на територијата на општина Куманово |

| | |
|---|---|
| | подразбира ослободување на дополнителен износ на средства кој деловните субјекти можат да го искористат во справувањето со предизвиците од КОВИД-19 пандемијата. |
| **Обезбедување на донација (600 пакети со прехранбени производи и средства за хигиена) од страна на Амбасадата на Полска.** | Обезбедување на донација на 600 пакети со прехранбени производи и средства за хигиена од страна на Амбасадата на Полска. Ваквиот вид на помош преку каналите на дистрибуција ќе биде доделен на социјално најзагрозените семејства во општина Куманово. |
| **Угостителите и други субјекти се ослободени од надомест за користење на летни бавчи и друга урбана опрема ( заклучно со 2020 година)** | Угостителите и други субјекти од Куманово до крајот на годината нема да плаќаат сметки за користење на летни бавчи и друга урбана опрема. Оваа мерка пред сè е наменета за фирмите кои егзистираат во угостителскиот сектор. Истата претставува одреден степен на финансиско олеснување за оваа категорија на фирми (дел од овие фирми функционираат како семејни бизниси со по неколку вработени. Додека од друга страна најчесто можат да се забележат и примеси на неформална вработеност). |
| **Намалување на комуналната такса согласно законскиот минимум** | Ваквата мерка е преземена со цел ослободување повеќе пари за стопанството. Тука треба да се нотира дека законските ограничувања претставуваат пречка целосно да се изостави овој вид на давачка. Локалните власти не можат да интервенираат во комуналната такса која законски е утврдена на најниско ниво од пет денари за метар квадратен што е најниска ставка, согласно Законот. |
| **Намалување на фирмарината на стопанските субјекти (од 7.000 денари на 4.000 денари)** | Општина Куманово ја намали висината на комунална такса за фирма, односно назив за деловна просторија – фирмарина од 6.000 на 4.000 денари за 2020 година. Одлуката е издржана, од општ заеднички интерес и е намалување од максимален износ согласно тарифникот за пресметка на комунални такси. Согласно проценките на оваа мерка вкупното финансиско ослободување по овој основ за сите правни субјекти изнесува околу 6.7 милиони денари. |
| **Не вршење на присилна наплата по однос на обврски на даноци на имот (за време на вонредна состојба)** | Со оваа мерка се овозможува директно и парцијално влијание на сите граѓани на општина Куманово. Обврските по основ на даноци и такси кои достасуваат (за период на траење на вонредната состојба) нема да се извршуваат, односно нема да се врши присилна наплата на истите. |
| **Дистрибуција на помош (пакети со храна, средства за хигиена и дезинфекција, заштитни маски) за најзасегнатите граѓани** | Дистрибуција на пакети за граѓаните кои спаѓаат во категоријата на социјално најзагрозени граѓани. Редовно доделување на пакети со храна, средства за хигиена и дезинфекциски средства за ранливите категории граѓани. Во оваа насока засегнатите граѓани можат да комуницираат со службите по телефонски пат. Општинскиот штаб овозможува бесплатна дистрибуција на заштитни маски на граѓаните на повеќе пунктови во градот. |
| **Трансакциска сметка за донации** | Општина Куманово отвори трансакциска смета за донации од земјата и странство, наменети за социјално најзагрозените групи на граѓани. Средствата ќе бидат наменети за набавка на |

| | |
|---|---|
| | прехранбени производи, средства за дезинфекција и хигиена на социјално најзагрозените граѓани во градот. |

## 5. ОПШТИНА СТРУМИЦА

| Мерки преземени од локална власт | Влијание на мерките врз заштитата на јавното здравје, материјална и финансиска помош на физичките и правните лица, како и потенцијално влијание врз неформалното вработените |
|---|---|
| **Дезинфекција на јавните, верските површини, градскиот пазар како и сите јавни објекти и урбана опрема на територијата на општина струмица** | Превентивно дејствување во функција на заштита на јавното здравје. |
| **Формирање на тимови за помош при набавка и достава на храна и други потреби** | Во функција на заштита на здравјето на повозрасните граѓани на територијата на општина Струмица. |
| **Помош на ранливи категории на граѓани** | Дополнителна материјална и финансиска помош на материјално необезбедените семејства на територијата на општина Струмица. |

## 6. ОПШТИНА ГОСТИВАР

| Мерки преземени од локална власт | Влијание на мерките врз заштитата на јавното здравје, материјална и финансиска помош на физичките и правните лица, како и потенцијално влијание врз неформалното вработените |
|---|---|
| **Дистрибуција на пакети (прехранбени и хигиенски средства)** | Дистрибуција на пакети со прехранбени и хигиенски средства за 10 социјално загрозени семејства, кои се избрани според приоритетната листа за итна помош. |
| **Донацција на персонални компјутерии на 450 социјални пакети (храна и хигиенски производи)** | Приватна донација на 55 персонални компјутери наменети за ученици во семејства што се под социјален ризик. Предност ќе имаат семејствата со повеќе ученици, бидејќи на тој начин може да се опфатат повеќе деца кои ќе ја следат наставата.<br>Деловните субјекти и физичките лица, преку Советот за дисрибуција на помош, овозможиле донација од 450 пакети со храна и хигиенски производи.<br>Локалната самоуправа во соработка со невладините организации формира посебно тело кое ќе помага во дистрибуцијата на храна и хигиенски производи на социјално загрозените семејства. |
| **Формирање на координативно тело за безбедна и ефикасна дистрибуција на прехранбени и производи за хигиена** | Формирано е Координативно тело за безбедно и ефикасно дистрибуирање на пакети со прехранбени производи и средства за хигиена и дезинфекција во рамките на општините Гостивар, Врапчиште и Маврово-Ростуше. Во рамките на координативното тело |

| | |
|---|---|
| | функционираат волонтери на ОК на Црвен крст во Гостивар кои поминале обука за безбедна дистрибуција на хуманитарна помош. |

## 7. ОПШТИНА ПРИЛЕП

| Мерки преземени од локална власт | Влијание на мерките врз заштитата на јавното здравје, материјална и финансиска помош на физичките и правните лица, како и потенцијално влијание врз неформалното вработените |
|---|---|
| **Намалување на комуналната такса за закуп на јавен простор (од 15 денари на 5 денари)** | Комуналната такса за закуп на јавен простор се намалува од 15 на 5 денари по квадратен метар (минимлната цена дозволена со закон) со што се ослободуваат дополнителни финансиски средства кои можат алтернативно да се употребат и да се вратат во локалната економија. |
| **Надоместокот за користење на музика во јавни локали од 4.000 денари се намалува на 330 денари** | Во време кога практично угостителските објекти функционираат со минимален капацитет, овој вид на надоместок е во функција на намалување на оперативните трошоци на засегнатите субјекти. |
| **Ослободување од плаќање на надомест за закуп на тезги и деловен простор кон ЈКП „Пазари“ (за април и мај)** | Директно влијание врз граѓаните, особено врз лицата за кои постои голема веројатност да спаѓаат во неформалниот пазар на труд. Тука станува збор за т.н прекупувачи што не се регистрирани како земјоделци, но не спаѓаат и во категоријата трговија на мало. Ослободувањето од плаќање на надомест за закуп на тезги и деловен простор иако претставува времена мерка, на ниво на индивидуално физичко лице претставува значајно ослободување на финансиски средства во рамките на првиот бран од КОВИД-19 пандемијата. |
| **Времено ослободување од плаќање надомест за подигање комунален отпад на ЈКП „Комуналец“** | Ваквата мерка е наменета единствено за корисниците на социјална помош и самохраните родители. Оваа категорија на граѓани времено се ослободува од плаќање надомест по оваа основа. Сепак за долгорочни ефекти ваквата мерка треба да биде надополнета со одредени финансиски ослободувања и можност за плаќање на своите обврски на повеќе месечни рати. |
| **Времено ослободување од надомест за подигање комунален отпад (дуќанџии, занаетчии, угостители и хотелиери)** | Времено се ослободување од плаќање надомест за подигање комунален отпад на дел од правните лица и самостојните занаетчии на ЈКП „Комуналец“. Ослободувањето се однесува на дуќанџиите, занаетчиите и сите угостители и хотелиери од подрачјето на општина Прилеп. Со оваа мерка е времено финансиско ослободување на оваа категорија на лица, кои најчесто функционираат во неформалниот пазар на труд. |
| **Намалување на надоместок за користење на терасите на деловните ентитети** | Користењето на просторот пред деловниот простор се намалување од 15 денари на 5 денари. |

| | |
|---|---|
| **Намалување на фирмарината на стопанските субјекти (од 6.000 денари на 5.000 денари)** | Намалување на фирмарината од 6.000 денари на 4.000 денари. На 16.6.2020 година е донесена одлука за измена и сега изнесува 5.000 денари. |
| **Ослободување од плаќање надомест за користење на услугите на Јавната општинска установа Детски градинки** | Со оваа мерка се ослободуваат од плаќање надомест на трошоци на родителите чии деца ги користат услугите на Јавната општинска установа Детски градинки „Наша иднина“. Ваквата мерка важи за месеците април, мај и јуни, како и за останатиот период до почетокот со работа на градинките. Со оваа мерка се претпоставува дека се опфатени родителите на околу 1.500 деца, кои во месеците кога децата не одат во градинка плаќаат 35 отсто од месечниот износ |

## 8. ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА

| Мерки преземени од локална власт | Влијание на мерките врз заштитата на јавното здравје, материјална и финансиска помош на физичките и правните лица, како и потенцијално влијание врз неформалното вработените |
|---|---|
| **Набавка и организирање на достава на средства за дезинфекција** | Директно влијание во насока на заштита на јавното здравје. |
| **Дезинфекција на сите јавни, верски, угостителски и трговски објекти** | Директно влијание во насока на заштита на јавното здравје. |

## 9. ОПШТИНА БОГОВИЊЕ

| Мерки преземени од локална власт | Влијание на мерките врз заштитата на јавното здравје, материјална и финансиска помош на физичките и правните лица, како и потенцијално влијание врз неформалното вработените |
|---|---|
| **Набавка и организирање на достава на средства за дезинфекција** | Директно влијание во насока на заштита на јавното здравје. |
| **Дезинфекција на сите јавни, верски, угостителски и трговски објекти** | Директно влијание во насока на заштита на јавното здравје. |

## 10. ОПШТИНА ОХРИД

| Мерки преземени од локална власт | Влијание на мерките врз заштитата на јавното здравје, материјална и финансиска помош на физичките и правните лица, како и потенцијално влијание врз неформалното вработените |
|---|---|
| **Набавка и организирање на достава на средства за дезинфекција** | Директно влијание во насока на заштита на јавното здравје. |

| | |
|---|---|
| **Дезинфекција на сите јавни, верски, угостителски и трговски објекти** | Директно влијание во насока на заштита на јавното здравје. |
| **Дистрибуција на пакети со прехранбени и хигиенски средства за социјално загрозени семејства, кои се избрани според приоритетната листа за итна помош.** | Дополнителна материјална и финансиска помош на материјално необезбедените семејства |

## 11. ОПШТИНА БЕРОВО

| Мерки преземени од локална власт | Влијание на мерките врз заштитата на јавното здравје, материјална и финансиска помош на физичките и правните лица, како и потенцијално влијание врз неформалното вработените |
|---|---|
| **Ослободување од плаќање на комуналната такса за закуп на јавен простор** | Ваквата мерка има директно и непосредно влијание врз стопанствениците во насока на ослободување на дополнителни финансиски средства, т.е. намалување или целосно ослободување на издатоците по основ на комунална такса за закуп на јавен простор. |
| **Поделени заштитни платнени маски до сите домаќинства на ниво на општината** | Мерка насочена пред сè кон зачувување на јавното здравје. |
| **Поделени пакети со средства за хигиена и храна на социјално загрозени фамилии** | Директна помош во материјални средства за социјално загрозените семејства, кои се соочуваат со недостаток на финансиски средства за задоволување на основните егзистенцијални потреби. |
| **Тим кој патролира како помош на стари и изнемоштени лица** | Мерка насочена кон овозможување на директна помош на старите и изнемоштените лица во насока на задоволување на основните човекови потреби. |
| **Дозволи на економските оператори и аптеки за достава на неопходни намирници за време на повеќе часовниот полициски час** | Со цел непречено функционирање на својата економска активност во време на ограничување на движењето на лицата т.е. за време на полицискиот час, општина Берово издава специјални дозволи за економските оператори и аптеките за достава на неопходни намирници. |
| **Редовни дезинфекции на градското подрачје и сите населени места на ниво на општината на улиците, урбаната опрема и јавни објекти** | На ниво на целата територија на општина Берово се спроведува редовна дезингекција на сите јавни површини, урбаната опрема и јавните објекти. Мерка насочена кон зачувување на јавното здравје. |
| **Помош на државен и санитарен здравствен инспектор во врска со изработка на Решенија за позитивни КОВИД пациенти** | Зголемен надзор и асистенција во врска со КОВИД-19 позитивните пациенти и изработка на решенија за нивна изолација. |

| | |
|---|---|
| **Разни видови на донации (таблети-преносни компјутери наменети за следење на online настава на учениците од материјално загрозените семејства; заштитни маски – визири, ракавици и средства за дезинфекција за учениците кои посетуваат физичка настава** | Во насока на непречено и континуирано следење на образовниот процес од страна на учениците кои потекнуваат од материјално загрозените семејства во координација со општина Берово се спроведуваа разни видови на донации на таблет-преносни компјутери наменети за следење на online настава како и заштитни маски, визири, ракавици и средства за дезинфекција за учениците кои посетуваат физичка настава. |
| **Редовно одржување на состаноци од страна на координативно тело за справување со КОВИД пандемијата** | Редовни состаноци на координативното тело за справување со КОВИД-19 пандемијата со цел анализа на тековната состојба, како и проектирање и креирање на наредните мерки во насока на превенирање и намалување на негатнивните последици од истата. |

### 3.3.1. Сумарен преглед на мерките на локално ниво

Целта на следната табела е да се прикажат и елаборираат сумарно мерките што се преземени од одделните општини, а се поврзани со справувањето со предизвиците кои со себе ги носи КОВИД-19 пандемијата со фокус на нивното влијание врз неформално вработените на пазарот на труд. Во рамки на оваа табела е направен сумарен пресек на мерките кои бележат највисок степен на примена во рамките на општините кои се предмет на анализа во оваа студија. Тука се анализира потенцијалниот ефект од преземените мерки врз вработените во неформалната економија од друга страна.

Со оглед на тоа што регионалните (и локалните) импликации од КОВИД-19 пандемијата бележат висок степен на хетерогеност, но и поради големите диспропорции во степенот на економска развиеност помеѓу одделните плански региони, сосема е оправдано да се констатира дека во определен степен ваквите разлики ги детерминираат насоката и интензитетот на мерките кои се превземени од страна на општините во одделните плански региони.

Оттука, може да се констатира дека хетерогениот карактер на општините се рефлектира во различната демографска структура (пред сè тука се мисли на застапеноста на помалите етнички заедници), нивото на економска развиеност, значајните разлики што се јавуваат на пазарот на труд (нивото на степенот на невработеност, различниот опфат на работници кои спаѓаат во работниот контингент кој прима законски утврдена минимална плата) итн. Од друга страна, општините што се предмет на анализа бележат значајни разлики во фискалниот капацитет за справување (преземање мерки на локално ниво) со предизвиците предизвикани од КОВИД-19 пандемијата.

*Табела 3.2. Сумарен преглед на мерките преземени од локалните власти*

| Мерки преземени од локалната самоуправа | Општина | Потенцијален ефект врз вработените во неформалната економија |
|---|---|---|
| **Намалување на комуналната такса за закуп на јавен простор (од 15 денари на 5 денари)** | Град Скопје<br>Прилеп<br>Куманово<br>Берово | Доколку се земе предвид претпоставката дека дел од неформално вработените егзиситраат во рамките на оваа категорија на претпријатија, ефектите од финансиското олеснување на фирмите во одреден степен се пренесуваат и на оваа категорија вработени. |
| **Намалување на фирмарината на стопанските субјекти** | Град Скопје<br>Куманово<br>Прилеп | Ослободувањето на дополнителни финансиски средства по основ намалени расходи на фирмите имаат позитивно влијание врз лицата што се ангажирани во работните процеси во овие фирми. |
| **Олеснителни мерки при наплатата на обврските поврзани со данокот на имот (правни и физички лица) за време на вондредна состојба** | Град Скопје<br>Илинден | Одлуката за непреземање дополнителни мерки кон даночните обврзници (особено по основ обврски данок на имот) за време на вондредната состојба има директен ефект врз расходите на сите физички и правни лица. Оттука, доколку се земе предвид дека неформално вработените работници се соочуваат со најголем ризик од губење на својот доход, оваа мерка има директно влијание во ослободувањето на дополнителни финансиски средства што може алтернативно да се искористат за задоволување на своите егзистенцијални потреби. |
| **Воспоставување на канали на разни донации кон материјално необезбедени семејства** | Град Скопје<br>Градско<br>Илинден<br>Куманово<br>Гостивар<br>Охрид<br>Берово | |
| **Воспоставување на трансакциска сметка за донации** | Градско<br>Куманово<br>Берово | Одреден степен на финансиска помош на материјално необезбедени семејства семејства, односно поединци што ја изгубиле својата работа како последица на настанатата ситуација со КОВИД-19 пандемијата. |

| | | |
|---|---|---|
| **Организирање на маалски концерти** | Град Скопје | Директна финансиска помош на лицата што се ангажирани како изведувачи. Ангажираните музички уметници добиваат еднаков солидарен хонорар од 14.500 денари. |
| **Формирање на тимови за логистичка поддршка** | Град Скопје<br>Градско<br>Гостивар<br>Струмица<br>Берово | Задача на мобилните тимови е набавката на лекови, прехранбени производи, средства за дезинфекција наменети за сите лица што имаат потреба од ваков вид на помош. Притоа лицата ќе треба да го надоместат износот за производите за кои имаат потреба. |
| **Ослободување од плаќање надомест за користење на услугите на Јавната општинска установа „Детски градинки"** | Прилеп | Со оваа мерка се ослободуваат од плаќање надомест на трошоци на родителите чии деца ги користат услугите на Јавната општинска установа Детски градинки „Наша иднина". Ваквата мерка важи за месеците април, мај и јуни, како и за останатиот период до почетокот со работа на градинките. Со оваа мерка се претпоставува дека се опфатени родителите на околу 1.500 деца, кои во месеците кога децата не одат во градинка плаќаат 35 отсто од месечниот износ. |
| **Набавка и достава на средства за дезинфекција, како и дезинфекција на сите јавни, верски, угостителски и трговски објекти** | Град Скопје<br>Градско<br>Илинден<br>Куманово<br>Гостивар<br>Центар Жупа<br>Боговиње<br>Берово | Во функција на превентивна заштита на јавното здравје. |

Анализата покажува дека, во прв ред, најголем дел од преземените мерки во рамките на единиците на локалната самоуправа се од ***парцијален карактер***. При носењето на одделните видови на мерки од страна на локалните власти евидентно е отсуството на ***систематски пристап*** при креирањето на мерките во рамките на единиците на локалната самоуправа.

Дополнително, фактот што КОВИД-19 пандемијата пред сè претставува егзоген шок, при креирањето на мерките треба да се користи ***балансираниот пристап*** помеѓу економскиот оптимум и заштитата на јавното здравје, што воедно претставува дополнителен товар за креаторите на економските политики на централно и локално ниво.

Исто така доколку на ова се додаде и ниското ниво на синхронизираност во креирањето на мерките кое се забележува и во самите општини но и помеѓу општините додава дополнителна доза на комплексност во носењето и анализата на ефектите од мерките. Ваквата констатација можеби не треба да се смета за изненадување доколку се земе предвид фактот дека помеѓу

одделните општини постојат големи диспропорции во развојот, *различниот материјално – финансиски* но и *кадровски капацитет* на одделните општини, како и различниот интензитет на изложеност на КОВИД-19 пандемијата помеѓу одделните општини.

Дополнително, Извештајот на UN Women[67], согласно резултати од доставени прашалници до 20 општини наведува дека, само 9 општини презеле онлајн активности за деца, 15 организирале мобилни тимови за домашни посети на возрасни лица, а 13 организирале мобилни тимови за домашни посети на лица со попреченост. 13 општини доставувале информации за достапноста на социјални услуги за ранливите групи.

## 3.4. Анализа на движењето на основните индикатори на пазарот на труд за време на КОВИД-19 кризата – со посебен осврт на ефектите од мерките врз неформалната вработеност

Ковид-19 пандемијата предизвикува огромни дисторзии на пазарот на труд во последниот период. Имено, како што КОВИД-19 пандемијата го зголемуваше својот интензитет сѐ повеќе работници го напуштаа пазарот на труд, односно остануваа без работа, без разлика дали беа официјално вработени или функционираа во рамките на неформалните економски текови.

Падот на економската активност, проследен со привременото затворање на голем дел од економските капацитети зададе огромен удар врз животниот стандард на луѓето, но и создаде услови за дополнително продлабочување на степенот на сиромаштија на и така сиромашните граѓани.

Неформалните работници, кои најчесто немаат алтернативен извор на приходи и се без директна финансиска поддршка од Владата, се наоѓаат пред можноста да го загубат и нивниот основен приход.

На графикон 3.1. може да се забележи дека **согласно податоците од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ), невработените лица и лицата што бараат работа[68] започнувајќи со КОВИД-19 пандемијата, забележуваат нагорен тренд**. Имено, во периодот пред КОВИД-19 пандемијата се забележува стабилност во нивото на невработените лица и лицата кои бараат работа, сепак започнувајќи од месец март евидентен е трендот на пораст на невработените лица и лицата кои бараат работа. Во јануари 2020 година, бројот на невработени лица изнесува 104.409 лица, додека во категоријата други лица што бараат работа влегуваат 86.539 лица. Во јануари 2021 година, речиси 11 месеци од почетокот на КОВИД-19 пандемијата бројот на невработени лица се искачува на 158.681 лице, додека бројот на лица кои спаѓаат во категорија други лица што бараат работа изнесува 90.293 лица. Оттука, може да се заклучи дека **бројот на невработени лица согласно методологијата на АВРСМ во КОВИД-19 периодот се зголемил за околу 54.272 лица, додека категоријата други лица што бараат работа пораснала за 3.754 лица.**

[67] МАПИРАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19 НА СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА НА ЖЕНИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО, достапно на https://www.preventionweb.net/files/73980_mappingtheimpactofcovidmkwebmin.pdf
[68]Согласно податоците за прилив по основ на работен однос и одјавата од задолжително социјално осигурување.

*Графикон 3.1. Невработени лица и други лица што бараат работа*




Извор: АВРСМ

Особено интересен аспект на состојбата може да се согледа доколку се направи осврт врз движењата на вработеноста и невработеноста на пазарот на труд во периодот 2019 – 2020 година, од што може индикативно да се увиди до определен степен влијанието на КОВИД-19 пандемијата врз формалниот/неформалниот сегмент на пазарот на труд. Имено, со цел да се утврдат реалните тенденции на пазарот на трудот околу загубата на работните места, како и порастот на нивото на невработеност во претходниот период, направен е обид на вкрстување на овие две големини. Од графиконот подолу може да се види дека започнувајќи од првиот квартал во 2019 година, сè до почетокот на КОВИД-19 кризата во Македонија, нивото на официјалната вработеност бележи стабилен нагорен тренд.

Вработеноста во првиот квартал од 2019 година изнесувала 789.414 работници, додека во првиот квартал 2020 година истата пораснала на 811.106 работници. Сепак, **првиот квартал од 2020 година претставува т.н пресвртна точка во движењето на официјалната вработеност, односно во вториот и третиот квартал се забележува надолен тренд на нивото на вработеност**. Оттука, заклучно со вториот квартал од 2020 година нивото на вработеност изнесува 793.416 работници, што претставува загуба од 17.690 работни места како директна последица од КОВИД-19 пандемијата. **Во третиот квартал има најниско ниво на вработеност во Република Северна Македонија во анализираниот две годишен период - 785.561 работници, односно споредено со истиот период од 2019 година таа се намалила за 13.985 работни места, додека споредено со првиот квартал од 2020 година (кварталот пред КОВИД-19 приодот) вработеноста во третиот квартал до 2020 година се намалила за 25.545 работни места**. Во четвртиот квартал до 2020 година нивото на вработеност забележува мало зголемување и изнесува 789.552 вработени. **Доколку нивото на вработеност во четвртиот квартал од 2020 година се спореди со четвртиот квартал од 2019 година (807.362 вработени) може да се констатира дека како последица од**

**КОВИД-19 пандемијата вработеноста во Република Северна Македонија се намалила за 17.810 работни места, односно 17.810 работници кои претходно биле формално вработени како последица од КОВИД-19 пандемијата биле приморани да ги напуштат своите работни места**. Од друга страна, **доколку како референтна точка за нивото на вработеност се земе непосредниот период пред КОВИД-19 пандемијата – првиот квартал до 2020 година, може да се заклучи дека околу 21.554 лица кои претходно биле вработени ги напуштиле своите работни места како последица од КОВИД-19 пандемијата**.

Сепак, треба да се има предвид дека, согласно своите специфики и сезонскиот карактер на дел од работните места, споредбата на нивото на вработеност во првиот во однос на вработеноста во четвртиот квартал може да се смета за неоптимална односно да придонесе за дополнително зголемување на јазот во вработеноста. Оттука, за анализа и споредба на нивото и степенот на промена на вработеноста во последниот квартал до 2020 година за оптимална референтна точка се смета нивото на вработеност во истиот квартал од 2019 година – четвртиот квартал.

Од друга страна, во истиот период, на графиконот е прикажано и движењето на нивото на невработеност, на квартално ниво. Имено, **во четвртиот квартал од 2019 година нивото на невработеност изнесува 101.740 лица, додека во четвртиот квартал од 2020 година изнесува 156.432 лица, односно нивото на невработеност се зголемило за 54.692 лица. Оттука, може да се констатира дека бројот на работници кои за време на КОВИД-19 пандемијата се регистрирани како невработени во Агенцијата за вработување на РС Македонија изнесува 54.692 лица.**

Нашата анализа продолжува во насока на споредба на движењето на вработеноста и невработеноста во КОВИД-19 периодот, од што може да се заклучи дека од една страна 17.810 лица што претходно биле во формален работен однос ги напуштиле своите работни места, додека од друга страна во истиот период како формално невработени се евидентирани дополнителни 54.692 лица. Оттука, **сосема е оправдано да се постави тезата дали дел од лицата кои за време на КОВИД-19 периодот се пријавиле како невработени во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија претходно функционирале во рамките на неформалните економски текови, односно биле дел од неформалниот пазар на труд.**

Исто така **владините мерки, односно пакетите на економски мерки за поддршка на граѓаните и стопанството кои за време на КОВИД-19 пандемијата ги донесе Владата на Северна Македонија, имаат свое влијание врз порастот на лицата што се евидентираат како формално невработени во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.** Имено, со цел да се искористат дел од мерките наменети за лицата кои во време на пандемијата останале без работа или се невработени, еден дел од работниците што припаѓаат на неформалниот пазар на труд, како последица од намалувањето на економската активност и губењето на основниот егзистенцијален доход се регистрираат како невработени.

**Започнувајќи од април, со носењето на вториот пакет на мерки, во кој покрај останатите мерки се вбројува и мерката за директна парична помош на лицата што изгубиле работа**

**за време на пандемијата.** Директната парична помош се движеше во износ од 7.000 денари за месеците април и мај, додека дополнително се исплаќаше надомест од 700 денари за децата на школска возраст и 1.000 денари за децата на средношколска возраст, како и 1.000 денари за енергетски додаток.

Оттука, сосема е оправдано да се очекува **дека како резултат на оваа мерка во официјалните текови на невработени ќе се регистрираат дел од лицата кои претходно функционирале во рамките на неформалната економија, односно работниците кои досега не биле евидентирани како невработени лица. Со ваквата одлука тие ги исполнуваат критериумите за добивање на финансиска помош во форма на гарантирана минимална помош и дополнителен енергетски додаток. Ова на еден начин, претставува и генерална проценка на ефикасноста на мерката за справување со КОВИД – 19 пандемијата која на индиректен начин ги таргетира и големиот број на неформално вработени лица – пријавени како невработени, меѓутоа и голем број на лица кои во изминатиот период воопшто не биле регистрирани како невработени, а сега се пријавиле во евиденцијата на невработени.**

**Во рамките на третиот пакет мерки кој се донесе кон средината на месец мај, покрај останатите мерки се донесе и мерката „Купувам домашно", односно се воспостави платежна картичка за купување на домашни производи**. Она што претставува поле на интерес во контекст на оваа мерка е тоа што **оваа мерка беше достапна за сите активни баратели на работа со месечни приходи пониски од 15.000 денари, како и примателите на гарантираната минимална помош.**

**Ова исто така може да биде една од причините вработените во неформалната економија, кои се приматели на гарантирана минимална помош или пак работниците со приходи пониски од бараниот минимум во насока да ја искористат можноста се регистрираат како невработени во АВРСМ**.

Во оваа насока **со четвртиот пакет мерки донесен од Владата на Република Северна Македонија, продолжува да важи мерката „платежна картичка", која овојпат ги вклучува и пасивните баратели на работа, односно дополнителен поттик со кој може да се очекува работниците што функционирале во рамките на неформалната економија да се регистрираат како невработени.** Во рамките на оваа мерка, како дел од четвртиот пакет мерки, платежни картици во износ од 6.000 денари имаа можност да добијат самохраните родители, пензионерите со пензии до 15.000 денари, како и 85.108 граѓани кои спаѓаат во категориите: самостојни уметници, филмски работници, културни и естрадни уметници итн. Исто така, во овој пакет платежни картички „купувам домашно" добија и околу 540 студенти кои во претходните сетови на мерки беа изоставени.

**Генералната констатација од претходното е дека иако најголем дел од мерките воспоставени од Владата на Република Северна Македонија не се директно насочени кон неформалните работници, тие во одреден степен можат да ги користат овие мерки. Оттука, сосема е оправдано да се тврди дека дел од работниците во неформалната економија кои како последица од КОВИД-19 пандемијата почуствувале намалување на нивниот животен стандард и благосостојба, се регистрирале како невработени во официјалните статистики.**

**Доколку се направи едноставна пресметка на бројот на загубени работни места во КОВИД-19 периодот (17.810 работници) со бројот на зголемување на невработеноста 54.692 лица, може да се констатира дека станува збор за околу 36.882 лица кои немале никакви мотиви да се регистрираат како невработени во АВРМ пред почетокот на КОВИД-19 пандемијата**. Во причините кои придонесуваат за отсуство на мотив/потреба лицата да се регистрираат како невработени во АВРСМ во периодот пред КОВИД-19 пандемијата можат да се потенцираат: лицата функционираат во рамките на неформалниот пазар на труд, отсуство на мерки и бенефити кои истите би ги користеле како формално невработени во АВРСМ, функционирање во неформални сектори каде остварување на тие права е тешко итн.

*Графикон 3.2. Вработеност и невработеност во Северна Македонија, по квартали за период 2019-2020*




Забелешка: Податоците за невработеноста се преземени од месечните податоци од АВРСМ, податоците за вработеноста се преземени од Анкетата за работна сила при ДЗС

Извор: Пресметка на авторите

Доколку се направи споредба на движењето на степенот на вработеност во четвртиот квартал од 2020 година, во однос на 2019 година може да се заклучи дека вработеноста опаднала за 2,2%. Она што е интересно да се истакне е дека, согласно податоците во последниот квартал од 2020 година, споредено со истиот период 2019 година, може да се констатира дека загубата во работните места е со различен интензитет помеѓу одделните возрасни групи работници.

**Може да се констатира дека младите работници на возраст од 15 до 24 години, во четвртиот квартал од 2020 година, во однос на истиот период 2019 година се соочиле со пад на вработеноста од 13,5%, односно во апсолутен износ 7.072 работници ги загубиле своите работни места.**

**Доколку се земе предвид фактот дека младинската невработеност во нашата држава е двојно поголема од националниот просек, како и фактот дека младите лица се на**

**почетната фаза на интеграција на пазарот на трудот и се соочуваат со доста предизвици, може да се констатира дека КОВИД-19 пандемијата натпросечно ја зафати оваа категорија на работници.** Исто така, без оглед на фактот што степенот на намалување на вработеноста кај работниците на возраст од 50 до 64 години изнесува 1,4%, околу 3.082 лица на оваа возраст ги загубиле своите работни места. Доколку се земе предвид фактот дека оваа категорија на работници се карактеризира со низок степен на флексибилност на пазарот на трудот, во тој случај дополнително се отежнува процесот на повторно влегување на пазарот на трудот на овие работници.

*Графикон 3.3 . Апсолутна и релативна промена на вработеноста по возрасни категории (IV2019/IV2020)*




*Работниците на возраст од 65 години и повеќе бележат пораст на вработеноста за 4.182.
Извор: Сопствена обработка на податоци од ДЗС.

**Во поглед на диференцијацијата на ефектите врз пазарот на труд по пол, може да се констатира дека КОВИД-19 пандемијата остава поголеми последици врз жените на пазарот на труд**. Имено, **споредено со 2019 година, на крајот од 2020 година, околу 10.250 работнички ги загубиле своите работни места, што во однос на мажите (7.557 работници) претставува разлика од околу 26%.** Исто така треба да се потенцира дека споредено со четвртиот квартал од 2019 година, во четвртиот квартал од 2020 година жените на возраст од 15 до 24 години, кои останале без работа изнесуваат 5.026 лица, споредено со мажите кои на оваа возраст ја загубиле работата (2.046). **Оттука може да се констатира дека вработеноста кај жените на возраст од 15-24 години споредено со вработеноста кај мажите опаднала за 2,5 пати (повеќе од двојно).**

*Графикон 3.4. Загубени работни места, по пол (IV2019/IV2020)*




Извор: Сопствена обработка на податоци од ДЗС

# 4. ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ – АНАЛИЗА НА СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД КОВИД-19 ВРЗ НЕФОРМАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ, МАПИРАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ МЕРКИ И НИВНАТА ЕФИКАСНОСТ

## 4.1. Опфат и методологија на истражувањето

Истражувањето е спроведено со цел евалуација на ефектите од донесените мерки за справување со КОВИД-19 пандемијата врз ранливите групи на граѓани (работници од неформалната економија, културни работници, работници во угостителски сектор, трговија, работници што работат во дејностите чување деца и чување стари лица и лица со посебни потреби и домашни работници).

Согласно целта на истражувањето, креиран е прашалник од страна на тинк тенк организацијата Аналитика, кој со помош на локалната организација Достоинствен работник од Прилеп е дистрибуиран до засегнатите групи на работници. Прашалникот е дизајниран со користење на најдобри практики од други меѓународни студии и инструменти.

Прашалникот е составен од 19 прашања кои се поделени во три логични области. Прво, демографски карактеристики на испитаниците; Второ, ефекти од КОВИД-19 пандемијата и од мерките за справување со КОВИД-19 пандемијата; Трето, прашања во однос на препораки за идни мерки за ублажување на негативните последици. Просечното времетраење на интервјуто беше 30 минути. Прашалникот е изработен на македонски јазик.

Методот за собирање на податоци користен во ова истражување беше интервју лице во лице, спроведено во домовите на испитаниците со целосно запазување и применување на мерките за заштита при КОВИД-19. Интервјуто лице во лице е метод за собирање податоци каде што интервјуерот директно комуницира со испитаникот во согласност со подготвениот прашалник. Овој метод им овозможува на истражувачите да добијат информации заедно со проценките, ставовите, преференциите на испитаниците, и други информации за време на разговорот.

Прашалниот беше дистрибуиран до 80 испитаници при што се собрани 55 валидни и целосно пополнети прашалници.

Учеството на жените во рамките на засегнатите категории на работници кои се одзвале на прашалникот изнесува 56% додека учеството на мажите изнесува 44%.

Согласно возрасната категорија, во прашалникот највисок степен на учество имаат работниците на возраст од 35 до 44 години, кои претставуваат 25% од вкупниот број на работници опфатени со овој прашалник. Во просек, може да се констатира дека распределбата на работниците што учествуваат во прашалникот согласно возрасната категорија е пропорционална.

Согласно формата на вработување, 55% од испитаните во рамките на овој прашалник спаѓаат во категоријата формално вработени лица, додека лицата што функционираат во рамките на неформалната економија учествуваат со околу 39% во вкупниот број на испитаници. Остатокот од испитаниците, спаѓаат во групата невработени 6%.

## 4.2. Анализа на резултатите од истражувањето

Целта на овој дел од истражувањето е да се:

- Утврди состојбата и ефектите од донесените мерки за справување со КОВИД-19 пандемијата врз ранливите групи граѓани (работници од неформалната економија, културни работници, работници во угостителски сектор, трговија, работници што работат во дејностите чување деца и чување на стари лица и лица со посебни потреби, домашни работници),
- Креирање на основа за подобрување на постоечките мерки/политики и создавање поголема отпорност кај оваа категорија на граѓани на последици од слични кризи во иднина.

*Со цел добивање порелевантни заклучоци во контекст на целите на истражувањето на крај се направени посебни профили – сумирани се разликите во размислувањата/одговорите на неформалните работници наспроти формално вработените – што беше една од причините за вклучување определен број формално вработени испитаници (во сектори кои беа погодени од пандемијата). Со цел да биде доловена и родовата димензија во ефектите од пандемијата и потенцијалните мерки и политики, дополнително се елаборирани и родови (мажи/жени) посебни профили за секое од клучните прашања.*

Во овој дел од публикацијата се претставени резултатите до кои беше дојдено за време на истражувањето. Резултатите се претставени во четири логични целини, односно области: Општи и структура карактеристики; Ефекти од КОВИД-19 пандемијата; Анализа на ефектите од мерките за справување со КОВИД-19 пандемијата; Препораки за идни мерки за ублажување на негативните последици од КОВИД-19 пандемијата.

### 4.2.1. Општи карактеристики и структура

Со оглед на тоа што пандемијата од КОВИД-19 предизвика негативни последици кај целата популација (мажите и жените) во ова теренско истражување направивме обид да обезбедиме соодветен примерок (во општината од интерес) за објективна анализа на негативните последици и главните предизвици со кои се соочуваат работниците од неформалната економија, културните работници, како и за анализа на ефектите на веќе донесените мерки. Во продолжение ќе бидат најпрвин кратко преставени карактеристиките на примерокот за понатаму да бидат елаборирани конкретните одговори/резултати од спроведеното истражувањево однос на ефектите и очекуваните мерки кои можат да ги ублажат ефектите од пандемијата.

Од графиконот 4.1. може да се констатира дека **учеството на жените во рамките на анализираната категорија на работници изнесува 56% додека учеството на мажите изнесува 44%** (види графикон број 1)[69]. Согласно специфичноста на работните места, особено во рамките на неформалните работници,повисокото учество на жените не треба да претставува ограничување во носењето на заклучоци и предлози за подобрување на состојбата на оваа категорија на работници.

*Графикон 4.1. Распределба на испитаниците по пол*




Извор: пресметки на авторите

Исто така, доколку се земе предвид фактот дека **одделните возрасни категории се разликуваат по своите потреби и начин на живот, може да се очекува ефектите од**

[69]Рамномерната застапеност на мажите и жените како репрезенти на категориите работници кои спаѓаат меѓу најзагрозените од КОВИД-19 пандемијата, претставува добра основа за добивање на објективни резултати врз основа на кои ќе бидат дадени предлози за дополнување на веќе постоечките мерки и политики.

**КОВИД-19 пандемијата да имаат различно влијание врз одделните возрасни категории**. За потребите на оваа анализа, направен е обид да се обезбеди застапеност на скоро сите возрасни категории. Така, **лицата на возраст од 35-44 години претставуваат 25% од вкупниот број на лица опфатени со овој прашалник**. Возрасните категории на граѓани од 45 до 54 години и 55-64 години учествуваат подеднакво во овој прашалник (22% респективно). Лицата на возраст 25-34 години бележат учество од 18%, додека најниско учество бележат лицата на возраст од 15-24 години (13%) (види графикон 4.2.).

Лицата на возраст од 15-24 години во најголем дел се ученици и студенти. Доколку од една страна се земе предвид фактот дека средното образование е задолжително, додека од друга страна дел од студентите во текот на студиите се одлучуваат за работа со скратено време (или работат непријавени – неформално) се смета за оправдано ставовите, перцепциите околу ефектите од мерките и последиците од КОВИД-19 пандемијата на оваа возрасна категорија да бидат вклучени во рамките на оваа анализа.

*Графикон 4.2. Распределба на испитаниците по возрасни групи*




Извор: пресметки на авторите

Во поглед на **формата на вработување**, 44% од вкупните испитаници во оваа анализа спаѓаат во категоријата **формално вработени** (официјално вработен). Со цел да се добијат подетални информации околу **ранливите категории на граѓани,** истите се сегментирани во неколку категории: **неформално вработен, неплатен семеен работник, вработен на повик или по потреба и самостоен вршител на дејност** (пред сè, во оваа категорија спаѓаат занаетчии и земјоделци). Понатаму, **невработените лица** (лицата кои за време на пандемијата останале без работа) учествуваат со 6% во оваа анализа, додека учениците бележат учество од 2% (види графикон 4.3.). Може да се констатира дека лицата кои се изјасниле дека спаѓаат во категоријата **неформално вработен** претставуваат 8% од вкупните испитаници во овој прашалник. Сепак, тука треба да се напомене дека **неплатените семејни работници**, **вработените на повик или по потреба**, како и **самостојните вршители на дејност** (**занаетчиите и земјоделците**) може исто така да се окарактеризираат како работници кои во определен степен функционираат во рамките на неформалните економски текови. Притоа,

**учеството на неплатените семејни работници изнесува 26%, на вработените на повик или по потреба 4%, на самостојните вршители на дејност 10%. Практично, учеството на ранливите групи на граѓани, односно граѓаните кои се меѓу најпогодените од КОВИД-19 пандемијата изнесува околу 48%.** Оттука, со оглед на тоа што одделните групи од работоспособното население (**работниците од неформалната економија и привремено вработените работници**) се во фокусот на оваа анализа, **сосема е оправдано нивното повисоко учество за потребите на оваа анализа**.

Согласно распределбата на резултатите, **44% од испитаните во рамките на овој прашалник спаѓаат во категоријата формално вработени лица**, додека од друга страна **лицата кои функционираат во рамките на неформалните економски текови учествуваат со околу 48% од вкупниот број на испитаници**. Остатокот од испитаниците, спаѓаат во групата **невработени 6% и ученици 2%**. Исто така, треба да се напомене дека во рамките на формално вработените работници, во најголем степен спаѓаат **вработените од културата** кои во претходниот период беа меѓу **најзасегнатите категории на работници со КОВИД-19 пандемијата**.

Во однос на **неформално вработените работници,** голем дел од работниците работат во сектори што беа меѓу најзасегнатите од мерките преземени како резултат на КОВИД-19 пандемиајта: култура, забава и рекреација, чување на деца и чување на стари и изнемоштени лица и сл. Оттука, согласно видот на работата **неформалните работници во најголем дел од случаите работат на работни места што не можат да се извршуваат од дома, односно истите мораат да бидат на своето работно место**. Исто така, поголем дел од работниците од оваа категорија немаат никаква основна заштита, вклучително и социјална заштита, имаат слаб пристап до здравствени услуги, и немаат алтернативен извор на приходи во случај на болест или затворање на работата. Имајќи ги предвид претходните констатации особено е важна структурата на испитаниците во нашата анализа, каде согласно **типот на работни односи,** т.е. **формата на вработување, лицата што спаѓаат во ранливите групи на ниско-платени работници, односно лицата што се дел од неформалната економија претставуваат значаен дел од вкупните испитаници, што понатаму овозможува да се добие реалната слика и да се утврди состојбата и ефектите што КОВИД-19 пандемијата ги наметнува врз оваа категорија на граѓани.**

*Графикон 4.3. Распределба на испитаниците согласно форма на вработување*




Извор: Пресметки на авторите

Дополнително, со цел да се направи јасна дистинкција помеѓу бројот на неформалните и бројот на формалните работници што се предмет на анализа во трудот, креиран е графиконот број 4. Од графиконот може да се констатира дека **околу 55% од испитаниците се вклучени во формалните економски текови на пазарот на трудот**. Од друга страна **39%** од испитаниците спаѓаат во категоријата **неформални работници**, додека единствено 6% од испитаниците се декларирале како невработени лица (лица што за време на пандемијата ја изгубиле својата работа).

*Графикон 4.4. Распределба на работниците согласно критериумот формално/неформално вработени*




Извор: Пресметка на авторите

Во однос на распределбата на испитаниците согласно **дејноста/типот на работните места,** најголем дел од испитаниците работат во дејноста **култура и забава (24%)** и **земјоделство (24%)**. Во категоријата **чување на стари и изнемоштени лица** работат **6%** од испитаниците, додека во категоријата **чување деца** работат **11%** од испитаниците. Понатаму, согласно одговорите во прашалникот партиципираат и лица кои се **официјално вработени во текстилната индустрија (6%),** додека **6%** од испитаниците се **занаетчии**. Понатаму, значителен број од испитаниците (**20%**) се сегментирани во категоријата **друго**. Лицата што спаѓаат во рамките на оваа категорија работат во следните работни позиции: возач на товарни камиони, ветеринарна дејност, угостителство итн. (види графикон 4.5.).

*Графикон 4.5. Распределба на работници согласно типот на работа/дејноста*




Извор: Пресметки на авторите

Во однос на евиденцијата како невработени лица во Агенцијата за вработување, **67% од испитаниците констатирале дека не се евидентирани како невработени лица** во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Од друга страна **околу 1/3 (31%) од испитаниците изјавиле дека се евидентирани како невработени лица**. Останатите 2% од испитаниците спаѓаат во категоријата ученик (види графикон 4.6.).

*Графикон 4.6. Распределба на испитаниците согласно евиденцијата како невработени во Агенцијата за вработување на РСМ*




Извор: Пресметка на авторите

Во однос на користењето на придобивките од здравственото осигурување, се смета сосема оправдано да се добие индикативна претстава за поседувањето на здравствено осигурување на испитаниците во оваа анализа. За оваа цел, на графиконот 4.7. е претставена распределбата на лицата според тоа дали имаат **здравствено осигурување**. Резултатите покажуваат дека **најголем дел од испитаниците (95%) имаат здравствено осигурување**, додека **мал дел од испитаниците истакнале дека немаат здравствено осигурување (5%)**.

*Графикон 4.7. Распределба на испитаниците согласно поседувањето на здравствено осигурување*




Извор: Пресметка на авторите

### 4.2.2. Ефекти од КОВИД-19 пандемијата врз ранливите категории на граѓани

КОВИД-19 пандемијата ги зафати речиси сите текови од општествената, економската и социјалната сфера. Граѓаните, претпријатијата, но и јавните институции правеа обиди за оптимално функционирање во т.н „ново нормално". Сепак, ранливите категории на граѓани (помеѓу кои и работниците во неформалната економија, домашните неплатени работници, лицата ангажирани за чување деца и стари и изнемоштени лица, работниците во културата итн.) можеби во најсилен степен ги чувствуваат економските последици од КОВИД-19 пандемијата. Со цел надминување на кризата и амортизирање на негативните последици владата на Република Северна Македонија креираше пакети на помош наменети за граѓаните и бизнис секторот. Основната цел во овој дел од истражувањето е да се прикажат и елаборираат главните индикатори кои ги претставуваат ефектите од КОВИД-19 пандемијата врз ранливите категории на граѓани, како и да се извлечат заклучоци и предложат соодветни препораки за подобрување на наредните КОВИД-19 пакети помош врз одделните групи на граѓани.

Во однос на **потребата како и достапноста на здравствени услуги**, значителен дел од испитаниците изјавиле дека во претходниот период **немале потреба од здравствена услуга (57%)**. **Помеѓу испитаниците во рамките на оваа група, дел од нив изјавиле дека имале потреба од здравствена услуга, но истата не им била овозможена (6%)**. Дел од испитаниците навеле дека причината е немање на термин, додека мал дел изјавиле дека немаат финансиски средства за истата. Од друга страна,**43% од испитаниците изјавиле дека во претходниот период имале потреба од здравствена услуга и истата ја добиле** (види графикон 4.8.).

*Графикон 4.8. Распределба на испитаниците согласно потребата од здравствена услуга и дали сте ја добиле истата*




Извор: Пресметка на авторите

Понатаму, во поглед на примањето на **социјална помош**, речиси сите испитаници изјавиле дека **не примаат социјална помош по никоја основа**. Единствено, незначаен дел од испитаниците (3%) констатирале дека примаат инвалидска пензија (види графикон број 4.9.).

*Графикон 4.9. Распределба на испитаниците согласно реализирање на правото на социјална помош*




Извор: Пресметка на авторите

Со оглед на фактот што економските последици во услови на **КОВИД-19** пандемијата најсилно се одразија врз оваа ранлива група на граѓани, се смета сосема оправдано да се прикаже **движењето на нивниот доход во претходниот период**. Остварувањето на приходите, како и нивниот износ и движење во претходниот период се прикажани на графикон 4.10. и графикон 4.11. Во поглед на реализацијата на приходите како и нивната редовност, најголем дел од испитаниците изјавиле дека **остваруваат редовни приходи (41%)**. Од друга страна, висока пропорција од испитаниците изјавиле дека **не остваруваат приходи по никој основ (33%)**. Понатаму, дел од испитаниците, потврдиле дека во претходниот период остваруваат приходи, но тие се **повремени и нередовни (20%)**. Во категоријата друго спаѓаат **6%** од испитаниците кои навеле дека остваруваат приходи по основ на пензија и приходи по основ на земјоделски активности (се смета дека истите не може да се окарактеризираат како повремени) (види графикон 4.10.).

*Графикон 4.10. Распределба на испитаниците согласно остварувањето на приходи*




Извор: Пресметка на авторите.

Во поглед на **износот на приходите што ги остваруваат испитаниците**, истите се поделени на групи соодветно на остварениот износ, што овозможува индикативна слика за распределбата на граѓаните по нивните месечни приходи, но и финансискиот капацитет за амортизирање на негативните ефекти предизвикани од КОВИД-19 пандемијата. Оттука, треба да се потенцира дека **24% од испитаниците имаат приходи во износ од над 30.000 денари**, **месечни приходи во износ од 20.000 до 30.000 денари имаат 13% од испитаниците**, **додека приходи пониски од 20.000 денари месечно се забележуваат кај 63% од испитаниците**. Доколку анализата се фокусира врз пониските нивоа на доход, се забележува значајна разлика во нивоата на доход на оваа група испитаници. Имено, **18% од испитаниците потврдиле дека остваруваат доход во износ од 12.000 до 15.000 денари месечно**, додека **16% од испитаниците констатирале дека имаат доход од 15.000 до 20.000 денари** на месечно ниво. Она што е особено индикативно е фактот дека **околу 16% од испитаниците бележат ниво на доход пониско од законската месечна минимална плата**. Во оваа насока, **5% од испитаниците потврдиле дека имаат месечни приходи пониски од 3.000 денари**, **3% од испитаниците потврдиле дека имаат месечни приходи во износ од 3.000 до 6.000 денари**. Исто така, **месечен приход во износ од 6.000 до 9.000 денари земаат 5% од испитаниците** (види графикон 4.11.).

Од прикажаните резултати поврзани со дистрибуцијата на реализираните приходи помеѓу одделните групи на граѓани може да се заклучи дека **значаен дел од испитаниците имаат сериозни финансиски потешкотии во надминувањето на последиците од КОВИД-19 пандемијата**.Истовремено, овде може да заклучиме дека значаен дел од испитаниците живеат на работ на сиромаштија, што значајно повеќе ги доведува до состојба да не можат да одговорат на финансиските предизвици што ги наметна пандемијата.

*Графикон 4.11. Распределба на испитаниците согласно износот на остварени приходи*




Извор: Пресметка на авторите.

Со цел добивање на целосна и интегрирана слика околу последиците од КОВИД-19 пандемијата врз ранливите групи на граѓани, исто така е значајно да се има предвид дали **тие биле на некој начин контактирани од надлежните институции во врска со нивните проблеми и предизвиците со кои се соочуваат за време на КОВИД-19 пандемијата**. Одговорите претставени на графикон број 4.12. покажуваат дека **дури 87% од испитаниците се изјасниле дека немале никаква консултација со претставници на надлежните институции во врска по ова прашање.** Од друга страна, само 13% од испитаниците потврдиле дека имале комуникација поврзана со нивните проблеми предизвикани од КОВИД-19 пандемијата во претходниот период. Тука се смета за особено важно да се напомене дека **лицата што одговориле потврдно на ова прашање потенцирале дека биле контактирани од претставници на невладиниот сектор**. Дополнително, податоците од анализата покажуваат дека се работи за **земјоделци што** се членки на одредени невладини организации (види графикон број 4.12.).

*Графикон 4.12. Дали некој ве прашал со какви проблеми и предизвици се соочувате за време на КОВИД-19 пандемијата?*




Извор:Пресметки на авторите

Со цел да се добие вистинска претстава за предизвиците, промените и последиците што КОВИД-19 пандемијата ги предизвикува врз граѓаните од особена важност е да се претстават резултатите поврзани со **најзначајните промени во овој домен што граѓаните ги доживеале во претходниот период**. Најголем дел од граѓаните потврдиле дека КОВИД-19 пандемијата придонела за **значајно зголемување на трошоците за разни намени поврзани со КОВИД-19 пандемијата (46%)**. Исто така, значаен дел од испитаниците тврдат дека како последица од пандемијата во претходниот период дошло до **значајно намалување на нивните егзистенцијални приходи (30%)**. Резултатите од прашалникот индицираат и на крајно негативни последици каде што испитаниците констатирале дека ја **изгубиле својата работа за време на КОВИД-19 пандемијата (9%)**. Покрај предизвиците поврани со финансиите, дел од лицата истакнале дека имаат **проблеми со згрижувањето децата и нивниот образовен процес во време на пандемијата (6%)**. На крај, во категоријата друго спаѓаат лицата кои констатирале дека КОВИД-19 пандемијата придонела за менување на начинот на живот (види графикон 4.13).

*Графикон 4.13. Промени/последици предизвикани од КОВИД-19 пандемијата*




Извор: Пресметка на авторите.

Иако од резултатите претставени на претходниот графикон се добива сосема јасна слика околу **финансиските потешкотии во справувањето со последиците од КОВИД-19 пандемијата**, се смета за потребно да се анализира подетално состојбата во **движењето на месечните приходи** на оваа категорија на лица. Може да се заклучи дека во просек, **најголем дел од испитаниците (62%) се соочиле со намалување на своите приходи**. Од друга страна **околу 1/3 од испитаниците (32%) потврдиле дека во претходниот период не дошло до намалување на нивните приходи**. Понатаму, **помал дел испитаниците (6%) истакнале дека не се соочиле со намалување на своите приходи во претходниот период, но проблем им претставувало доцнењето на платата (доцнење на платата во период од 2 месеци)** што само по себе придонесува за дополнителни проблеми од егзистенцијална природа (види графикон 4.14.). Сумирано, може да се констатира дека **во просек, на секои 10 лица, околу 6 лица се соочиле со намалување на нивните приходи во претходниот период како последица од КОВИД-19 пандемијата**.

*Графикон 4.14. Намалување на приходите во претходниот период како последица од КОВИД-19 пандемијата?*




Забелешка: *Доцнење на платата во период од 2 месеци, Извор: Пресметка на авторите.

Покрај анализата за движењето на приходите во претходниот период, од голема важност е да се анализира **степенот на промена на приходите на граѓаните**. Оваа анализа добива повеќе на важност доколку се потенцира дека се работи за лица кои спаѓаат во ранлива група на граѓани, кои **своите приходи во најголем дел ги насочуваат кон задоволување на своите основни потреби, односно целиот месечен буџет е наменет за тековна потрошувачка**. Притоа, намалувањето на приходите на оваа категорија на граѓани доведува до состојба на **неможност да ги задоволат своите основни потреби**. Согласно резултатите од истражувањето, најголем дел од испитаниците изјавиле дека во претходниот период нивните приходи забележале **просечен пад од 10-30% (44%), додека речиси 1/3 (27%) изјавиле дека во претходниот период нивниот единствен приход опаднал до 10%**. Понатаму, значаен дел од испитаниците **(13%)** изјавиле дека намалувањето на нивните приходи се движело од **30 до 50%.** Сосема мал дел од испитаниците (**3%**) навеле дека се соочиле со пад во нивните приходи од **50 до 70%.** Понатаму, од особена важност е да се потенцира дека **10% од испитаниците во претходниот период се соочиле со целосно губење на нивните приходи** (види графикон 4.15.).

*Графикон 4.15. Степен на намалување на вашите приходи во претходниот период*




Извор: Пресметка на авторите.

Како продолжение на претходните констатации поврзани со **промената на приходите и трошоците на живот на <u>одделните категории на работници</u>**, подолу во текстот е прикажан степенот на намалување/зголемување на приходите/расходите во претходниот период. Резултатите индицираат на фактот дека **кај повеќе од 2/3 од самостојните вршители на дејност дошло до намалување на приходите од 10-30%**, додека **останатите 1/3 од испитаниците (33%) потврдиле дека се соочиле со намалување на нивните приходи од 30-50%** (види графикон 4.16.). Што се однесува до **падот на приходите кај неформалните работници, може да се констатира дека само кај 8% од случаите доаѓа до намалување на приходите до 10%.** Од друга страна, **62% од испитаниците потврдиле дека во претходниот период нивните приходи опаднале во просек од 30 до 50%. Дел од неформалните работници (15%) се соочиле со пад во приходите од 30-50%,** додека **8% од оваа категорија на работници се соочила со пад на приходите од 50-70%** (види

графикон 4.16.). Овие резултати потврдуваат дека оваа категорија граѓани е несомнено силно погодена од Ковид-19 кризата. Овие луѓе се доведени до состојба кога заради губење или значителен пад на приходите се приморани да се изложуваат на висок ризик во услови на светска пандемија за да можат да преживеат. Оттука, круцијално е идентифукувањето на овие лица од страна на институциите и обезбедување на континуирана финансиска помош. Но, затоа е потребна институционална ажурност, идентификација на овие лица и скратување на административни постапки за добивање на помош.

Доколку се земе предвид фактот дека неформалните работници најчесто својот месечен надоместок го примаат во кеш (на рака) и истиот може да биде во износ под нивото на законски утврдената минимална плата, во тој случај **било каков степен на пад во нивото на нивните плати има значајно влијание во можноста да ги задоволат своите егзистенцијални потреби**. Исто така, доколку се земе предвид фактот дека работниците кои припаѓаат на оваа група не се интегрирани во официјалните економски текови и немаат можност своите работнички права да ги остваруваат преку одредените синдикални организации, истото придонесува за дополнително отежнување на нивната состојба на пазарот на труд, особено во период на КОВИД-19 пандемијата. Важно да се потенцира е дека, согласно резултатите од истражувањето, **8% од работниците за време на КОВИД-19 пандемијата (во претходниот период) се соочиле со целосно губење на нивните приходи (ги загубиле своите работни места)**. Што се однесува до лицата што спаѓаат во категоријата **формално вработени** (официјално вработени) и се вклучени во сите официјални економски текови, односно ги уживаат работничките права преку своите синдикални организации, исто така и тие се соочуваат со **негативни финансиски импликации предизвикани од КОВИД-19 пандемијата**. Оттука, во поглед на намалувањето на сопствените приходи во претходниот период, во **54% од случаите дошло до намалување на приходите до 10%. Околу 1/3 (31%) од испитаниците истакнале дека во претходниот период се соочиле со намалување во нивните приходи од 10-30%.** Остатокот од испитаниците **(15%)** истакнале дека во претходниот период дошло речиси до **преполовување во нивните приходи, односно тие се соочиле со намалување на нивните приходи од 30 до 50%** (види графикон 4.16.).

*Графикон 4.16. Степен на намалување на приходите помеѓу одделните типови на работа*




Извор: Пресметка на авторите

По истата аналогија од претходно, со цел да се добие целосна слика околу **финансиските импликации поврзани со КОВИД-19 пандемијата**, се смета за корисно да се анализира и **движењето на трошоците/расходите во претходниот период**. Имено, најголем дел од испитаниците **(81%)** се соочиле со **зголемување на нивните трошоци/расходи како последица од КОВИД-19 пандемијата** во претходниот период. Од друга страна, **19%** од испитаниците истакнале дека во претходниот период **не дошло до зголемување на нивните трошоци за живот како последица од КОВИД-19 пандемијата** (види графикон број 4.17.).

*Графикон 4.17. Дали во претходниот период имаше зголемување на вашите расходи/трошоци?*




Извор: Пресметка на авторите

Исто така, со цел добивање на подетални и поконкретни податоци поврзани со **видот на трошоците кои во претходниот период забележале пораст,** креиран е графикон 4.18. Од распределбата на резултатите од графиконот може да се констатира дека како последица од КОВИД-19 пандемијата, **најголем дел од испитаниците се соочиле со пораст на трошоците поврзани со набавка на средства за дезинфекција и заштита (43%)**. Понатаму, резултатите покажуваат дека во зголемувањето на трошоците во претходниот период, свое значајно влијание имаат и **трошоците за храна и намирници, каде што 29% од испитаниците констатирале дека истите пораснале во претходниот период**. Трет вид на трошоци кои имаат значајно влијание врз зголемувањето на вкупните трошоци за живот во претходниот период се **здравствените трошоци**, околу **19% од испитаниците истакнале дека здравствените трошоци исто така забележале значаен пораст во претходниот период**. **8%** од испитаниците констатирале дека во зголемувањето на вкупните трошоци за живот, покрај другите наведени трошоци, значајно влијание имаат и **трошоците за превоз**.

*Графикон 4.18. Вид на трошоци/расходи*




Забелешка: *Испитаниците наведуваат повеќе од еден одговор, Извор: Пресметка на авторите.

Во најголем дел од случаите кај **самостојните вршители на дејност** доаѓа до зголемување на трошоците како последица од КОВИД-19 пандемијата **(83%)**, додека во **17%** од случаите може да се забележи дека дошло до **намалување на приходите за егзистенција**. Што се однесува до работниците кои функционираат во рамките на **неформалната економија**, **во 57% од случаите намалувањето на финансискиот капацитет, односно зголемените финансиски потешкотии се последица од зголемувањето на трошоците за живот, што се поврзани со КОВИД-19 пандемијата**, додека во **26%** од случаите доаѓа до **намалување на егзистенцијалните приходи, односно КОВИД-19 пандемијата придонела за намалување на единствените извори на приход на оваа категорија работници**. Она што е особено важно да се истакне е дека **17% од неформалните работници ја изгубиле својата работа како последица од КОВИД-19 пандемијата**.

Лицата кои спаѓаат во категоријата **формално вработени** истакнале дека во нивниот случај, **финансиските потешкотии се резултат на подеднакво дејство на намалување на приходите за егзистенција (38% од случаите) и зголемување на трошоците за живот (38% од случаите).** Исто така, во рамките на оваа категорија на работници на површина излегува проблемот со **згрижување на децата и нивниот образовен процес**, односно ваков проблем се среќава во просек кај **5%** од испитаниците (види графикон 4.19).

*Графикон 4.19. Проблеми и предизвици како резултат на КОВИД-19 пандемијата кај одделните типови на работници*




Извор: Пресметки на авторите.

Со оглед на тоа што околу 33% од испитаниците изјавиле дека не оствариле никакви приходи во претходниот период (види погоре во текстот), се смета за корисно да се анализира движењето на трошоците поврзани со КОВИД-19 пандемијата и промената во семејните приходи на оваа категорија на испитаници. Резултатите претставени на графикон 4.20. индицираат на фактот дека **во 54% од случаите кај лицата кои во претходниот период воопшто не остварувале приходи, дошло до зголемување на трошоците за разни потреби поврани со КОВИД-19 пандемијата**. Понатаму, кај дел од овие лица исто така

дошло до **намалување на приходите за егзистенција кои ги остварувале останатите членови од нивното семејство (46%).**

Тука се поставува едно многу важно прашање а тоа е „Како егзистирале овие лица". Со оглед на тоа дека 33% од испитаниците изјавиле дека не оствариле никакви приходи, а кај 54% од нив дошло до зголемување на трошоците за живот, се истакнува фактот дека овие лица се сериозно загрозени. Оттука, еднократна парична помош (како ваучери, платежни картички и енергетски додаток) не помагаат во вакви случаи. **Ова бара зголемено релаксирање на услови за влез во системот за социјална помош со што би се обезбедило овие лица да бидат приматели на месечен гарантиран минимален доход.**

*Графикон 4.20. Намалување на семејните приходи и зголемување на трошоците поврзани со потребите од КОВИД-19 пандемијата кај лицата кои не остваруваат никаков месечен приход*




Извор: Пресметка на авторите.

### 4.2.3. Ефекти од мерките од централната/локалната власт со цел намалување на негативните последици предизвикани од КОВИД-19 пандемијата

Со цел ублажување и надминување на негативните последици предизвикани од **КОВИД-19 пандемијата** креаторите на економските политики преземаат активни мерки кои се наменети, пред сѐ, за најранливите групи на граѓани. За оваа цел Владата на Република Северна Македонија во претходниот период креираше 5 пакети на економски мерки за поддршка на граѓаните и стопанството[70]. Важно е да се напомене, дека во времето кога се спроведуваше теренското истражување, не беше донесен петтиот пакет мерки од Владата на РС Македонија, односно прашањата ги опфатија првите четири пакет мерки. Сумирано, во фокусот на првите два пакета економски мерки беше амортизирањето на негативните ефекти што КОВИД-19 пандемијата ги продуцира врз економијата, додека другите пакети мерки беа со основна цел зголемување на економската активност, односно поддршка на

[70] Подетално околу ефектите поврзани со мерките на Владата на РСМ поврзани со справување со ефектите од кризата можете да видите во делот 3.2. Економски мерки на Централната власт за справување со последиците од кризата предизвикана од КОВИД-19 пандемијата.

граѓаните и стопанството. Ваквите КОВИД-19 пакети за  активна поддршка на приватната потрошувачка и стопанството пред сè се насочени кон најзагрозените групи на граѓани и фирми.

Сепак, во поглед на искористеноста на мерките треба да се напомене дека резултатите од спроведеното истражување индицираат на фактот дека **само 25% од испитаниците искористиле дел од мерките на централната власт, додека 75% од граѓаните потврдиле дека немаат искористено ниту една мерка во претходниот период** (види графикон 4.21.).

Имајќи предвид дека 75% од испитаниците немаат искористено ниедна мерка од Владата, можни се неколку објаснувања. Може да се работи за несоодветно дизајнирани мерки до кои е отежнат пристапот на оваа категорија граѓани или пак да се работи за долга административна постапка која ги демотивира граѓаните да аплицираат за користење на мерките или немање на информации. Друго објаснување би било дека едноставно, граѓаните не гледаат бенефит од искористување на еднократната мерка бидејќи истата не го решава нивниот долгорочен проблем предизвикан од Ковид-19. Имено, оваа здравствена криза предизвика промени во економските текови кои дополнително ќе се одразуваат на ранливи категории на граѓани доведувајќи ги до раб на сиромаштија.

*Графикон 4.21. Искористеност на мерките од централната власт*




Извор: Пресметки на авторите

Притоа, најголем дел од испитаниците наведуваат повеќе причини што довеле до неискористеност на мерките од централната власт. Како главни причини за неискористеност на мерките испитаниците ги наведуваат **немањето на информации за тоа кои мерки им се на располагање,** односно **24%** од испитаниците констатирале дека немаат целосни информации за тоа кои мерки им се достапни соодветно на нивната состојба, но и дека немаат до крај јасна слика околу постапката и условите  за аплицирање на мерките. Од друга страна пак, речиси **1/3 (29%)** од испитаниците навеле дека **пакетот мерки спроведени од централната власт не се соодветни за нивната положба/состојба**. Понатаму, она што е особено значајно да се потенцира е дека **17%** од испитаниците истакнале дека **не веруваат во системот дека согласно мерката ќе ја добијат помошта** (види табела 4.1.). Оттука, може да се заклучи дека, ниското ниво на доверба во системот (институциите) од страна на

граѓаните перзистира подолг временски период, но истата уште повеќе добива на интензитет во вакви вонредни услови (кога во одреден степен институциите потфрлаат во задоволувањето на општествените потреби). Дел од граѓаните исто така навеле дека мерките **не се доволни за да овозможат поддршка за време на КОВИД-19 пандемијата (12%)**. Исто така, покрај тоа што спаѓаат во категорија на ранливи групи на граѓани, поголем дел од испитацните констатирале дека **не исполнуваат услови за ниту една мерка донесена од централната власт (12%)**. Понатаму, помал дел од граѓаните изјавиле дека како причина за неискористување на мерките од сетот мерки наменет за справување со негативните последици од КОВИД-19 пандемијата е **стравот од влегување во системот (2%)** (види табела 4.1.).

*Табела 4.1. Причини за неискористеност на мерките*

| Причини за некористење на мерките | Процент |
|---|---|
| **Немам информации за тоа кои мерки ми се на располагање** | 24% |
| **Страв од влегување во системот** | 2% |
| **Недоверба во системот дека согласно мерката ќе добијам помош** | 17% |
| **Мерките се несоодветни за мојата положба/состојба** | 29% |
| **Мерките не се доволни за да овозможат поддршка во време на КОВИД-19 пандемијата** | 12% |
| **Не исполнувам услови за ниту една мерка** | 12% |
| **Немање потреба** | 2% |
| **Друго** | 2% |

Извор: Пресметки на авторите.

Со цел да се анализираат **дополнителните причини** поврзани со ниската заинтересираност и искористенот на мерките за помош од КОВИД-19 пандемијата, особено е важно да се испита **дали граѓаните непосредно се запознале со условите за користење на КОВИД-19 мерките**. На графиконот 4.22. се презентирани резултатите поврзани со тоа **дали испитаниците имале непосредна комуникација со владини и невладини институции/организации поврзана со условите и намената на мерките воспоставени од страна на централната и локалната власт**. Резултатите покажувааат дека **78% од испитаниците истакнале дека во претходниот период не оствариле непосредна комуникација (ниту некој им ги соопштил нивните права поврзани со искористување на КОВИД-19 мерките од страна на централната власт)**. Од друга страна **речиси 1/4 (22%) од испитаниците истакнале дека во претходниот период биле непосредно запознаени со условите и правата на користење на КОВИД-19 мерките**. Дел од испитаниците навеле дека ваквата комуникација во претходниот период ја оствариле **со невладини организации, занаетчиските комори и други останати здруженија**.

Во оваа насока особено е важно да се заклучи дека **резултатите поврзани со искористеноста на владините мерки поврзани со помош од КОВИД-19 пандемијата индицираат на фактот дека ги искористиле 1/4 од граѓаните (25%).** Дополнително, **речиси 1/4 од граѓаните (22%) изјавиле дека непосредно им биле презентирани и објаснети правата, условите и начинот за аплицирање за искористување на КОВИД-19 мерките**. Оттука, може да се заклучи дека, покрај фактот што за одреден дел од мерките самите институции

(УЈП, Агенција за вработување на РСМ и др.) по автоматизам ги селектираа граѓаните кои ги исполнуваат потребните услови и критериуми, **препорачливо е во наредниот период да се воспостави повисок степен на информирање, запознавање со правата и презентирање на условите за користење на КОВИД-19 мерките**.

*Графикон 4.22. Дали некој ви спомнал за мерките што ви следуваат*




Извор: Пресметки на авторите

Од анализа на почитувањето на елементарните услови, но и мерките за заштита на работниците на работното место во услови на КОВИД-19 пандемијата може да се констатира дека **само 10% од испитаниците изјавиле дека КОВИД-19 мерките за заштита на работниците не се почитуваат на нивното работно место**. Испитаниците ваквата констатација ја дополнуваат со фактот дека **не се почитуваат ниту основните мерки за заштита од пандемијата (неносење на заштитна маска/визир на работното место)**. Од друга страна, **90% од испитаниците потврдиле дека на нивното работно место доследно се почитуваат КОВИД-19 мерките за заштита на работниците** (види графикон 4.23.).

*Графикон 4.23. Дали КОВИД-19 мерките за заштита на работниците се почитуваат на вашето работно место*




Извор: Пресметки на авторите.

### 4.2.4. Какви дополнителни КОВИД-19 мерки се неопходни во идниот период

Со цел антиципирање на потребите на граѓаните од дополнителни мерки поврзани со олеснување на последиците од КОВИД-19 пандемијата во наредниот период, предмет на анализа беше и ставот на граѓаните во врска со ваквата потреба. **Значителен дел од испитаниците (70%) потврдиле дека имаат потреба од дополнителна владина мерка за олеснување на последиците од кризата**, додека **30% од испитаниците истакнале дека не им се потребни дополнителни владини мерки** (види графикон 4.24.).

*Графикон 4.24. Дали имате потреба од дополнителна владина мерка за олеснување на последиците од кризата?*




Извор: Пресметки на авторите.

Со цел надополнување на потребата од нови мерки, дел од испитаниците издвојуваат предлози на сетови/групи мерки кои би биле најсоодветни за ублажување на негативните последици од КОВИД-19 пандемијата. Може да се констатира дека најголем дел од испитаниците сметаат дека **најсоодветна мерка би била поддршката во парични средства (44%)**. Доколку се земе предвид зголемената невработеност во претходниот период, особено помеѓу ранливите групи на граѓани, намалените приходи (што за најголем дел од граѓаните претставуваат единствен извор на егзистенција), како и зголемените трошоци за живот (особено трошоците поврзани со средства за заштита од пандемијата) се смета сосема оправдано очекувањето на граѓаните да добијат поддршка во парични средства. Понатаму, значаен дел од граѓаните констатираат дека покрај мерките во парична помош, потребна е и **помош во средства за заштита од КОВИД-19 пандемијата (19%)**. Како дополнителна мерка, **17%** од испитаниците истакнале дека во наредниот период имаат потреба од **поддршка во совети и помош за остварување на своите права**. Доколку се земе предвид фактот дека значаен дел од испитаниците (24%) претходно истакнале дека немаат информација околу условите и правата за искористување на мерките што им стојат на располагање, потребата од ваков вид на мерка во наредниот период се смета за реална. Дополнителни мерки за кои одреден дел од граѓаните сметаат дека би биле потребни во наредниот период се во доменот **поддршка во даночни и други фискални/финансиски**

**олеснувања од страна на централната/локалната власт (12%)**. Исто така, одреден дел од граѓаните наведуваат дека во наредниот период за соодветни ги сметаат мерките за **вклучување во формалниот систем на социјална сигурност (9%)** (види табела 4.2.).

Треба да се истакне дека ваквите одделни пакет мерки се резултат на директната потреба на граѓаните, како и резултат на нивните ставови и перцепции за тоа во која насока треба да се движат новите владини мерки за ублажување на последиците од КОВИД-19 пандемијата. Исто така се смета за потребно да се истакне дека **ваквите мерки претставуваат парцијални решенија кои иако на краток рок би предизвикале одреден степен на директна помош и амортизирање на негативните последици од КОВИД-19 пандемијата, сепак треба да бидат проследени со активни мерки што ќе продуцираат долгорочни решенија**. Од друга страна, **долгорочните мерки за справување со последиците од КОВИД-19 пандемијата треба да се базираат на систематски пристап кој би се базирал на заеднички решенија, како и компромис помеѓу економските и здравствените предизвици**.

*Табела 4.2. Какви мерки се најсоодветни за ублажување на негативните последици од КОВИД-19 пандемијата*

| Видови на мерки | Процент |
|---|---|
| **Мерки за поддршка во парични средства** | 44% |
| **Мерки за поддршка во совети и помош во остварување на своите права** | 17% |
| **Мерки за поддршка во даночни и други фискални/финансиски олеснувања кон централната/локалната власт** | 12% |
| **Мерки за помош во средства за заштита од КОВИД-19** | 19% |
| **Мерки за вклучување во формалниот систем за социјална сигурност** | 9% |

Извор: Пресметки на авторите.

Во врска со **потребните информации кои би им биле од корист на граѓаните во иднина, 50% од испитаниците истакнале дека информациите поврзани со искористување на КОВИД-19 мерките би биле од најголемо значење**. Исто така, **20%** од испитаниците потврдиле дека **имаат потреба од информации околу процедурата и условите за искористување на некое право** (пред сè, тука се мисли на правата поврзани со мерките за помош од КОВИД-19 пандемијата). **Може да се заклучи дека во просек, на испитаниците им се неопходни информации поврзани со условите, критериумите и начинот на аплицирање за КОВИД-19 пакетите за помош на граѓаните**. Понатаму, **9%** од испитаниците навеле дека во наредниот период би им биле од корист **информации поврзани со пријавувањето на прекршување на КОВИД-19 мерките во иднина**, додека **6%** имаат потреба од информација околу **можните инспекциски/судски механизми кои им се на располагање**. Исто така, **6%** од испитаниците потврдиле дека во наредниот период би имале корист од информации поврзани со **бесплатна правна помош**, додека **4%** од испитаниците се заинтересирале за информации околу **потребата од психолошка поддршка и поддршка на жртви од семејно насилтво** (види табела 4.3.).

*Табела 4.3. Какви информации би биле корисни за вас во иднина*

| Вид на информација | Процент |
|---|---|
| **Информација за искористување на КОВИД-19 мерките** | 50 |
| **Информација за пријавување на прекршување на КОВИД-19 мерките** | 9 |
| **Информација за процедура или услови за искористување на некое право** | 20 |
| **Информација околу можните инспекциски/судски механизми кои Ви се на располагање** | 6 |
| **Информација каде можете да се обратите за бесплатна правна помош** | 6 |
| **Информација каде можете да се обратите за психолошка поддршка и поддршка на жртви од семејно насилство** | 4 |
| **Информација за друга граѓанска организација каде можете да добиете стручен совет или поддршка** | 4 |
| **Информација за можностите за синдикално здружување** | 1 |

Извор: Пресметки на авторите

## 4.3 ПРОФИЛ на формалните и неформалните работници во време на КОВИД-19

| Карактеристики | ФОРМАЛНО ВРАБОТЕН | НЕФОРМАЛНО ВРАБОТЕН |
|---|---|---|
| **Возраст** | На возраст од 25 годинидо 64 години, но не повеќе од 64 години. | На возраст од 35 до 64 години. Помал дел од работниците се на возраст до 34 години. |
| **Тип на работа** | Доминантно Култура и забава | ✓ Неформално вработен<br>✓ Неплатен семеен работник<br>✓ Вработен по повик или по потреба |
| **Здравствено осигурување** | Да | Да |
| **Потреба од здравствена услуга во претходниот период** | Околу 50% од лицата немале потреба од здравствена услуга во претходниот период. Другата половина од лицата кои имале потреба од здравствена услуга во најголем дел ја реализирале. | Околу 2/3 од испитаниците имале потреба од здравствена услуга во претходниот период и истата ја добиле. Останатите 1/3 од испитаниците изјавиле дека немале потреба од здравствена услуга. |
| **Остварување приходи по некој основ** | Речиси 80% од вработените остваруваат редовни приходи. Останатите (20%) остваруваат нередовни-повремени приходи. | Околу 65% од работниците изјавиле дека не оствариле приходи во претходниот период. Остатокот остварувале нередовни – повремени приходи. |
| **Во колкав износ се движат приходите?** | Речиси 40% остваруваат приходи над 30.000 денари. Остатокот | Во просек најголем дел од работниците кои имаат приходи во |

| | | |
|---|---|---|
| | остваруваат приходи 15.000 – 30.000 денари. | претходниот период истите се во износ од 9.000 до 15.000 денари. Додека дел од работниците имаат приходи под 9.000 денари. |
| **Определени промени/последици како резултат на пандемијата?** | Во најголем дел од случаите дошло до:<br>✓ зголемување на трошоците за разни намени поврзани со пандемијата.<br>✓ Намалување на приходите за егзистенција. | Во најголем дел од случаите дошло до:<br>✓ зголемување на трошоците за разни намени поврзани со пандемијата.<br>✓ Намалување на приходите за егзистенција.<br>✓ Губење на работата |
| **Намалување на приходите во претходниот период како последица од КОВИД-19 пандемијата** | Во околу 60% од случаите доаѓа до намалување на приходите, додека во останатите случаи нема позначајни промени во износот на приходите во претходниот период. Сепак се забележува одредено доцнење во исплатата на платите (во просек до 2 месеци). | Речиси сите работници бележат намалување на приходите во претходниот период, додека во определени случаи доаѓа до губење на работното место (целосно губење на приходите). |
| **Износ на намалување на приходите во претходниот период** | Во одреден дел од случаите (30%) намалувањето во приходите се движи до 10%, додека помал дел од работниците истакнале дека намалувањето на приходите се движи 10-30%. | Во повеќе од половина од случаите (62%) доаѓа до намалување во приходите од 10 до 30%, додека помал дел од работниците (15%) истакнале дека намалувањето на приходите се движи 30-50%.<br>Во 8% од случаите доаѓа до целосно губење на приходите. |
| **Дали вашите трошоци/расходи забележаа зголемување во претходниот период?** | Да | Да |
| **Доколку расходите забележаа зголемување, за која потреба е тоа зголемување?** | • Средства за дезинфекција и заштита.<br>• Здравствени трошоци<br>• Трошоци за храна и намирници | • Средства за дезинфекција и заштита.<br>• Здравствени трошоци<br>• Трошоци за храна и намирници |
| **Искористеност на мерките од централната власт?** | Не | 42% имаат искористено дел од мерките.<br>58% не искористиле ниту една мерка. |
| **Причини за неискористеност на мерките од централната власт?** | ✓ Мерките се несоодветни за мојата положба/состојба | ✓ Немам информациии за тоа кои мерки ми се на располагање<br>✓ Недоверба во системот дека согласно мерката ќе добијам помош<br>✓ Мерките не се доволни за да овозможат поддршка во време на КОВИД-19 пандемијата. |
| **Непосредна комуникација со** | Не | Мал дел оствариле средби со невладини организации на кои им |

| | | |
|---|---|---|
| **владини/невладини институции за правото и условите за користење на КОВИД-19 мерките** | | биле соопштени условите и начинот за аплицирање за мерките. |
| **Почитување на мерките за заштита на работниците од КОВИД-19 на работното место.** | Да | Да |
| **Потреба од некоја дополнителна владина мерка за олеснување на последиците од кризата** | Да | Да |
| **Какви мерки би биле најсоодветни за Вас со цел намалување на негативните последици од КОВИД пандемијата?** | ✓ Мерки за поддршка во парични средства<br>✓ Мерки за помош во средства за заштита од КОВИД-19<br>✓ Мерки за поддршка во совети и помош во остварување на своите права | ✓ Мерки за поддршка во парични средства<br>✓ Мерки за помош во средства за заштита од КОВИД-19<br>✓ Мерки за поддршка во совети и помош во остварување на своите права<br>✓ Мерки за вклучување во формалниот систем за социјална сигурност |
| **Каков вид на информација би била особено корисна да обезбедиме за Вас во иднина?** | ✓ Информација за искористување на КОВИД-19 мерките<br>✓ Информација за процедура или услови за искористување на некое право | ✓ Информација за искористување на КОВИД-19 мерките<br>✓ Информација за процедура или услови за искористување на некое право<br>✓ Информација каде можете да се обратите за психолошка поддршка и поддршка на жртви од насилство |

Со цел да се прикажат главните карактеристики на формалните и неформалните работници на пазарот на труд, но и разликите помеѓу нив се смета за потребно да бидат сумирани главните карактеристики, состојби и ефекти што КОВИД-19 пандемијата ги нанесува врз споменатите категории на работници. Исто така, во прилог се сумирани и движењето на доходот на оваа категорија на работници, главните проблеми и предизвици со кои се соочуваат, како и мерките од централната власт и степенот на нивната искористеност. Со оглед на објективната потреба од дополнителни мерки и политики со цел ублажување на негативните последици од КОВИД-19 пандемијата прикажани се и главните информации и мерки кои би биле од помош на оваа категорија на работници во наредниот период. Во продолжение се прикажани истите:

- Најголем дел од работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија се на возраст 35-64 години, додека на возраст од 25-64 години се работниците кои функционираат во рамките на формалните економски текови.

- Речиси сите работници (формалните и неформалните работници) поседуваат здравствено осигурување.

- Во споредба со формално вработените лица, работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија во поголем степен имале потреба од здравствена услуга во претходниот период.

- Најголем дел од формално вработените работници во претходниот период остварувале редовни приходи (80%), од друга страна околу 65% од неформално вработените не остварувале приходи во претходниот период.

- Во поглед на износот на приходите околу 60% од работниците остваруваат приходи во износ од 15.000 – 30.000 денари. Во однос на работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија, најголем дел од нив остваруваат приходи во износ од 9.000 – 15.000 денари. Исто така дел од работниците ангажирани во неформалната економија остваруваат приходи под 9.000 денари.

- Главни последици од КОВИД-19 пандемијата се порастот на трошоците поврзани со разни намени како резултат на пандемијата, намалување на приходите за егзистенција како и целосно губење на приходите за егзистенција (губење на работното место).

- Кај работниците кои функционираат во рамките на формалните економски текови, намалувањето на приходите во претходниот период се движи до 10%, додека пак помал дел од работниците истакнале дека намалувањето на приходите се движи од 10-30%. Од друга страна, кај неформалните работници, во 62% од случаите дошло до намалување на приходите 10-30%. Исто така, дел од неформално вработените работници се соочиле со намалување на приходите од 30-50% (15%). Во 8% од случаите дошло до целосно губење на приходите.

- Речиси сите вработени се соочиле со пораст на трошоците во претходниот период.

- Расходи кај кои се забележува пораст во претходниот период се: средства за дезинфекција и заштита, здравствени трошоци и трошоци за храна и намирници.

- Во просек, најголем дел од вработените во формалните економски текови немаат искористено ниту една од централните мерки за ублажување на последиците од КОВИД-19 пандемијата. Степенот на искористеност на мерките од страна на неформално вработените работници изнесува 42%.

- ✓ Како главна причина за неискористеност на мерките од страна на формално вработените работници се наведува фактот дека мерките се несоодветни за состојбата, односно положбата на формално вработените работници. Што се однесува до работниците кои функционираат во рамките на неформалните економски текови, тие ги наведуваат следните причини за нискиот степен на искористеност на мерките: немање на соодветни информации за тоа кои мерки им стојат на располагање, недоверба во системот дека согласно мерката ќе добијат помош, како и ставот дека мерките не се доволни за да им овозможат поддршка во време на КОВИД-19 пандемијата.

- ✓ Речиси сите работници истакнале дека во наредниот период имаат потреба од дополнителни мерки со цел намалување на негативните ефекти предизвикани од КОВИД-19 пандемијата: мерки за поддршка во парични средства, мерки за помош во средства за заштита од КОВИД-19, мерки за поддршка во совети и помош во остварување на своите права, мерки за вклучување во формалниот систем за социјална сигурност.

- ✓ Информации што би им биле од корист на работниците во наредниот период: Информација за искористување на КОВИД-19 мерките; Информација за процедури и услови за искористување на некое право; Информација за каде може да се побара психолошка поддршка и поддршка на жртви од насилство.

## 4.4. ПРОФИЛ и главни разлики помеѓу жените и мажите работници во време на КОВИД-19

| **Карактеристики** | **МАЖИ** | **ЖЕНИ** |
|---|---|---|
| **Возраст** | Повеќе од половина од испитаниците (**57%**) се на возраст 25-44 години. Додека околу **22%** се на возраст 55-64 години. Останатиот дел од мажите вклучени во прашалникот се на возраст до 24 години и постари од 64 години. | На возраст однад 35 се повеќе од ¾ од жените кои учествуваат во оваа анализа. Останатите жени се на возраст под 34 години. |
| **Форма на вработување** | Околу **36%** од испитаниците спаѓаат во категоријата неформално вработен. **45%** се формално вработените. Додека останатите се самостојни вршители на дејност, ученици и невработени. | Околу **45%** од жените спаѓаат во категориите неформално вработени, неплатени домашни работнички, вработени на повик или по потреба. **37%** од жените се декларирале како формално вработени. Остатокот од жените спаѓаат во категоријата самостоен вршител на дејност или невработени. |

| | | |
|---|---|---|
| **Тип на работа** | Околу **1/3** од мажите констатирале дека работат во секторот **култура и забава**, додека исто толку **(1/3)** функционираат во секторот **земјоделство**. Во останатите **1/3** од мажите спаѓаат лицата кои функционираат во другите гранки, како и невработените лица и учениците. | Околу ¼ од жените чуваат деца или стари и изнемоштени лица.<br>**23%** од испитаничките потврдиле дека работат во секторот култура и забава.<br>Останатиот дел од жените се вработени во текстилната индустрија, занаетчиството, додека многу мал дел се невработени. |
| **Здравствено осигурување** | Да | Да |
| **Потреба од здравствена услуга во претходниот период** | Околу **41%** од лицата имале потреба од здравствена услуга во претходниот период и истата ја добиле.<br>**54%** од испитаниците немале потреба од здравствена услуга во претходниот период.<br>Околу **14%** од испитаниците имале потреба од здравствена услуга, но не ја реализирале во претходниот период. Како главни причини се немањето термин и немањето на финансиски средства за истата. | Околу **44%** од жените имале потреба од здравствена услуга во претходниот период и истата ја добиле.<br>Останатиот дел од испитаничките констатирале дека во претходниот период немале потреба од здравствена услуга **(56%)**. |
| **Остварување приходи по некој основ** | Околу 43% од мажите остваруваат редовни приходи.<br>Кај 17% од мажите се забележува остварување на нередовни-повремени приходи.<br>26% од мажите не остваруваат приходи.<br>За 8% од испитаниците основен извор на егзистенција е приходот од земјоделство. | Повеќе од 43% од жените не остваруваат никакви приходи.<br>Околу 37% од жените во претходниот период остварувале редовни приходи.<br>Околу 17% од испитаничките изјавиле дека во претходниот период остварувале нередовни-повремени приходи. |
| **Во колкав износ се движат приходите?** | 1/3 од мажите имаат износ на месечни приходи од над 30.000 денари.<br>Околу 39% од мажите имаат месечни приходи во износ 9.000 - 15.000 денари.<br>Додека 17% од мажите имаат месечни приходи до 9.000 денари. | Околу 26% од жените остваруваат приходи во износ 15.000 – 20.000 денари.<br>Приходи во износ 20.000 – 30.000 денари во претходниот период остварувале околу 21% од жените.<br>Околу 26% од жените во претходниот период остварувале приходи во износ понизок од 15.000 денари.<br>Околу 15% од жените во претходниот период остварувале приходи во износ над 30.000 денари.<br>Останатите испитанички изјавиле дека не остваруваат приходи или дека износот на нивните приходи зависи од сезоната. |

| | | |
|---|---|---|
| **Определени промени/последици како резултат на пандемијата** | Во најголем дел од случаите дошло до:<br>✓ зголемување на трошоците за разни намени поврзани со пандемијата (над 50% од случаите/испитаниците).<br>✓ Намалување на приходите за егзистенција.<br>✓ Губење на работното место | Во најголем дел од случаите дошло до:<br>✓ зголемување на трошоците за разни намени поврзани со пандемијата.<br>✓ Намалување на приходите за егзистенција.<br>✓ Губење на работата.<br>✓ Проблеми поврзани со згрижувањето на децата и нивниот образовен процес. |
| **Намалување на приходите во претходниот период како последица од КОВИД-19 пандемијата** | Во околу 67% од случаите доаѓа до намалување на приходите.<br>28% од испитаниците изјавиле дека во претходниот период не се соочиле со намалување во нивните приходи.<br>Останатите испитаниците изјавиле дека немаат позначајни промени во износот на приходите во претходниот период. Сепак се забележува одредено доцнење во исплатата на платите (во просек до 2 месеци). | Речиси сите жени истакнале дека бележат намалување на приходите во претходниот период, додека во определени случаи се соочиле само со доцнење на приходите. |
| **Износ на намалување на приходите во претходниот период** | Во одреден дел од случаите (28%) намалувањето во приходите се движи до 10%, додека 50% од мажите кои остваруваат приходи истакнале дека намалувањето на приходите се движи 10-30%.<br>Кај останатите (21%) се забележува намалување на приходите во износ поголем од 50% или целосно губење на приходите. | Во 35% од случаите доаѓа до намалување во приходите од 10 до 30%.<br>Помал дел од работничките (23%) истакнале дека намалувањето на приходите се движи под 10%.<br>Во 18% од случаите доаѓа до намалување на приходите во степен од 30 до 50%.<br>Во 11% од случаите доаѓа до целосно губење на приходите. |
| **Дали вашите трошоци/расходи забележаа зголемување во претходниот период?** | Да | Да |
| **Доколку расходите забележаа зголемување, за која потреба е тоа зголемување?** | • Средства за дезинфекција и заштита.<br>• Здравствени трошоци<br>• Трошоци за храна и намирници | • Средства за дезинфекција и заштита.<br>• Здравствени трошоци<br>• Трошоци за храна и намирници |
| **Искористеност на мерките од централната власт** | Околу 85% од мажите истакнале дека немаат искористено ниту една мерка од централната власт. | 74% од жените немаат искористено ниту една мерка од централната власт во претходниот период. |
| **Причини за неискористеност на** | ✓ Немам информации за тоа кои мерки ми се на располагање | ✓ Немам информациии за тоа кои мерки ми се на располагање |

| | | |
|---|---|---|
| **мерките од централната власт** | ✓ Мерките се несоодветни за мојата положба/состојба<br>✓ Недоверба во системот дека согласно мерките ќе добијам помош | ✓ Мерките не се доволни за да овозможат подршка во време на КОВИД-19 пандемијата.<br>✓ Недоверба во системот дека согласно мерката ќе добијам помош |
| **Непосредна комуникација со владини/невладини институции за правото и условите за користење на КОВИД-19 мерките** | Речиси сите испитаници изјавиле дека не оствариле непосредна комуникација со владини/невладини иституции/организзиција за правото и условите за користење на КОВИД-19 мерките.<br>Само мал дел оствариле ваков вид на комуникација (со невладини организации) | Повеќе од 83% од жените изјавиле дека во претходниот период немаат остварено непосредна комуникација со владини/невладини институции за правото и условите за користење на КОВИД-19 мерките. |
| **Почитување на мерките за заштита на работниците од КОВИД-19 на работното место** | Да | Да |
| **Потреба од некоја дополнителна владина мерка за олеснување на последиците од кризата** | Да | Да |
| **Какви мерки би биле најсоодветни за Вас со цел намалување на негативните последици од КОВИД пандемијата?** | ✓ Мерки за поддршка во парични средства<br>✓ Мерки за помош во средства за заштита од КОВИД-19<br>✓ **Мерки за поддршка во совети и помош во остварување на своите права** | ✓ Мерки за поддршка во парични средства<br>✓ Мерки за помош во средства за заштита од КОВИД-19<br>✓ Мерки за подршка во совети и помош во остварување на своите права<br>✓ Мерки за вклучување во формалниот систем за социјална сигурност |
| **Каков вид на информација би бил особено корисен да обезбедиме за Вас во иднина?** | ✓ Информација за искористување на КОВИД-19 мерките<br>✓ Информација за процедура или услови за искористување на некое право | ✓ Информација за искористување на КОВИД-19 мерките<br>✓ Информација за процедура или услови за искористување на некое право<br>✓ Информација каде можете да се обратите за психолошка поддршка и поддршка на жртви од насилство |

# 5. Меѓународни искуства од земји кои воведеле директни и индиректни мерки за помош на неформалните работници како ранлива категорија на граѓани

## 5.1. Преземени мерки за помош на неформалните работници

Владите ширум светот презедоа мерки, вклучително и со усвојување на фискална и монетарна политика, за ублажување на влијанието на Ковид-19 пандемијата врз населението и претпријатијата.

**Најчестите мерки преземени досега вклучуваат воведување готовински грантови и дистрибуција на храна за ранливите групи и шеми за привремено вработување на неформални работници.**[71]**Во документот подготвен од ММФ, наведени се вкупно 197 земји кои презеле фискални и монетарни мерки за справување со Ковид-19 кризата. Речиси сите земји или планираат или веќе имаат воведено програми за социјална заштита.**[72] **Само 29 земји имаат воведено мерки конкретно насочени кон неформални работници (во кои влегуваат девет земји од Африка, единаесет од Латинска Америка и Карибите, пет од Азија и Пацификот, три од Европа и една од Блискиот исток). Една од трите земји која има воведено мерка за помош на неформални работници (еднократни готовински трансфери – ваучери) од Европа е Република Северна Македонија.** Исто така, и Албанија влегува во земјите од Европа со директно насочена мерка кон неформалните работници. Сите овие земји се земји со висок процент на неформална економија, што укажува на брзо ширење на Ковид-19 во земиjите со висок процент на неформална економија заради што се преземаат мерки насочени кон неформалните работници.

**Таргетирани готовински трансфери е главната форма на помош за неформалните работници што ја имаат воведено земјите**. Сумата варира во зависност од земјата, почнувајќи од 17 УСД во Того и Тунис до 300 УСД во Ел Салвадор. Втората воведена мерка е **помошта во храна**. Заедно со пакет храна, во Руанда и Судан се дистрибуираат и други **неопходни предмети како сапун**. На Филипините, им се нудат **можности за јавна работа на неформалните работници во услуги за дезинфекција и санитација**. Во Индонезија, **субвенционираните ваучери се дистрибуираат до невработени неформални работници за обука за вештини и преквалификации**. Во Мексико, **повластени заеми од (1.000 УСД) се даваат на микропретпријатија во неформални семејни бизниси**.[73]

Понатаму, во Тунис, неформалните работници со бесплатна здравствена картичка се регистрирани во системот за социјално осигурување. Во Египет, тие се регистрирани во базите на податоци за работна сила. Во Колумбија, тие се идентификуваат според постојниот национален систем за избор на корисници за социјални програми (SISBEN) и бази на податоци за наплата на даноци. САД воспоставиле едноставна веб-страница на која неформалните работници можат да го доставaт својот број од социјално осигурување и својата адреса за готовински грант преку чек. Аргентина и Мароко исто така користеле он-лајн

71 http://www.fao.org/3/ca8560en/CA8560EN.pdf
72 https://www.imf.org/en/Topics/imf-and-covid19/Policy-Responses-to-COVID-19
73 https://www.imf.org/en/Topics/imf-and-covid19/Policy-Responses-to-COVID-19

саморегистрација и вкрстено проверување за да се додадат работници од неформалниот сектор како корисници.

**Според ММФ, земјите кои веќе го зголемиле опфатот на социјална здравствена заштита одговориле, биле во можност да одговорат побрзо и поинклузивно.** На пример, Тајланд ја зајакна финансиската заштита во рамките на Политиката за универзално покривање за итни пациенти, што важи и за државјани и за странци.

## 5.2. Земји од регионот

Земјите од регионот, но и генерално речиси сите земји во светот, усвојуваат пакет мерки за поддршка насочени кон физички лица и деловни субјекти погодени од Ковид-19 пандемијата. На почетокот на пандемијата мерките воглавно беа насочени за справување со истата и намалување на штетите, а во подоцнежните фази од пандемијата мерките се насочени кон закрепнување на економијата што се состои од буџетски трошоци, задолжувања, гаранции и одложувања на даноци. Оваа состојба речиси во сите набљудувани земји доведе до зголемување на буџетскиот дефицит.

**Албанија**

Во септември, владата започна програма за унапредување на вработувањето, која има за цел да покрие дел од трошоците за повторно вработување на оние што останале без работа за време на пандемијата.

За вработените во формалниот сектор владата покрива половина од платите (на законско минимално ниво) и целосниот удел на работодавачите во социјалните придонеси за времетраењето на програмата (во траење од 4 или 8 месеци).

**На работниците од неформалниот сектор кои ги изгубиле своите работни места за време на карантините во Ковид-19 пандемијата, ќе им бидат целосно покриени социјалните придонеси (и делот кој го плаќаат вработените и делот кој го плаќаат работодавците) во период од една година доколку истите се формализираат, односни станат дел од формална работна сила.**

**Босна и Херцеговина**

Покрај другите воведени мерки за справување со Ковид-19 кризата, она што е карактеристично за Босна и Херцеговина е воспоставување на **Фондот за солидарност**, **механизам претходно поставен од страна на државата со буџетски средства**. Намената на воспоставувањето на истиот била да се користи во случај на природна катастрофа (како што било случај со поплавите од минатото). Од Фондот за солидарност се користат средства од страна на двете републики за помош на фирмите во форма на субвенционирање на придонеси за социјално осигурување и за обезбедување на минимални плати на работниците во погодените сектори. Во Република Српска, сите фирми без посебни критериуми добиле

субвенции, додека во БиХ, критериумот за добивање на субвенции беше да има пад на приходи од продажба од 20%.

Друго што е карактеристично е дека **единствено Босна и Херцеговина и Бугарија обезбедија директна поддршка на општините со цел истите да можат да употребат дел од средствата за справување со Ковид-19 кризата и за помош на ранливи категории на граѓани и самостојни вршители на дејност**. [74]

**Србија**

Она што е карактеристично и различно за Србија во однос на другите земји во регионот (бидејќи како што напоменавме сите земји имаат воведено речиси идентични мерки за справување со Ковид-19 кризата), е тоа што, споредбено, пакетите фискални мерки на Србија зафаќаат највисок процент од БДП (7 проценти од БДП)[75]. Клучните мерки вклучуваат: 10 проценти зголемување на платите за јавниот здравствен сектор и зголемени трошоци за здравствена заштита, еднократна исплата на сите пензионери,универзален паричен трансфер од 100 евра на секој граѓанин над 18 години, одложување на даноците на труд и придонесите за социјално осигурување за сите приватни компании, субвенции за плата, вклучувајќи исплата на минимални плати за сите вработени во Мали и Средни Претпријатија и претприемачи и исплата на 50 проценти од нето минималната плата за вработените кои заради Ковид-19 изгубиле работа или не се во можност да работат.

Она што ја издвојува Србија од другите земји во регионот е мерката - **универзален паричен трансфер од 100 евра на секој граѓанин над 18 години.**

**Бугарија**

Од извештајот на ММФ може да се забележи дека Бугарија има воведено многу слични мерки како и РС Македонија. Даночни олеснувања (даночни олеснувања за домаќинства со деца, намалена стапка на ДДВ од 9% за ресторански услуги, книги, храна за бебиња, вино, пиво, тур-оператори и туристички патувања); Трошоци за поддршка на домаќинствата: (бонуси за пензии и минимално зголемување на пензиите, родителска поддршка, ваучери за туризам за медицинските лица и зголемени надоместоци за невработеност и друга социјална поддршка; Трошоци за поддршка на деловна активност: (60/40 шема за субвенционирање на плати поддршка за уметниците, поддршка за туризам и поддршка на земјоделски производители).

Карактеристично за Бугарија е тоа што од буџетот беа пренаменети средства за посебно **формираната државна компанија „Фонд на средства“ со цел да се обезбедат субвенции за микро претпријатија, самовработени, претприемачи од ранливи групи и подобни МСП и компании и доделување на средства на општините наменети за развој, долгорочни инвестиции и обртни средства.**

**Од земјите во регионот само Бугарија и БиХ пренаменија буџетски средства за општините со цел истите да бидат понатаму дистрибуирани на ранливи групи граѓани, самовработени и деловни субјекти погодени од Ковид-19 кризата**.

**Препорака:** Она што е многу важно, а недостасува во целиот процес на идентификување на неформалните работници со цел да им се помогне како едни од најранливи категории заради

[74] https://www.imf.org/en/Topics/imf-and-covid19/Policy-Responses-to-COVID-19
[75] https://www.imf.org/en/Topics/imf-and-covid19/Policy-Responses-to-COVID-19

Ковид-19 кризата, е тоа што во мерките за помош кај речиси сите земји недоставува врската помеѓу централната влада – општините – неформалните работници. Локалните самоуправи многу полесно и поедноставно можат да ги идентификуваат неформалните работници од соодветната општина и на тој начин полесно да пристапат до нив и да ги информираат со крајна цел да им помогнат. Токму затоа се потребни трансфери од централната власт кон општините со цел истите да можат овие средства да ги насочат за помош на ранливи категории граѓани во кои влегуваат и неформалните работници. Помошта може да биде и во форма на готовински трансфери и во форма на бесплатна храна. Истовремено, ако се земе предвид дека неформалните работнци често немаат пристап до интернет и телевизија, оттука не можат секогаш да се информират за конкретни мерки воведени од владата, а насочени за помош на истите. Затоа, повторно тука својата улога треба да ја одиграат општините и да формираат пултови за информации на кои неформалните работници полесно би се информирале за прашања од нивни интерес и за аплицирање за мерки што им нудат помош.

**Хрватска**

Мерките за справување со Ковид-19 кризата воведени во Хрватска се прилично исти како и мерките во земјите од регионот и мерките во РС Македонија. Клучните мерки вклучуваат: одложување на јавните обврски, за сите сектори - кофинансирање на пократка работна недела за секој работник плус придонеси, обезбедување помош за микро бизниси, субвенционирање на нето минималните плати за зачувување на работните места и бескаматни заеми за локалните самоуправи. [76]

Она што е карактеристично, за разлика од другите земји од регионот е мерката со која **владата на Хрватска се обврза да ги откупи непродадените залихи на готови производи во земјоделството, индустријата за преработка на храна, медицинска опрема и слична стратешка стока.**

**Препорака: Ова е многу важна мерка која би можела да се имплементира и во други земји од регионот во кои земјоделството претставува важна стопанска дејност. Со оваа мерка на некој начин им се надоместува дел од падот на доходот на земјоделците претрпен заради Ковид-19 кризата. Оваа мерка ги опфаќа истовремено и неформалните работници, бидејќи е директно насочена кон сите земјоделци кои имаат непродадени производи, а земјоделската работа е од таков тип што најчесто цели семејства работат, а многу од нив не се формално вработени и немаат бенефиции, односно се неплатени семејни работници. (Меѓународната организација на трудот (ILO) ги групира ранливите работници како самовработени и неплатени семејни работници).**

**Грција**

Владата објави фискален пакет мерки во вкупен износ од околу 14 проценти од БДП (24 милијарди евра), вклучувајќи гаранции за заеми, финансирани од национални и ресурси на ЕУ. Клучните мерки вклучуваат: здравствени трошоци за вработување на 3.300 лекари и медицински сестри, набавка на медицински материјали и парични бонуси на работници во здравствениот сектор; **привремени трансфери на ранливи лица, вклучително и парични стипендии и целосно покривање на исплата на пензии и здравствени надоместоци за**

[76] https://www.imf.org/en/Topics/imf-and-covid19/Policy-Responses-to-COVID-19

**вработените кои работат во тешко погодени фирми и за самовработени професионалци,** продолжување на надоместоците за невработеност, **поддршка за краткорочно вработување,** субвенции за домаќинства и платено отсуство за родители кои имаат деца што не одат на училиште.

## Црна Гора

Мерките се насочени кон одржување на нивото на вработеност, подобрување на ликвидноста, зголемување на бројот на туристи, стабилност на земјоделството, како и поддршка на ранливото население.

Мерките вклучуваат: субвенции за плати (со проширен список на подобни сектори), еднократна поддршка за ранливото население; еднократна поддршка на ветерани и пензионери, одложувања на данок, субвенции за плати за вработените во секторите што се затворени поради пандемијата, вработените кои не се во можност да работат поради грижа за деца на возраст под 11 години или лица кои мораат да бидете самоизолирани и ставени во карантин, поддршка за ново вработување**, еднократна помош од 50 евра на сите лица евидентирани како невработени во Агенцијата за вработување на Црна Гора и кои не добиле никаков надомест**, еднократна поддршка за фирмите за спроведување на е-фискализација, домашни ваучери за патувања за здравствени и образовни работници и **дополнителни мерки за секторот туризам, угостителство и земјоделство, еднократна помош за рибарите и плаќања за придонесите на осигурените земјоделски работници.**

## Косово

Во 2020 година, Владата донесе пакет мерки т.н. „Пакет за ублажување и закрепнување", од околу 4,3 проценти од БДП, вклучуваше алокации за здравствениот систем (0,4 проценти од БДП); бонуси за плати за здравствените и безбедносните работници за прекувремена работа и зголемениот ризик со кој се соочуваат при извршување на нивните должности (0,5 проценти од БДП), **социјални трансфери и субвенции за ранливите домаќинства** (1,6 проценти од БДП), како и поддршка на фирми во форма на плата, субвенции и полесен пристап до задолжување. МПП за 2021 година (3,1 процент од БДП) вклучува алокации за стоки и услуги во здравствениот сектор, за трансфери кон домаќинства и фирми (1,7 проценти од БДП) и за капитални трошоци во здравствените и образовните сектори (0,4 проценти од БДП. Вкупниот дефицит е проектиран на 5,9 проценти од БДП.[77]

Мерките кои ги воведуваат земјите од регионот се речиси идентични од земја во земја: зголемување на платите за докторите и медицинските сестри, еднократна парична помош на ранливи лица и домаќинства, ваучери за храна и туризам во земјата, парична помош на вработените кои останале без работа како резултат на Ковид-19 кризата, субвенционирање на плати на формалните работници за зачувување на работни места и привремено зголемување на социјална помош и надоместоци за невработеност. Она што е посебно забележливо е дека не само во земјите од регионот туку и во земјите од светот не постојат многу мерки диреккто насочени кон неформалните работници (освен во Албанија и мерка во РС Македонија), иако речиси сите земји од регионот се земји со висок процент на неформална економија.

[77] https://www.imf.org/en/Topics/imf-and-covid19/Policy-Responses-to-COVID-19

## 5.3. Земји од светот

**Примери на мерки воведени во земји со низок и среден доход**

### Бразил

Фискалните мерки вклучуваат проширување на трошоците за здравствена заштита, **привремена поддршка на доходи на ранливите домаќинства** (**трансфер на пари до неформални работници** и работници со ниски примања, носење на 13-та пензија за пензионерите, проширување на програмата за социјална заштита со вклучување на над 1 милион повеќе корисници и авансни исплати на бонуси за плати на работници со ниски примања), поддршка за вработување (привремени даночни олеснувања), понiски даноци и увозни давачки за основните медицински материјали, и нови трансфери од федералните во државните влади за поддршка на поголемите здравствени трошоци и како ублажување од очекуваниот пад на приходите на претпријатијата.[78]

### Доминиканска Република

**Формиран фонд за поддршка на неформалниот сектор**, поголеми социјални трошоци, субвенционирање на најранливите домаќинства.

### Хондурас

Надоместоци за привремена невработеност на официјалните работници (0,6 проценти од БДП), испорака на резерви на храна до сиромашните семејства (0,2 проценти од БДП) **и готовински трансфери на неформални работници (0,4 проценти од БДП).** Властите идентификуваа значителни распределби на неприоритетни трошоци за делумно финансирање на овие итни трошоци.

### Индонезија

Во 2020 година владата исплати околу 3,8 проценти од БДП како дел од националната програма за закрепнување на економијата. Оваа програма опфаќа: поддршка на здравствениот сектор за зајакнување на капацитетот за тестирање и третман на случаи со Ковид-19, зголемени придобивки и **пошироко опфаќање на постојните шеми на социјална помош за домаќинства со ниски примања**, како што се помош од храна, условени парични трансфери и субвенции за електрична енергија и **проширени надоместоци за невработеност, вклучително и за работниците во неформалниот сектор.**

### Либан

Министерството за социјални работи имплементира план - да се изврши во координација со општините, градоначалниците, центрите за социјални работи и армија - **да се дистрибуира**

[78] https://www.imf.org/en/Topics/imf-and-covid19/Policy-Responses-to-COVID-19

**парична помош на сите семејства погодени економски и финансиски како резултат на Ковид-19.**

**Лесото**

Се спроведуваат мерки за економско ублажување, вклучително и итна парична помош и проширување на социјалната заштита, парични трансфери кон ранливи категории на граѓани, програма за грант за деца. **Државната помош е проширена со цел да се додадат ранливи групи како што се деца, стари лица со посебни потреби и оние кои работат во неформалниот сектор.**

**Маурициус**

**Поддршка на доходот според шемата за помош на самовработени за оние што се вработени во неформалниот сектор или самовработени.**

**Мексико**

**Заеми за фирми и работници и во формален и во неформален сектор.**

**Мароко**

Владата презеде мерки за поддршка на домаќинствата што работат во неформалниот сектор. **Домаќинствата кои немаат здравствено осигурување и немаат надоместок можат да побараат парична помош со регистрација на Интернет**. Во април беа опфатени 85 проценти од подобните домаќинства во неформалниот сектор.

**Непал**

**Мерката е објавена во април 2020 година. Вработените во неформалниот сектор кои изгубиле работа поради тековната криза ќе добијат можност да учествуваат во проекти за јавни работи за егзистенцијална плата или да добијат 25 проценти од локалната дневна плата доколку изберат да не учествуваат.**

**Того**

Финансирање на социјални цели: **Нова програма за мобилен трансфер на готовина, чија цел е поддршка на неформални работници**, воведена во април 2020 година. Подобните кандидати добиваат државен грант од најмалку 30 проценти од минималната плата, со исплати од 18 УСД до 34 УСД. Врз основа на податоците од програмата, 65 проценти од корисниците се жени. Програмата Новиси беше ревидирана на крајот на јуни со цел да станат подобни работниците во одредени области што бележат висок стапка на зараза. Вкупно, 1,4 милиони физички лица се регистрирани и близу 600.000 лица добиле исплата на NOVISSI. Овој фискален пакет изнесува 0,5% од БДП.

**<u>Примери на мерки воведени во земји со висок доход</u>**

**Австрија**

Вкупниот фискален пакет во Австрија изнесуваоколу 9,5 проценти од БДП во 2019 година. Финансирањето вклучува: 4 милијарди евра за здравствениот систем, **компензација на самовработените, помош за семејните и микро-бизнисите за загубата на заработката поврзана со Ковид**-19 и помош на поединци кои заради тоа што се разболеле од Ковид-19 изгубиле работа или доход.

**Оваа мерка секако може да се примени во секоја земја ширум светот, бидејќи многу луѓе кои заболеа од Ковид-19 или пак сè уште имаат потешкотии и долго време по разболувањето и истите не можат да се вратат на работа. Она што најмалку би можело да се направи е да се идентификуваат и да им се помогне со гарантиран минимален доход кој би им обезбедил нормален живот сè до конечното опоравување и можноста повторно да се работоспособни**.

**Канада**

Клучните фискални мерки воведени од владата на Канада опфаќаат 18,5 проценти од БДП и вклучуваат: зајакнување на здравствениот систем (2,4 проценти од БДП) во насока на воспоставување систем за зголемено тестирање, развој на вакцини, медицински материјали; директна помош за домаќинства и фирми (12,3 проценти од БДП), вклучувајќи субвенции за плати, **исплати на работници кои немаат надоместок за боледување и пристап до осигурување за вработување**, зголемување на постојните даночни кредити и надоместоци за грижа на деца.

**Финска**

Клучните фискални мерки опфаќаат околу 5% од БДП и вклучуваат дополнителни трошоци: здравствена заштита и тестирање, заштита и медицинска опрема, јавна безбедност и гранични контроли и истражување за епидемијата на коронавирус, особено за развој на методи за брзо дијагностика и вакцини и база на знаење за навремено донесување одлуки за мерките за коронавирус, (особено за стратегијата за излез); пониски придонеси за пензија до остатокот од 2020 година; грантови за мали и средни претпријатија и самовработени; и проширен родителски додаток, социјална помош и осигурување за невработеност. Покрај овие мерки, на 9 јули 2020, владата на Финска усвои амандман со кој се дозволува Финска да одобри привремено финансирање на компании со финансиски тешкотии кои обично не ги исполнуваат условите за подобност за поддршка. Понатаму, на 29 октомври, Владата на Финска намени 750 милиони евра за општините за спроведување на стратегијата за хибридно тестирање и основни јавни услуги.

**Со оваа мерка Финска е уште една од земјите што решава дел од Ковид-19 кризата да ја управува преку вклучување на општините во процесот**. **Како што споменавме погоре, бидејќи општините се најблиску до граѓаните, за разлика од централната власт, на овој**

**начин можат поефикасно да се извршуваат суштинските задачи кои се од круцијално значење за менаџирање на Ковид-19 кризата и истовремено на овој начин се овозможува поефикасно давање на јавни услуги и директна помош на ранливите категории на граѓани.**

**Франција**

Клучните мерки за фискална поддршка вклучуваат: зајакнување на здравственото осигурување за болните или нивните негуватели; зголемување на трошоците за здравствени материјали; поддршка на ликвидноста на фирмите преку одложување на плаќање на социјалното осигурување и плаќањето данок за компаниите и забрзано враќање на даноците; поддршка за платите на работниците според краткорочната работна шема; **директна финансиска поддршка за погодените микропретпријатија, либерални професии и независни работници, како и за домаќинства со ниски примања**; и одложување на наемнини и комунални плаќања за погодените микропретпријатија и МСП; дополнителна распределба за капитални инвестиции или национализации на компании во тешка состојба; мерки за поддршка за најпогодените сектори.

Буџетот за 2021 година исто така вклучува клучни елементи за помош како дел од Планот за закрепнувањето на француската економија. Планот за закрепнување вклучува мерки во износ од околу 100 милијарди евра за две години и се фокусира на еколошката трансформација на економијата, зголемување на конкурентноста на француските фирми и поддршка на социјалната и територијалната кохезија.

**Германија**

За борба против кризата КОВИД-19 и последователно, поддршка на закрепнувањето на економијата, федералната влада усвои два ребаланса на буџетот: 156 милијарди евра (4,9 проценти од БДП) во март и 130 милијарди евра (4 проценти од БДП) во јуни. Раните мерки вклучуваат: зајакнување на здравствен систем - трошење на опрема за здравствена заштита, болнички капацитет и истражување и развој (вакцина), **проширен пристап до краткорочна работа**, субвенција за зачувување на работните места и доходи на работниците, проширени бенефиции за згрижување деца за родители со ниски доходи и **полесен пристап до поддршка за основни доходи за самовработените**, грантови од 50 милијарди евра на сопственици на мали бизниси и самовработени лица сериозно погодени од епидемијата на КОВИД-19 и привремено проширено траење на осигурувањето за невработеност и надоместоците за родителско отсуство. Стимулативниот пакет на мерки донесен во јуни 2020 опфаќа финансиска поддршка за локалните самоуправи.

**Полска**

Оваа мерка не е директно поврзана со неформалнките работници, но може индиретно да им помогне доколку се имплементира. Полската влада наменила **финансиска поддршка на инвестициските задачи управувани од локалните самоуправи** (зајакнување на процесите на инвестиции во локалните самоуправи како Владин фонд за локални инвестиции и помош).

**Ова претставува многу добра мерка преку која можат да се ангажираат на привремена работа на локални инвестициски проекти оние неформални работници кои изгубиле работа и доход.**

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

## 1. Заклучни согледувања поврзани со трендовите и нивото на неформална економска активност/неформалната вработеност во Северна Македонија

- **Неформални работници преставуваат работниците кои функционираат како:** самовработени лица кои работат во нивните нерегистрирани субјекти, работодавачи вработени во сопствени нерегистрирани субјекти, членови на домаќинства кои работат во субјекти во формалниот сектор, членови на домаќинства кои работат во субјекти во неформалниот сектор, работници кои неформално работат во субјекти во формалниот сектор, работници кои неформално работат во субјекти во неформалниот сектор.

- Кај најголем дел од неформално вработените работници приходот по основ на нивните економски активност претставува **единствен извор на приход за финансирање на нивните основни човекови потреби**.

- Како резултат на Ковид-19 пандемијата, **најголем дел од работниците кои функционираат во неформалната економија бележат опаѓање на нивните приходи со што се соочуваат со ризик да западнат во екстремна сиромаштија, односно во неможност да ги задоволат своите егзистенцијални потреби**.

- **Од 2006 година па наваму, во просек степенот на неформална економија бележи надолен тренд на движење**. **Во периодот од 2006 до 2015 година, неформалната економија бележи пад од околу 10 процентни поени. Во периодот од 2016 до 2019 година неформалната економија забележала пад од дополнителни 4,5 процентни поени** (согласно методот на потрошувачка на електрична енергија).

- Согласно степенот на неформална економија во 2019 година, доколку се претпостави дека неформалната економија и неформалната вработеност имаат подеднакво учество во економијата, во тој случај може да се утврди дека **во 2019 година 35.457 од лицата кои биле регистрирани како невработени, всушност биле неформално вработени.**

- Употребата на MIMIC методот за мерење на степенот на неформална економија индицира на надолен тренд на движење на учеството на неформалната економија во официјалниот БДП. Резултатите индицираат на благо покачување на неформалната економија во периодот на настапување на глобалната економска криза од 2008 година и во 2012

година. **Во периодот после 2012 година повторно се забележува надолен тренд на движење на учеството на неформалната економија, со што во 2019 година се достигнува ниво од 28,9% од БДП**.

- **Резултатите од MIMIC методот и ECM методот за пресметка на степенот на неформална економија иако се разликуваат во степенот на неформалност** (што се смета за оправдано доколку се земе предвид различните детерминанти кои се користат во пресметката), **истите индицираат на надолен тренд на учеството на неформалната економија во БДП во претходниот период**.

- Резултатите од двете пресметки покажуваат **поволен тренд на намалување на учеството на неформалната економија во официјалниот БДП. Притоа, проценетата вредност на неформалната економија со помош ECM методот во 2019 година изнесува 21,3% од БДП, а со помош на MIMIC методот 28,9% од БДП.**

## 2. Заклучни согледувања за трендовите, структурата на неформалните работници и социо-економските ефекти на Ковид-19 кризата врз неформалните работници

- **Неформалните претпријатија сочинуваат 8 од 10 претпријатија на глобално ниво. Тие се главно нерегистрирани мали организациони единици, и често вработуваат до десет работници, и тоа непријавени и со ниски квалификации.**
- **Според МОТ (2020, Април), во 2020 година на глобално ниво околу 2 милијарди луѓе работеле во неформалната економија**.
- **Неформалните работници** немаат основна заштита, вклучително и социјална заштита, имаат слаб пристап до здравствени услуги, и немаат алтернативен извор на приходи во случај на болест или затворање на работата (CGAP, 2020).
- **Дури 60% од работниците на глобално ниво кои функционираат во рамките на неформалната економија, не се обезбедени со шемите на социјална заштита. Оттука истите се особено подложни на падови во доходот и сиромаштија во текот на Ковид-19 кризата.** Пандемијата брзо ја откри ранливоста на работниците во неформалниот сектор кои ниту се видливи во програмите за социјална заштита, ниту се заштитени со формално вработување, иако сочинуваат поголем дел од работниците во економијата со што доаѓа до значителни дисторзија и јаз во системот на социјална заштита (CGAP, 2020).
- **Голем дел од неформално вработените работници се соочуваат со дилемата „да се умре од глад или од вирусот“.** Во отсуство на вонредни мерки за нивна поддршка и без пристап до здравствен третман и отсуство поради болест, многу учесници во неформалната економија мораат да се изложуваат себеси и своите семејства на ризик од Ковид-19 бидејќи мора да се прехранат себеси и своите семејства, а немаат заштеда на која би можеле да се потпрат.

- **Дел од претпријатијата кои најголем дел од своите активности ги реализираат во рамките на неформалната економија  немаат доволно информации, средства и поддршка за да ги заштитат своите работници и клиенти.** Сопствениците на микро и мали претпријатија (оние претпријатија кои во најголем степен функционираат во рамките на неформалната економија), вклучително и работници за своја сметка, често се без социјална заштита и во многу случаи не ги опфаќаат ниту политиките за поддршка на претријатијата и работниците во формалната економија ниту поддршката наменета за сиромашните.

- **Најзастапените сектори во неформалната економија се често оние кои се директно погодени од кризата и рестриктивните мерки.** Меѓу овие сектори спаѓаат – **трговскиот сектор** (опфаќа една четвртина од неформалната не-земјоделска вработеност глобално, но една третина во земјите во развој со мнозинство улични продавачи и други трговци без фиксна локација). **Производство**, **сместувачки** и **прехранбени услуги**, **градежништво**, **занаетчиство**, **транспорт** и **поврзани активности** (пр. механичари), **лични услуги** како кетеринг, салони за коса и убавина и др., забава и рекреација, уметност, домашна работа и сл.

- **Неформалните работници најчесто работат на работни места кои не можат да се работат од дома, што оневозможува нивен премин кон побезбедно вршење на работните обврски.**

- **МОТ проценува дека речиси 1,6 милијарди неформални работници (околу 76% од вкупниот број на неформални работници или околу 47% од вкупниот број на вработени) се значајно погодени од кризата што ќе доведе до намалување на нивните приходи од 60%.**

- **Загубата на заработувачката може да ја зголеми релативната сиромаштија на неформалните работници и нивните семејства за 34 процентни поени во глобални рамки (46% во Европа и Централна Азија).**

- **Неформалните работници имаат значајно влијание во синџирите на снабдување, особено со храна**. Тие играат суштинска улога во обезбедувањето храна во многу земји, и како извор на храна и како место каде малите фармери ги продаваат нивните производи. Така, нивното затворање ќе предизвика зголемување на несигурноста на храна и сиромаштија. Исто така, занаетчиските претпријатија играат значајна улога во стручните обуки, па така за многу млади луѓе тие се единствен начин да се стекнат со практични вештини за работа.

- **Неформалните работници треба да добијат можност за пристојна работа преку засилување на релациите со локалните производители.** Организацијата за храна и земјоделство на ОН (FAO, 2020) препорачува проширување на опфатот на социјалната заштита кон неформалните работници од земјоделскиот и руралниот сектор, вклучувајќи времени парични трансфери, дистрибуција на храна итн. Исто така да се засилат пазарните врски со локалните производители, со истовремено промовирање на пристојна работа.

## Осврт на ефектите од Ковид-19 кризата во Република Северна Македонија

- **Кризата од КОВИД-19 пандемијата ги зафати сите сегменти во општеството**. Во Република Северна Македонија, кризата предизвика пад на економската активност, пад на приватната побарувачка, инвестициите и на меѓународната трговија, раст на невработеноста и на сиромаштијата, последици по психолошкото здравје на населението.

- **Фискални ефекти од Ковид-19**: силен пад на јавните приходи при истовремена потреба од зајакнат фискален одговор на предизвиците од кризата што наметнува значителен износ на јавни расходи. Тоа доведе до влошување на фискалната состојба (ММФ проектира буџетскиот дефицит да надмине -7% од БДП во 2020 година) и до раст на јавниот долг, кој веќе во вториот квартал на 2020 година го надмина прагот од 60% од БДП и на крајот на третиот квартал изнесува 60,7% од БДП, додека државниот долг изнесува 51,5% од БДП**.**

- **Најголем удар од пандемијата на Ковид-19 и од преземените рестриктивни мерки се забележува кај работниците ангажирани во рамки на неформалната економија.** Со оглед на високата застапеност на неформалниот сектор во Северна Македонија, значителен број на лица се под ризик од загуба на единствениот извор на приходи, што би ја загрозило нивната и егзистенцијата на нивните семејства.

- **Значителен пад во приходите се забележува кај околу 40.000 лица кои работат сезонски во странство.** Значителен е бројот на работници од Северна Македонија кои работат сезонски во странство и рестриктивните мерки воведени во тие држави практично ги оставија тие луѓе без планираните доходи. Така, проценето е дека околу 40.000 сезонски работници од Северна Македонија се ангажирани во земјоделскиот сектор во Италија, а многу други работат и во Грција, Хрватска, Црна Гора и други земји во градежниот и туристичкиот сектор.

- **Според Државниот завод за статистика, во 2019 година во Северна Македонија 128.026 лица се неформално вработени.** Тие се најчесто вработени во најпогодените сектори во економијата. **ајголем број неформални работници има во земјоделството – 52,3% од вкупниот број неформални работници во земјата, градежништвото – 16,1%** и **трговијата на големо и мало– 8,3%.** Според учеството на неформалната во вкупната вработеност во поединечните сектори, **најизложени сектори на неформална вработеност** (каде над 10% од работниците се неформални работници) се: **земјоделство (53,5%), градежништво (31,6%), услужни дејности (17,8%), административна поддршка (14,3%)** и **сместување и храна (10,6%).**

- **Најголем број на погодени неформални работници и од машки и од женски пол се ангажирани во секторите со средно-ниско ниво на ризик**. Доколку се анализира нивото на ризик согласно полот, кај жените каде учеството е ¾ од погодените жени неформални работнички. Секако ова е очекувано, со оглед на тоа што земјоделството е вброено во оваа група, кај мажите 23,6% од погодените од кризата работат во сектори со среден ризик, додека кај жените тој процент е занемарлив (0,3%). Во овој сектор припаѓа градежништвото.

- **Грижата за децата и затворањето на училиштата го зголемија товарот врз мајките на деца до 10 годишна возраст кои мораа да останат дома и негативно се одразија на работата на жените.**

## 3. Заклучни согледувања од донесените мерки на централната власт во контекст на неформалните работници

Согласно направената анализа на донесените мерки од страна на централната власт во контекст на неформалните работници може да се извлечат неколку **клучни констатации**[79]:

- **Најголем дел од мерките кои се дел од петте пакет сетови мерки се фокусирани на ублажување на социјалните и економски последици од КОВИД-19 пандемијата**. Целта на владата со првите два пакет мерки е ублажување на иницијалниот удар од кризата и од рестриктивните мерки, особено преку намалување на трошоците, одложување на кредитните и даночните обврски и сл., додека третиот и четвртиот пакет беа замислени да помогнат во закрепнување на економијата и поддршка на ранливите групи на граѓани. Основната цел на петтиот пакет мерки е стабилизирање и развој на економијата.
- **Најголем дел од економските мерки кои ги донесе централната власт се насочени кон поддршка на кревкото стопанство, особено на секторите кои се најпогодени од кризата: угостителство, туризам итн. Мерките наменети за стопанството се насочени кон олеснување/намалување на трошоците/загубите на фирмите**. Мерките влијаат на нивните трошоци, пр. даночни олеснувања, одложувања на плаќања по основ на кредит, финансиска поддршка за плати и придонеси на наввработените и сл.
- **Одреден дел од мерките се насочени кон домаќинствата овозможувајќи директна и индиректна финансиска помош**. Дел од мерките го олеснуваат товарот на месечните трошоци и на домаќинствата, особено во поглед на нивните обврски по основ на кредити или заостанати обврски по кредити, комуналии итн.
- **Мерките имаат за цел ослободување на што поголема количина финансиски средства за домаќинствата и компаниите за задоволување на тековните потреби**. Намалувањето на кредитните и даночните обврски, како и намалувањето на каматната стапка, со што се намалува товарот за плаќање на граѓаните и овозможува тие да имаат поголем расположлив доход за задоволување на нивните основни егзистенцијални потреби во услови на намалени доходи. Во поглед на компаниите, тоа значи повеќе средства на располагање за тековните потреби на компаниите и поголема можност да ги задржат вработените.
- **Преку дел од мерките се активира заштитната улога на државата во директна парична помош за лицата кои изгубиле работа во текот на пандемијата.** Владата обезбедува парична поддршка на неколку различни категории на граѓани – спортисти, уметници, занаетчии, невработени лица, млади лица.
- **Најголем дел од наведените мерки не се специјално и директно насочени кон неформалните работници**. Неформалните работници во најголем дел можат да

[79]Мерките од страна на централната власт во синтетизирана форма се презентирани во табелата која дава преглед на мерките кои директно или индиректно допираат до неформалните работници, но и во Анексот и поконкретно за мерките насочени кон неформалните работници.

почувствуваат **индиректен ефект од мерките на централната власт** (без директно таргетирање) – преку намалени трошоци, одложување на обврски по кредити, поддршка за младите кои се членови на семејството, помош за компаниите кои ги ангажираат и сл.

- Една мерка на централната власт директно ги таргетира лицата од неформалната економија: **обезбедување парична помош за домаќинствата и енергетски додаток, преку релаксирање на критериумите за влез во системот за гарантиран минимален доход на лицата од неформалната економија кои останале без работа.**
- Дел од неформалните работници, како пасивни баратели на работа, се опфатени со мерката за **платежни картички во четвртиот пакет мерки**.
- **Отсуство на конзистентност и континуитет во носењето на централните мерки за помош во услови на КОВИД-19 пандемијата**. Важноста на дел од мерките кои беа воведени како поддршка за бизнисите/граѓаните беа со ограничено времетраење, кај дел имаше промени во условите за користење, кај дел имаше одложување/прекин во нивното обезбедување во определени периоди кога истите беа неопходни итн.
- **Со оглед на тоа што неформалните работници се најчесто ангажирани во секторите што беа најпогодени од кризата, мерките кои се однесуваат на тие сектори се исто така особено релевантни и за оваа група на граѓани**.
- **Неформалните работници кои функционираат во руралните средини немаат доволно расположливи информации за искористување на мерките од Владата**. Пристапот и информирањето на неформалните работници не е посебно регулирано. Голем дел од нив, особено во руралните средини, не се доволно информирани за можностите за добивање поддршка од Владата.
- **Економските мерки што ги донесе Владата на Република Северна Македонија се во вкупен износ од 1 милијарда и 235 милиони евра**. Без податок за вкупната искористеност на предвидените средства, секако може да се очекуваат значителни фискални импликации, надополнети со намалените приходи во Буџетот како резултат на намалената економска активност.

## 4. Заклучни согледувања кои се однесуваат на мерките донесени од локалната власт во контекст на неформалните работници

Во рамки на овој дел беше направен сумарен пресек на преземените мерки на локално ниво, ефектите од истите врз работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија, како и финансиските импликации кои ги имаат истите врз општинските финансии. Генералните констатации се во насока дека: најголем дел од преземените мерки во рамките на единиците на локалната самоуправа се од ***парцијален карактер***. При носењето на одделните видови на мерки од страна на локалните власти евидентно е отсуството на ***систематски пристап*** при креирањето на мерките во рамките на единиците на локалната самоуправа. Ниското ниво на синхронизираност во креирањето на мерките кое се забележува и во самите општини но, и помеѓу општините создаваше дополнителна доза на комплексност во носењето и анализата на ефектите од мерките. Ваквата констатација не

треба да се смета за изненадување доколку се земе предвид фактот дека помеѓу одделните општини постојат големи диспропорции во развојот, *различниот материјално – финансискини* и *кадровски капацитет* на одделните општини, како и различниот интензитет на изложеност на КОВИД-19 пандемијата.

**Клучни согледувања** од донесените мерки на локалната власт во контекст на неформалните работници:

- Воспоставувањето на мерките за справување со КОВИД-19 пандемијата од страна на единиците на локалната самоуправа претставува чекор повеќе кон **интегрирање на властите на локално ниво со централната власт во функција на амортизирање на негативните ефекти предизвикани од КОВИД-19 пандемијата**.
- **Отсуство на соработка помеѓу институциите и оттука отсуство на принципот на конзистентност и** комплементарност **на мерките преземени на локално и централно ниво.**
- **Во воспоставените мерки од страна на одделните единици на локалната самоуправа може да се забележи отсуство на систематски пристап и недостаток на координација на хоризонтално и вертикално ниво**. Со други зборови, во преземените мерки на локално ниво, може да се забележи ниското ниво на координација помеѓу општините при носењето на мерките кои очигледно не познаваат географска или административна граница.
- **Одделните општини бележат различен степен на успешност и материјално-финансиски и кадровски капацитет во справувањето со КОВИД-19 пандемијата.** Доколку фокусот на анализата се стави на материјално-финансискиот и кадровскиот капацитет на одделните единици на локалната самоуправа во справувањето со КОВИД-19 пандемијата, може да се забележат значајни диспропорции во капацитетите на одделните општини.
- **Мерките спроведени на локално ниво може да се групираат во две области: заштита на јавното здравје и ублажување на негативните социјални и економски ефекти**.
    - **Најголем степен на мерките преземени од страна на единиците на локалната самоуправа се насочени кон заштита на јавното здравје**.
    - Само **во мал дел од анализираните општини** се забележуваат мерки насочени кон **ублажување на негативните економски ефекти** за правните и физички лица.
    - Дел од економските мерки преземени на локално ниво се насочени кон **директно влијание врз трошоците на фирмите**, а се поврзани кон **значајно намалување на оперативните трошоци на малите и микро бизниси** кои во време на пандемија се соочуваат со значајно (или целосно) намалување на нивните приходи.
    - Дел од сетот мерки често преставува мерката за **намалување на надоместокот за користење на терасите** од страна на деловните ентитети. Покрај директниот

ефект врз фирмите, индикативно може да се констатира дека **индиректно влијаат и врз работниците кои спаѓаат во категоријата на неформална вработеност**. **Ваквата мерка покрај тоа што ги стимулира и им дозволува на фирмите да продолжат со работа (ги прави терасите економски поисплатливи за користење од страна на фирмите) придонесува и за задржување на приходите и на работниците кои спаѓаат во категоријата на неформално вработените работници**.

- Дел од локалните мерки насочени кон стопанството се и мерките како: **намалување на фирмарината на стопанските субјекти, зголемувањето на периодот на одложена наплата на комуналиите** итн. Овој тип на мерки се насочени кон дополнително ослободување на финансиски средства на фирмите кои можат алтернативно да се употребат, пред сè во функција на справување на негативните ефекти од КОВИД-19 пандемијата.
- **Една од најчестите мерките кои се директно насочени кон физичките лица**, преставува **намалувањето на висината на данокот на имот** (во дел од општините и до 50%) и **можноста за негова периодична отплата**. Оваа мерка влијае директно кон физичките лица во насока на **ослободување на дополнителни финансиски средства, меѓутоа на среден рок може да ја наруши фискалната дисциплина и да влијае на** намалување на квалитетот на услугите на локално ниво.
- **Дел од сетот на локални мерки е директно насочен кон ослободување на дополнителни финансиски средства на физичките лица** преставува и **непостапувањето по однос на долгови кон физичките лица**, односно сите физички лица кои имаа неподмирени долгови не беа изложени на дополнителни мерки на извршување во периодот на траење на вондредната состојба.
- **Останати мерки во сетот мерки кои директно влијаат врз амортизирање на негативните ефекти од КОВИД-19 пандемијата врз физичките лица се забележуваат:** формирање на тимови за логистичка поддршка на ранливите групи на граѓани и воспоставувањето на разни канали на донации на материјални и финансиски средства кои пред сè се наменети за семејствата и лицата кои се материјално необезбедени.
- Единствено на ниво на **град Скопје**, во сетот на локални мерки може да се забележи **мерка која директно влијае врз подобрување на финансиско-материјалната положба на дел од работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија**. Конкретно ваквата констатација се однесува на мерката за **организирање на маалски концерти на ниво на град Скопје**. За потребите на оваа цел се ангажирани музички уметници кои добиваат еднаков солидарен хонорар од 14.500 денари.

- **Генерален заклучок од анализата на локалните мерки за справување со Ковид-19 е дека најчесто не постојат мерки што се директно насочени кон работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија**. Од донесените мерки може

да се забележи дека **доминантниот дел се насочени кон зачувување на јавното здравје, додека втор приоритет на локалните мерки преставува ослободување на дополнителни финансиски средства кон деловните ентитети и физичките лица**.

- **Скромниот финансиски и кадровски потенцијал на дел од општините, јасно укажува на потребата дел од локалните мерки да бидат финансиски помогнати од страна на централната власт**. Исто така значајна е потребата од директни мерки за поддршка на локалните власти од страна на централната власт (кои изостанаа во изминатиот период) – имајќи го предвид нивниот ограничен фискален капацитет од една страна и директното справување со последиците од Ковид-19 од друга страна.

- Од анализа на мерките, може да се констатира дека единиците на локалната самоуправа пренамениле дел од буџетите за да одговарат на пандемијата. Но, сепак овие средства се потрошени генерално за дезинфекциски срдества. Додека конректни мерки за помош на ранливи категории на граѓани изостануваат заради немање на дополнителни средства. И во иднина единиците на локалната самоуправа ќе имаат потреба од буџестки средства со кои ќе мора да одговарат на потребите на ранливите категории на граѓани, а ова ќе биде тешко да се реализира заради значителното намалување на општински приходи како резултат на Ковид-19 кризата. Тука круцијална улога треба да има Владата со што ќе обезбеди финансирање на општините со недоволен финансиски капацитет со цел истите да можат директно да им понудат континуирана помош на засегнатите граѓани.

- **Единствено координираниот и систематски пристап во формирањето на мерките и следењето на нивната искористеност ќе овозможи подобро справување со предизвиците кои со себе ги носи КОВИД-19 пандемијата**. Во оваа насока во наредниот период при носењето на мерките на локално ниво, **неопходно е зголемување на степенот на координација помеѓу единиците на локалната самоуправа, но и координација со централната власт.**

## 5. Анализа на движењето на основните индикатори на пазарот на труд за време на Ковид-19 кризата - Заклучни согледувања во врска со ефектите од кризата и мерките за справување со пандемијата врз пазарот на труд

- **Согласно податоците од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ), невработените лица и лицата кои бараат работа[80] започнувајќи со КОВИД-19 пандемијата, забележуваат нагорен тренд. Бројот на невработени лица во КОВИД-19 периодот се зголемил за околу 54.272 лица, додека категоријата други лица кои бараат работа пораснала за 3.754 лица.**

- **Првиот квартал од 2020 година претставува т.н пресвртна точка во движењето на официјалната вработеност, односно во вториот и третиот квартал се забележува надолен тренд на нивото на вработеност**.

- **Доколку нивото на вработеност во четвртиот квартал од 2020 година се спореди со четвртиот квартал од 2019 година (807.362 вработени) може да се констатира дека како последица од КОВИД-19 пандемијата вработеноста во Република Северна**

[80]Согласно податоците за прилив по основ на работен однос и одјавата од задолжително социјално осигурување.

**Македонија се намалила за 17.810 работни места, односно 17.810 работници што претходно биле формално вработени како последица од КОВИД-19 пандемијата биле приморани да ги напуштат своите работни места**.

- **Во четвртиот квартал од 2019 година нивото на невработеност изнесува 101.740 лица, додека во четвртиот квартал од 2020 година изнесува 156.432 лица, односно нивото на невработеност се зголемило за 54.692 лица.** Оттука, може да се констатира дека бројот на работници кои за време на КОВИД-19 пандемијата се регистрирани како невработени во Агенцијата за вработување на РС Македонија изнесува 54.692 лица. Оттука, сосема е оправдано да се постави тезата **дали дел од лицата кои за време на КОВИД-19 периодот се пријавиле како невработени во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија претходно функционирале во рамките на неформалните економски текови, односно биле дел од неформалниот пазар на труд.**

- **Владините мерки за поддршка на граѓаните и стопанството кои за време на КОВИД-19 пандемијата ги донесе Владата на Северна Македонија, имаат свое влијание врз порастот на лицата кои се евидентираат како формално невработени во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (пр. мерката за директна парична помош на лицата што изгубиле работа за време на пандемијата итн.). Ова укажува во определена мера на ефикасноста на мерката за справување со КОВИД – 19 пандемијата која на индиректен начин ги таргетира и големиот број на неформално вработени лица – пријавени како невработени, меѓутоа и голем број на лица што во изминатиот период воопшто не биле регистрирани како невработени, а сега се пријавиле во евиденцијата на невработени.**

- **Платежна картичка за купување на домашни производи „Купувам домашно“.** Во рамките на третиот пакет мерки кој се донесе кон средината на мај 2020, покрај останатите мерки се донесе и мерката „Купувам домашно“, односно се воспостави платежна картичка за купување на домашни производи. Оваа мерка беше достапна за сите активни баратели на работа со месечни приходи пониски од 15.000 денари, како и примателите на гарантираната минимална помош. **Ова исто така може да биде една од причините вработените во неформалната економија, кои се приматели на гарантирана минимална помош или пак работниците со приходи пониски од бараниот минимум во насока да ја искористат можноста се регистрираат како невработени во АВРМ.** Со **четвртиот пакет мерки** донесен од Владата на Република Северна Македонија, продолжува да важи мерката **„платежна картичка“**, која овојпат ги вклучува и **пасивните баратели на работа.**

- Генералната констатација од претходното е дека иако најголем дел од мерките воспоставени од Владата на Република Северна Македонија не се директно насочени кон неформалните работници, тие во одреден степен можат да ги користат овие мерки. **Оттука, сосема е оправдано да се тврди дека дел од работниците во неформалната економија кои како последица од КОВИД-19 пандемијата почуствувале намалување на нивниот животен стандард и благосостојба, преку различни канали што им**

**стоеле на располагање се обиделе да бидат корисници на некоја од мерките (на пр. да се регистрираат како официјално невработени).**

- **Во контекст на претходното, доколку се направи едноставна пресметка на бројот на загубени работни места во КОВИД-19 периодот (17.810 работници) со бројот на зголемување на невработеноста 54.692 лица, може да се констатира дека станува збор за околу 36.882 лица кои немале никакви мотиви да се регистрираат како невработени во АВРМ пред почетокот на КОВИД-19 пандемијата**.

- **Во однос на возраста младите работници на возраст од 15 до 24 години, во четвртиот квартал од 2020 година, во однос на истиот период 2019 година се соочиле со пад на вработеноста од 13,5%, односно во апсолутен износ 7.072 работници ги загубиле своите работни места.**

- **КОВИД-19 пандемијата остава поголеми последици врз жените на пазарот на труд**. Имено, споредено со 2019 година, на крајот од 2020 година, околу 10.250 работнички ги загубиле своите работни места, што во однос на мажите (7.557 работници) претставува разлика од околу 26%. Оттука може да се констатира дека вработеноста кај жените на возраст од 15-24 години споредено со вработеноста кај мажите опаднала за 2,5 пати (повеќе од двојно).

## 6. Теренско истражување – анализа на социо-економските ефекти од КОВИД-19 врз неформалните работници- заклучни согледувања од теренското истражување

- Со оглед на фактот дека **одделните возрасни категории работници се разликуваат по своите потреби и начин на живот, ефектите од КОВИД-19 пандемијата се различно дисперзирани и имаат различно влијание врз секоја одделна категорија на работници.**

- **44% од испитаните во рамките на овој прашалник спаѓаат во категоријата формално вработени лица**, додека **лицата кои функционираат во рамките на неформалните економски текови учествуваат со околу 48% во вкупниот број на испитаници**.

- Согласно видот на работата **неформалните работници во најголем дел од случаите работат на работни места кои не можат да се извршуваат од дома, односно истите мораат да бидат на своето работно место.** Најголем дел од испитаниците работат во дејноста **култура и забава (24%)** и **земјоделство (24%)**, во категоријата **чување на стари и изнемоштени лица** работат **6%** од испитаниците, додека во категоријата **чување деца** работат **11%** од испитаниците, **официјално вработени во текстилната индустрија** (6%), додека исто така 6% од испитаниците се **занаетчии**.

- **Дури 67% од испитаниците изјавиле дека не се евидентирани како невработени лица** во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Од друга страна **околу 1/3 (31%) од испитаниците изјавиле дека се евидентирани како невработени лица**.

- Во поглед на поседувањето на здравствено осигурување **најголем дел од испитаниците (95%) имаат здравствено осигурување**, додека **мал дел од испитаниците истакнале дека немаат здравствено осигурување (5%)**.

- Во однос на **потребата како и достапноста на здравствени услуги**, значителен дел од испитаниците се изјасниле дека во претходниот период **немале потреба од здравствена услуга (57%).** Од друга страна **43% од испитаниците констатирале дека во претходниот период имале потреба од здравствена услуга и истата ја добиле** .

- Во поглед на примањето на **социјална помош**, скоро сите испитаници констатирале дека **не примаат социјална помош по никоја основа, имајќи ја предвид структурата на испитаниците , ова укажува на степеност на покриеност на овие категории со социјална заштита.**

- Во поглед на реализацијата на приходите како и нивната редовност, најголем дел од испитаниците констатирале дека **остваруваат редовни приходи (41%)**. Дел од испитаниците, потврдиле дека во претходниот период остваруваат приходи, но тие се **повремени и нередовни (20%)**. Од друга страна, особено загрижува што висока пропорција од испитаниците констатирале дека **не остваруваат приходи по никој основ (33%)**.

- **1/4 од испитаниците се изјасниле дека имаат приходи во износ од над 30.000 денари**. Додека пак месечни приходи во износ од **20.000 до 30.000 денари имаат 13% од испитаниците**. Најголем дел од испитаниците имаат п**риходи пониски од 20.000 денари месечно, дури 63% од испитаниците**.

- **Во контекст на приходите на најранливата категорија граѓани, со најниски приходи/доход - 18% од испитаниците потврдиле дека остваруваат доход во износ од 12.000 до 15.000 денари месечно**, додека **16% од испитаниците констатирале дека имаат доход од 15.000 до 20.000 денари** на месечно ниво. Она што е особено индикативно е фактот дека **околу 16% од испитаниците бележат ниво на доход пониско од законската месечна минимална плата**. Во оваа насока, **5% од испитаниците потврдиле дека имаат месечни приходи пониски од 3.000 денари**, **3% од испитаниците констатирале дека имаат месечни приходи во износ од 3.000 до 6.000 денари**. Исто така, **месечен приход во износ од 6.000 до 9.000 денари земаат 5% од испитаниците**.

- Дури **87% од испитаниците се изјасниле дека немале никаква консултација со претставници на надлежните институции во врска со проблемите и последиците кои истите ги имаат од КОВИД-19 пандемијата.** Од друга страна, единствено 13% од испитаниците потврдиле дека имале комуникација поврзана со нивните проблеми предизвикани од КОВИД-19 пандемијата во претходниот период. Л**ицата што одговориле потврдно на ова прашање потенцирале дека биле контактирани од <u>претставници на невладиниот сектор</u>**.

- Најголем дел од испитаниците констатирале дека КОВИД-19 пандемијата придонела за **значајно зголемување на трошоците за разни намени поврзани со КОВИД-19 пандемијата (46%)**.
- Значаен дел од испитаниците тврдат дека како последица од пандемијата во претходниот период дошло до **значајно намалување на нивните егзистенцијални приходи (30%),** ја **изгубиле својата работа за време на КОВИД-19 пандемијата (9%)**, **проблеми со згрижувањето на децата и нивниот образовен процес во време на пандемијата (6%)**.
- **Дури (62%) од испитаниците се соочиле со значајно намалување на своите приходи**. Од друга страна **околу 1/3 од испитаниците (32%) потврдиле дека во претходниот период не дошло до намалување на нивните приходи**. Понатаму, **помал дел од испитаниците (6%) истакнале дека не се соочиле со намалување на своите приходи во претходниот период, но проблем им претставувале доцнењето на платата (доцнење на платата во период од 2 месеци).**
- **Во просек, на 10 лица, околу 6 лица се соочиле со намалување на нивните приходи во претходниот период како последица од КОВИД-19 пандемијата**.
- Најголем дел од испитаниците констатираат дека во претходниот период нивните приходи забележале **просечен пад од 10-30% (44%), додека скоро 1/3 (27%) констатирале дека во претходниот период нивниот единствен приход опаднал до 10% (27%)**. Значаен дел од испитаниците (13%) констатирале дека намалувањето на нивните приходи се движело од **30 до 50%.** Сосема мал дел од испитаниците (**3%**) констатирале дека се соочиле со пад во нивните приходи од 50 до 70%.
- **10% од испитаниците во изминатиот период се соочиле со целосно губење на нивните приходи.**
- **Кај самостојните вршители на дејност, кај повеќе од 2/3 од самостојните вршители на дејност дошло до намалување на приходите од 10-30%**, додека **останатите 1/3 од испитаниците (33%) потврдиле дека се соочиле со намалување на нивните приходи од 30-50%.**
- Во однос на падот **на приходите кај <u>неформалните работници</u>, може да се констатира дека единствено кај 8% од случаите доаѓа до намалување на приходите до 10%.** Од друга страна **62% од испитаниците потврдиле дека во претходниот период нивните приходи опаднале во просек од 30 до 50%. Дел од неформалните работници (15%) се соочиле со пад во приходите од 30-50%,** додека **8% од оваа категорија на работници се соочила со пад на приходите од 50-70%.**
- **8% од <u>неформалните работници</u> за време на КОВИД-19 пандемијата (во претходниот период) се соочиле со целосно губење на нивните приходи (ги загубиле своите работни места).**
- **На случајот на формалните работници може да се заклучи дека** на намалувањето на сопствените приходи во претходниот период во **54% од случаите дошло до намалување на приходите до 10%**. **Околу 1/3 (31%) од испитаниците истакнале дека во**

**претходниот период се соочиле со намалување во нивните приходи од 10-30%.** Остатокот од испитаниците **(15%)** констатирале дека во претходниот период дошло до скоро **преполување во нивните приходи, односно тие се соочиле со намалување на нивните приходи од 30 до 50%.**

- Во поглед на финансиските импликации на граѓаните,а кои произлегуваат од трошоците поврзани со КОВИД-19 пандемијата, може да се констатира дека најголем дел од испитаниците **(81%)** се соочиле со **зголемување на нивните трошоци/расходи како последица од КОВИД-19 пандемијата** во претходниот период. Од друга страна, **19%** од испитаниците истакнале дека во претходниот период **не дошло до зголемување на нивните трошоци за живот како последица од КОВИД -19 пандемијата.**

- Во поглед на трошоците кои имале најголем степен на пораст во претходниот период, испитаниците потврдуваат дека најголем пораст забележале кај трошоците поврзани со **набавка на средства за дезинфекција и заштита (43%), трошоците за храна и намирници (29%), здравствените трошоци (19%).**

- **<u>Кај неформалните работници</u> во 57% од случаите, намалувањето на финансискиот капацитет, односно зголемените финансиски потешкотии се последица од зголемувањето на трошоците за живот, кои се поврзани со КОВИД -19 пандемијата:** во **26%** од случаите доаѓа до **намалување на егзистенцијалните приходи, односно КОВИД-19 пандемијата придонела за намалување на единствените извори на приход на оваа категорија работници**. Она што е особено важно да се истакне, **17% од неформалните работници ја изгубиле својата работа како последица од КОВИД-19 пандемијата**.

- Кај формално вработените работници **финансиските потешкотии се резултат на подеднакво дејство, односно од намалување на приходите за егзистенција (38% од случаите) и зголемување на трошоците за живот (38% од случаите). Дел од формално вработените работници истакнале дека имаат проблеми со згрижување на децата и нивниот образовен процес**, односно ваков проблем се среќава во просек кај **5%** од испитаниците.

- **Во 54% од случаите кај лицата кои во претходниот период воопшто не остварувале приходи дошло до зголемување на трошоците за разни потреби поврзани со КОВИД-19 пандемијата**. Понатаму, кај дел од овие лица исто така дошло до **намалување на приходите за егзистенција кои ги остварувале останатите членови од нивното семејство (46%).**

## 6.1 Ставови и перцепции на испитаниците во врска со искористеноста на мерките од централната/локалната власт со цел намалување на негативните последици предизвикани од КОВИД-19 пандемијата

- **Во поглед на искористеноста на мерките од страна на централната власт - само 25% од испитаниците искористиле дел од мерките на централната власт, додека 75% од граѓаните потврдиле дека немаат искористено ниту една мерка во претходниот период.**

- Како главни причини за неискористеност на мерките испитаниците ги наведуваат **немањето на информации за тоа кои мерки им се на располагање (во 24% од случаите), пакетот мерки спроведени од централната власт не се соодветни за нивната положба/состојба (29%), недоверба дека согласно мерката ќе ја добијат соодветната помош (17%), мерките не се доволни за да овозможат поддршка за време на Ковид-19 пандемијата (12%), страв од влегување во системот (2%).**

- Во поглед на запознаеноста со условите и критериумите за користење на мерките - дури **78% од испитаниците констатирале дека во претходниот период не оствариле непосредна комуникација (ниту некој им ги соопштил нивните права поврзани со искористување на Ковид-19 мерките од страна на централната власт)**. Од друга страна **скоро ¼ (22%) од испитаниците истакнале дека во претходниот период биле непосредно запознаени со условите и правата на користење на Ковид-19 мерките**.

- **Резултатите поврзани со искористеноста на владините мерки поврзани со помош од КОВИД-19 пандемијата индицираат дека ги искористиле ¼ од граѓаните (25%).** Додека пак, од друга страна, **скоро ¼ од граѓаните (22%) констатирале дека непосредно им биле презентирани и објаснати правата, условите и начинот за аплицирање за искористување на Ковид-19 мерките**.

## 6.2. Ставови и перцепции и препораки на испитаниците за дополнителни КОВИД-19 мерки во наредниот период

- Во врска со потребата од дополнителни мерки за олеснување на негативните последици од Ковид-19 пандемијата значителен дел од **испитаниците (70%) констатирале дека имаат потреба од дополнителна владина мерка за олеснување на последиците од кризата**, додека **30% од испитаниците истакнале дека не им се потребни дополнителни владини мерки.**

- **Согласно ставовите на испитаниците поврзани со мерките кои би биле најсоодветни во наредниот период:**
    - Најголем дел од испитаниците сметаат дека најсоодветна мерка би била поддршката во парични средства (44%).
    - Дел од граѓаните за оптимални ги сметаат и мерките за помош во вид на средства за заштита од Ковид-19 пандемијата (19%).
    - Исто така како дополнителна мерка 17% од испитаниците истакнале дека во наредниот период имаат потреба од поддршка во совети и помош за остварување на своите права. Поддршка во даночни и други фискални/финансиски олеснувања од страна на централната/локалната власт (12%), мерките за вклучување во формалниот систем на социјална сигурност (9%).

- Во врска со **потребните информации кои би им биле од корист на граѓаните во иднина**, **50% од испитаниците истакнале дека информациите поврзани со искористување на КОВИД-19 мерките би биле од најголемо значење.**

- **20%** од испитаниците потврдиле дека имаат потреба од информации околу процедурата и условите за искористување на некое право (пред сè, тука се мисли на правата поврзани со мерките за помош од Ковид-19 пандемијата).
- **Може да се заклучи дека во просек, на испитаниците им се неопходни информации поврзани со условите, критериумите и начинот на аплицирање за Ковид-19 пакетите за помош на граѓаните**.

## СУМАРНИ КОНСТАТАЦИИ ОД ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

- Во поглед на примањето на **социјална помош**, скоро сите испитаници констатирале дека **не примаат социјална помош по никоја основа, имајќи ја предвид структурата на испитаниците, ова укажува на степеност на покриеност на овие категории со социјална заштита.**
- Во поглед на реализацијата на приходите како и нивната редовност, најголем дел од испитаниците констатирале дека **остваруваат редовни приходи (41%)**. Дел од испитаниците, потврдиле дека во претходниот период остваруваат приходи, но тие се **повремени и нередовни (20%)**. Од друга страна, особено загрижува што висока пропорција од испитаниците констатирале дека **не остваруваат приходи по ниеден основ (33%)**.
- **¼ од испитаниците се изјасниле дека имаат приходи во износ од над 30.000 денари**. Додека пак месечни приходи во износ од **20.000 до 30.000 денари имаат 13% од испитаниците**. Најголем дел од испитаниците имаат п**риходи пониски од 20.000 денари месечно, дури 63% од испитаниците**.
- **Во контекст на приходите на најранливата категорија граѓани , со најниски приход/доход - 18% од испитаниците потврдиле дека остваруваат доход во износ од 12.000 до 15.000 денари месечно**, додека **16% од испитаниците констатирале дека имаат доход од 15.000 до 20.000 денари** на месечно ниво. Она што е особено индикативно е фактот дека **околу 16% од испитаниците бележат ниво на доход пониско од законската месечна минимална плата**. Во оваа насока, **5% од испитаниците потврдиле дека имаат месечни приходи пониски од 3.000 денари, 3% од испитаниците констатирале дека имаат месечни приходи во износ од 3.000 до 6.000 денари**. Исто така, **месечен приход во износ од 6.000 до 9.000 денари земаат 5% од испитаниците**.
- Дури **87% од испитаниците се изјасниле дека немале никаква консултација со претставници на надлежните институции во врска со проблемите и последиците кои истите ги имаат од Ковид-19 пандемијата.** Од друга страна, единствено 13% од испитаниците потврдиле дека имале комуникација поврзана со нивните проблеми предизвикани од оваа пандемија во претходниот период. **Лицата кои одговориле потврдно на ова прашање потенцирале дека биле контактирани од претставници на невладиниот сектор**.

- Најголем дел од испитаниците констатирале дека Ковид-19 пандемијата придонела за **значајно зголемување на трошоците за разни намени поврзани со оваа пандемија (46%)**.
- Значаен дел од испитаниците тврдат дека како последица од пандемијата во претходниот период дошло до **значајно намалување на нивните егзистенцијални приходи (30%),** ја **изгубиле својата работа за време на Ковид-19 пандемијата (9%)**, **проблеми со згрижувањето на децата и нивниот образовен процес во време на пандемијата (6%)**.
- **Дури (62%) од испитаниците се соочиле со значајно намалување на своите приходи**. Од друга страна **околу 1/3 од испитаниците (32%) потврдиле дека во претходниот период не дошло до намалување на нивните приходи**. Понатаму, **помал дел од испитаниците (6%) истакнале дека не се соочиле со намалување на своите приходи во претходниот период, но проблем им претставувале доцнењето на платата (доцнење на платата во период од 2 месеци).**
- **Во просек, на 10 лица, околу 6 лица се соочиле со намалување на нивните приходи во претходниот период како последица од оваа пандемија**.
- Најголем дел од испитаниците констатираат дека во претходниот период нивните приходи забележале **просечен пад од 10-30% (44%), додека скоро 1/3 (27%) констатирале дека во претходниот период нивниот единствен приход опаднал до 10% (27%)**. Значаен дел од испитаниците (13%) констатирале дека намалувањето на нивните приходи се движело од **30 до 50%.** Сосема мал дел од испитаниците (**3%**) констатирале дека се соочиле со пад во нивните приходи од 50 до 70%.
- **Кај самостојните вршители на дејност, кај повеќе од 2/3 од самостојните вршители на дејност дошло до намалување на приходите од 10-30%**, додека **останатите 1/3 од испитаниците (33%) потврдиле дека се соочиле со намалување на нивните приходи од 30-50%.**
- Во однос на падот **на приходите кај <u>неформалните работници</u>, може да се констатира дека единствено кај 8% од случаите доаѓа до намалување на приходите до 10%.** Од друга страна **62% од испитаниците потврдиле дека во претходниот период нивните приходи опаднале во просек од 30 до 50%. Дел од неформалните работници (15%) се соочиле со пад во приходите од 30-50%,** додека **8% од оваа категорија на работници се соочила со пад на приходите од 50-70%.**
- **8% од <u>неформалните работници</u> за време на КОВИД-19 пандемијата (во претходниот период) се соочиле со целосно губење на нивните приходи (ги загубиле своите работни места).**
- **На случајот на формалните работници може да се заклучи дека** на намалувањето на сопствените приходи во претходниот период во **54% од случаите дошло до намалување на приходите до 10%. Околу 1/3 (31%) од испитаниците истакнале дека во претходниот период се соочиле со намалување во нивните приходи од 10-30%.** Остатокот од испитаниците **(15%)** констатирале дека во претходниот период дошло до скоро **преполување во нивните приходи, односно тие се соочиле со намалување на нивните приходи од 30 до 50%.**

- Во поглед на финансиските импликации на граѓаните а кои произлегуваат од трошоците поврзани со Ковид-19 пандемијата може да се констатира дека најголем дел од испитаниците **(81%)** се соочиле со **зголемување на нивните трошоци/расходи како последица од КОВИД-19 пандемијата** во претходниот период. Од друга страна, **19%** од испитаниците истакнале дека во претходниот период **не дошло до зголемување на нивните трошоци за живот како последица од оваа пандемија.**
- Во поглед на трошоците што имале најголем степен на пораст во претходниот период, испитаниците потврдуваат дека најголем пораст забележале кај трошоците поврзани со **набавка на средства за дезинфекција и заштита (43%), трошоците за храна и намирници (29%), здравствените трошоци (19%).**
- **<u>Неформалните работници</u> во 57% од случаите намалувањето на финансискиот капацитет, односно зголемените финансиски потешкотии се последица од зголемувањето на трошоците за живот, кои се поврзани со КОВИД-19 пандемијата:** во **26%** од случаите доаѓа до **намалување на егзистенцијалните приходи, односно КОВИД-19 пандемијата придонела за намалување на единствените извори на приход на оваа категорија работници**. Она што е особено важно да се истакне, **17% од неформалните работници ја изгубиле својата работа како последица од пандемијата**.
- Кај формално вработените работници **финансиските потешкотии се резултат на подеднакво дејство, односно од намалување на приходите за егзистенција (38% од случаите) и зголемување на трошоците за живот (38% од случаите). Дел од формално вработените работници истакнале дека имаат проблеми со згрижување на децата и нивниот образовен процес**, односно ваков проблем се среќава во просек кај **5%** од испитаниците.
- **Во 54% од случаите кај лицата кои во претходниот период воопшто не остварувале приходи дошло до зголемување на трошоците за разни потреби поврани со КОВИД-19 пандемијата**. Понатаму, кај дел од овие лица исто така дошло до **намалување на приходите за егзистенција што ги остварувале останатите членови од нивното семејство (46%).**

***ПРОФИЛ НА ФОРМАЛНИТЕ И НЕФОРМАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ВРЕМЕ НА КОВИД-19***

- ***Најголем дел од работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија се на возраст од 35-64 години****, додека на возраст од 25-64 години се работниците кои функционираат во рамките на формалните економски текови.*

- ***Речиси сите работници (формалните и неформалните работници) поседуваат здравствено осигурување****.*

- *Во споредба со формално вработените лица,* ***работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија во поголем степен имале потреба од здравствена услуга во претходниот период****.*

- ***Најголем дел од формално вработените работници во претходниот период остварувале редовни приходи (80%),*** *од друга страна* ***околу 65% од неформално вработените не остварувале приходи во претходниот период****.*

- *Во поглед на износот на приходите* ***околу 60% од формално вработените работници остваруваат приходи во износ од 15.000 – 30.000 денари****.*

- ***Во однос на работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија, најголем дел од нив остваруваат приходи во износ 9.000 – 15.000 денари. Исто така дел од работниците ангажирани во неформалната економија остваруваат приходи под 9.000 денари.***

- ***Главни последици од КОВИД-19 пандемијата се порастот на трошоците поврзани со разни намени како резултат на пандемијата, намалување на приходите за егзистенција како и целосно губење на приходите за егзистенција (губење на работното место).***

- ***Кај работниците кои функционираат во рамките на формалните економски текови, намалувањето на приходите во претходниот период се движи до 10%, додека пак, помал дел од работниците истакнале дека намалувањето на приходите се движи од 10-30%.***

- *Кај работниците кои функционираат во рамките на неформалната економија* ***во 62% од случаите дошло до намалување на приходите од 10-30%****. Исто така, дел од неформално вработените работници се соочиле со* ***намалување на приходите од 30-50% (15%)****.* ***Во 8% од случаите дошло до целосно губење на приходите****.*

- ***Речиси сите вработени (и формално и неформално вработени) се соочиле со пораст на трошоците во претходниот период****.*

- ***Расходи кај кои се забележува пораст во претходниот период се: средства за дезинфекција и заштита, здравствени трошоци и трошоци за храна и намирници****.*

- *Во просек, најголем дел од вработените во формалните економски текови немаат искористено ниту една од централните мерки за ублажување на последиците од Ковид-19 пандемијата.* ***Степенот на искористеност на мерките од страна на неформално вработените работници изнесува 42%.***

- *Како главна причина за неискористеност на мерките од страна на формално вработените работници се наведува фактот дека мерките се* ***несоодветни за состојбата, односно положбата на формално вработените работници****.*

- *Неформално вработените работници како причини за ниското ниво на искористеност на мерките ги наведуваат следните:* ***немање на соодветни информации за тоа кои мерки им стојат на располагање, недоверба во системот дека согласно мерката ќе добијат помош, како и ставот дека мерките не се доволни за да им овозможат поддршка во време на КОВИД-19 пандемијата****.*

- ***Речиси сите работници истакнале дека во наредниот период имаат потреба од дополнителни мерки со цел намалување на негативните ефекти предизвикани од пандемијата: мерки за поддршка во парични средства, мерки за помош во средства за заштита од Ковид-19, мерки за поддршка во совети и помош во остварување на своите права, мерки за вклучување во формалниот систем за социјална сигурност.***

- ***Информации кои би им биле од корист на работниците во наредниот период: Информација за искористување на КОВИД-19 мерките; Информација за процедури и услови за искористување на некое право; Информација за тоа каде може да се побара психолошка поддршка и поддршка на жртви од насилство****.*

### *ПРОФИЛ и главни разлики помеѓу жените и мажите работници во време на КОВИД-19*

- ***Повеќе од половина од мажите кои учествуваат во оваа анализа (57%) се на возраст од 25-44 години****. Додека околу 22% се на возраст 55-64 години. Останатиот дел од мажите вклучени во прашалникот се на возраст до 24 години и постари од 64 години. На возраст од* ***над 35 години се повеќе од ¾ од жените*** *кои учествуваат во оваа анализа. Останатите жени се на возраст под 34 години.*

- ***Околу 36% од мажите спаѓаат во категоријата неформално вработен****, додека 45% се формално вработени. Останатите се самостојни вршители на дејност, ученици и невработени.* ***Околу 45% од жените спаѓаат во категориите неформално вработени, неплатени домашни работнички, вработени на повик или по потреба****. Скоро 37% од жените се декларирале како формално вработени. Остатокот од жените спаѓаат во категоријата самостоен вршител на дејност или невработени.*

- ***Околу 1/3 од мажите констатирале дека работат во секторот култура и забава, додека исто толку (1/3) функционираат во секторот земјоделство****. Во останатите 1/3 од мажите спаѓаат лицата кои функционираат во другите гранки, како и невработените лица и учениците.* ***Околу ¼ од жените чуваат деца или стари и изнемоштени лица. 23% од жени потврдиле дека работат во секторот култура и забава.*** *Останатиот дел од жените се вработени во текстилната индустрија, занаетчиството, додека многу мал дел се невработени.*

- *Во поглед на здравственото осигурување, не може да се заклучи значајна разлика во поседувањето на здравствено осигурување помеѓу мажите и жените.* ***Скоро сите испитаници потврдиле дека имаат здравствено осигурување.***

- *Во однос на потребата од здравствена услуга, околу* ***41% од мажите имале потреба од здравствена услуга во претходниот период и истата ја добиле****. Од друга страна* ***44% од жените имале потреба од здравствена услуга во претходниот период и истата ја добиле.*** *Останатиот дел од работничките констатирале дека во претходниот период немале потреба од здравствена услуга (56%).*

- *Во поглед на* ***движењето на приходите во претходниот период 43% од мажите констатирале дека остварувале редовни приходи, спротивно од ова 43% од жените не реализирале никакви приходи во претходниот КОВИД-19 период****. Во поглед на работниците кои во претходниот период реализирале повремени/нередовни приходи , пропорцијата на жените е скоро за двапати поголема од мажите (17% - мажи, 37% - жени).*

- *Во поглед на износот на приходите најголем дел од* ***мажите (39%)*** *остварувале приход во износ од 9.000 до 15.000 денари. Околу* ***26%*** *од жените констатирале дека во претходниот период нивото на нивните приходи се движело под 15.000 денари.*

- *Скоро сите испитаници се соочиле со намалување на нивните приходи во претходниот период како последица од КОВИД-19 пандемијата.* ***Додека 50% од мажите кои***

***остваруваат приходи истакнале дека намалувањето на приходите се движело во пропорција од 10-30%. Од друга страна 35% од жените се соочиле со намалување на нивните приходи од 10-30%.***

- *На страната на трошоците, скоро и да нема разлика во ставовите помеѓу мажите и жените, односно најголем дел од испитаниците тврдат дека* ***трошоците (трошоци за храна, здравствени трошоци, трошоци за средства за дезинфекција)*** *забележале* ***значајно зголемување во прертходниот период****.*

- *Во поглед на* ***искористеноста на мерките од страна на централната власт*** *околу* ***85% од мажите*** *констатирале дека* ***немаат искористено ниту една мерка*** *од централната власт.* ***Ваквата пропорција е помала кај жените (74%).*** *Како* ***главни причини за неискористеност на мерките се набројуваат****: недостатокот на информации околу соодветноста/подобноста на мерктие, недоверба во системот, ставот дека мерките нема да доведат до подобрување на нивната состојба.*

- *Во поглед на остварување на непосредна комуникација со владините/невладините институции, најголем дел од испитаниците (мажите и жените) констатирале дека во претходниот период* ***не оствариле непосредна комуникација со владини/невладини иституции/организзција за правото и условите за користење на Ковид-19 мерките****.*

- ***Ставовите*** *околу потребата и видот на новите мерки од страна на мажите и жените скоро и да се* ***унифицирани****:* ***мерки за поддршка во парични средства, мерки за вклучување во формалниот систем на социјална сигурност, совети и поддршка во остварувањето на своите права.***

- *Во поглед на* ***информациите кои во наредниот период им биле од корист*** *се нотираат следните информации:* ***информации во врска со искористувањето на Ковид-19 мерките, информации за процедурата и условите за искористување на некое праааво, информации за тоа каде може да се добие психолошка поддршка и поддршка на жртвите од насилство.***

## 7. Генерални заклучоци од анализа на меѓународните искуства

- **Речиси сите земји или планираат или веќе имаат воведено програми за социјална заштита.** Од 197 анализирани земји од страна на МОТ само 29 земји имаат воведено мерки конкретно насочени кон неформални работници (во кои влегуваат девет земји од Африка, единаесет од Латинска Америка и Карибите, пет од Азија и Пацификот, три од Европа и една од Блискиот Исток). Една од трите земји која има воведено мерка за помош на неформални работници (еднократни готовински трансфери – ваучери) од Европа е Северна Македонија.

- **Најчестите мерки кои се однесуваат на неформалниот сектор вклучуваат воведување готовински грантови, дистрибуција на храна за ранливите групи и шеми за привремено вработување на неформални работници**. Поконкретно:
    - Таргетирани готовински трансфери е главната форма на помош за неформалните работници што ја имаат воведено земјите ширум светот;
    - Воведени се и можности за јавна работа на неформалните работници во услуги за дезинфекција и санитација,
    - Субвенционирани ваучери се дистрибуираат до невработени неформални работници за обука за вештини и преквалификации;
    - Повластени заеми за микропретпријатија во неформални семејни бизниси;
    - Пошироко опфаќање на постојните шеми на социјална помош за домаќинства со ниски примања;
    - Проширени надоместоци за невработеност, вклучително и за работниците во неформалниот сектор;
    - Заеми за фирми и работници и во формален и во неформален сектор;
    - Исплати на работници кои немаат надоместок за боледување и пристап до осигурување за вработување.

- Од анализата на 197 земји кои вовеле мерки за справување со Ковид-19 е дека **вообичаено поразвиените и побогатите земји имплементираат мерки** кои се повеќе насочени кон зајакнување на здравствениот систем, во контекст на зголемено тестирање на населението, набавување медицински материјали и лекови, опрема итн., како и мерки за опоравување на економијата, во контекст на поддршка на вработени и претпријатија погодени од кризата (субвенционирање на плати и заеми). **Од друга страна, ниско развиените земји и земји со низок и среден доход** воведуваат мерки претежно насочени кон социјална и економска заштита на населението.

- **Побогатите земји често не ги опфаќаат неформалните работници** како посебна група на ранливи категории на граѓани на која ѝ треба помош туку индиректно преку некоја друга мерка. Дел од **посиромашните земји,** со имплементираните мерки ги имаат посебно таргетирано неформалните работници. Оваа состојба е секако голем предизвик за земјите со низок и среден доход, каде што нивото на неформална економија е релативно високо.

✓ **Поспецифични мерки кои ги имплементирале некои земји, а кои може да им помогнат на неформалните работници:**
    - На работниците од неформалниот сектор кои ги изгубиле своите работни места за време на карантините во КОВИД-19 пандемијата, ќе им бидат целосно покриени социјалните придонеси (и делот кој го плаќаат вработените и делот кој го плаќаат работодавците) во период од една година доколку истите се формализираат, односни станат дел од формална работна сила;
    - Директна поддршка на општините со цел истите да можат да употребат дел од средствата за справување со Ковид-19 кризата и за помош на ранливи категории на граѓани и самостојни вршители на дејност;

- Универзален паричен трансфер на секој граѓанин над 18 години;
- Формирање на државна компанија со цел да се обезбедат субвенции за микро претпријатија, самовработени, претприемачи од ранливи групи и подобни МСП и компании и доделување на средства на општините наменети за развој, долгорочни инвестиции и обртни средства;
- Владата на Хрватска се обврза да ги откупи непродадените залихи на готови производи во земјоделството, индустријата за преработка на храна, медицинска опрема и слична стратешка стока;
- Поддршка за краткорочно вработување;
- Вработените во неформалниот сектор кои изгубиле работа поради тековната криза ќе добијат можност да учествуваат во проекти за јавни работи за егзистенцијална плата или да добијат 25 проценти од локалната дневна плата доколку изберат да не учествуваат.

✓ Она што е многу важно, а недостасува во целиот процес на идентификување на неформалните работници со цел да им се помогне како едни од најранливи категории заради Ковид-19 кризата, е тоа што **во мерките за помош кај речиси сите земји недостасува врската помеѓу централната влада – општините – неформалните работници. Локалните самоуправи многу полесно и поедноставно можат да ги идентификуваат неформалните работници од соодветната општина и на тој начин полесно да пристапат до нив** и да ги информираат со крајна цел да им помогнат. Токму затоа се потребни трансфери од централната власт кон општините со цел истите да можат овие средства да ги насочат за помош на ранливи категории граѓани во кои влегуваат и неформалните работници. Помошта може да биде и во форма на готовински трансфери и во форма на бесплатна храна. Истовремено, ако се земе предвид дека неформалните работници често немаат пристап до интернет и телевизија, оттука не можат секогаш да се информираат за конкретни мерки воведени од владата, а насочени за помош на истите. Затоа повторно тука својата улога треба да ја одиграат општините и да формираат пултови за информации на кои неформалните работници полесно би се информирале за прашања од нивни интерес и за аплицирање за мерки кои им нудат помош.

## ПРЕПОРАКИ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОМОШ НА НЕФОРМАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

- Подигнување на свеста за ризиците поврзани со Ковид-19 вирусот и обезбедување достапни информации за превентивни мерки, безбедно однесување на работното место и симптоми во случај на инфекција.
- Потребно е оваа ранлива категорија на граѓани зголемено да се информира за опасноста од вирусот и важноста од заштитна опрема при работа со цел да се намали изложеноста на работниците и нивните семејства на Ковид-19 вирусот .
- Да се изработат брошури, видеа, СМС-пораки што можат лесно да се разберат и да допрат до оние кои работат во неформалната економија.
- Мерките за помош на неформалните работници треба да поттикнат проширување на опфатот за социјална заштита на неформалните работници, вклучително и навремен трансфер на пари и обезбедување и достава на храна до ранливите групи на граѓани во рамки на неформалните работници.
- Специфични мерки треба да се прилагодат посебно на жените работнички кои истовремено имаат семејни одговорности, семејства кои можат да прибегнат кон детски труд како стратегија за справување, како и други ранливи подгрупи.
- Треба да се направат напори за одржување на синџирите на снабдување во земјоделството и зајакнување на врските на пазарот за локалните производители, истовремено промовирајќи пристојна работа.
- Обезбедување на бесплатна заштитна опрема (маски, средства за дезинфекција, визир, заштитна облека итн.).
- Потребно е да им се обезбеди на оние неформални работници кои се заразени со Ковид-19 вирусот, да имаат пристап до квалитетна здравствена заштита и да се прошири опфатот на системот на здравствена заштита со вклучување на истите во системот. Истото важи и за обезбедување здравствена заштита на неформалните работници во рурални средини.
- Потребно е да се обезбеди сигурен доход и храна на неформалните работници кои останале без работа и доход и помош на нивните семејства, за да се компензира загубата - Идентификување на потребите и приоритетите на групите во неформална економија кои се најранливи на Ковид -19 кризата.
- Обезбедување на основно ниво на сигурност на доходот за оние неформални работници кои се болни со цел да се заштити нивната егзистенција.

- За да се креираат ефикасни мерки за помош, потребно е неформалните работници да имаат можност да ги искажат своите ставови и затоа мора да бидат вклучени во социјалниот дијалог со Владата како креатор на мерките.

- Клучен аспект на успешноста на мерките е вклученоста на Локалната самоуправа. Имено, нивната улога е клучна за дизајнирање и спроведување на одговори на итни случаи и за зајакнување на системите за социјална заштита и поддршка на транзицијата кон формалната економија. Локалната власт има голема улога во директното трансферирање на готовина како помош на неформалните работници, токму тогаш и на оние на кои им е најпотребно. Дури и кога владите воведуваат мерки за надоместок на изгубениот доход на наформалните работници, општините имаат можност да ги надополнат овие мерки, потенцијално побрзо да допрат до неформалните работници преку активности што имаат за цел да им обезбедат ликвидност на неформалните работници и истовремено да ги ослободат од долгови. На пример, процедурите за апликација за мерките понудени од владата за надоместок на изгубениот доход може да траат премногу долго за да стигнат до оние на кои им се потребни. Општините може да се вклучат во овој процес со обезбедување побрза поддршка и да допрат директно до неформални работници преку постојните општински регистри или други мерки.

- Во контекст на наведеното, треба да се користат дополнителни мерки за поддршка на неформалните работници со цел да се дополни мерката за надоместување на изгубениот доход, вклучително и целосен мораториум на обврски за кирии кои се плаќаат на општините како на пример за шупи за складирање, тезги на пазарот или простор за продажба на пример.

- За да се олесни процесот неформалните работници да се внесат во формалната економија и истите да бидат мотивирани тоа доброволно да го направат потребно е да се понуди одреден период во кој нивниот доход нема да се оданочува или ќе се оданочува по ниска даночна стапка. На пример: мерката би гласела: Откажување од данок на доход за неформални работници кои ќе станат дел од формален сектор, во текот на 6 месеци.

- Освен проширување на шемата на социјална заштита со оние граѓани кои не се опфатени,потребно е да се зголемат надоместоците, да се унапреди исплатата на истите и да се релаксираат условите за подобност и влез во шемата. Ова може да се направи преку различни програми, вклучувајќи надоместоци за невработеност, универзални пензии, детски надоместоци или програми за социјална помош. На пример, во Перу владата воведе итна парична помош за неформални работници[81]. Домашните работници во Јужна Африка и конфекционерите во Виетнам сега се опфатени со осигурување од невработеност.[82]

[81]https://www.gob.pe/institucion/mtpe/noticias/112028-comunicado-01-bono-independiente
[82] https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_protect/---protrav/---travail/documents/briefingnote/wcms_743623.pdf

- Еднократните парични трансфери може да се дизајнираат за оние кои не се заштитени преку други механизми. Може да се спроведе секторски пристап кој им дава приоритет на работниците во занимања кои се особено погодени.
- Во некои општини и рурални средини потребна е поддршка за храна за ранливите домаќинства. Ова помага во поддршка на земјоделството и да се обезбеди непречено производство на храна.
- Освен стандардната мерка – парични тарнсфери може да се воведат и мерки за намалување на трошоци, како што се откажувања на плаќања за јавни услуги, како што се електрична енергија, вода, телефон или други услуги.
- Она што е потребно е и системски приод при дизајнирање на мерки. Не е доволно само креирање на мерка, потребно е и обезбедување на услови за нејзина реализација. Ова подразбира брза мобилизација на институциите, скратување и олеснување на процедури, доближување до граѓаните со цел полесно информирање, воспоставување на информативни пунктови во секоја општина со цел добивање јасни и навремени информации како и подобро таргетирање на граѓаните кои би ги опфатила мерката.

# АНЕКС

## АНЕКС 1.Резултати од MIMIC моделите за проценка на неформалната економија во Република Северна Македонија[83]

| Променливи | Модел1 (6-1-3) | Модел2 (6-1-2) | Модел3 (6-1-3) | Модел4 (5-1-2) | Модел5 (4-1-3) | Модел6[84] (5-1-3) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Детерминанти | | | | | | |
| Даноци | 0,079** | 0,078** | 0,084*** | 0,083*** | 0,088*** | 0,119*** |
| Придонеси | 0,249*** | 0,252*** | 0,262*** | 0,250*** | 0,259*** | 0,219*** |
| Трансфери | 0,044 | 0,048 | | 0,044 | | |
| Невработеност | -1,05 | -0,088 | -0,084 | | | |
| Нето плати | -0,123 | -0,124* | -0,129* | -0,119 | -0,124* | -0,161** |
| Отвореност | | | | | | -0,026** |
| Земјоделство | 0,061*** | 0,060*** | 0,057*** | 0,060*** | 0,058*** | 0,055*** |
| Индикатори | | | | | | |
| BDP | 2,240*** | 2,240*** | 2,242*** | 2,242*** | 2,243*** | 2,312*** |
| M1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Стапка на активност | -0,005 | | | | | -0,009 |
| $\chi^2$ | 7,530 | 4,772 | 5,491 | 5,492 | 4,751 | 6,997 |
| $\chi^2$ – p-вредност | 0,821 | 0,444 | 0,241 | 0,240 | 0,191 | 0,235 |
| RMSEA | 0,000 | 0,000 | 0,083 | 0,083 | 0,000 | 0,066 |

Извор: Пресметки на авторите.

[83]Табелата е поделена во три дела. Првиот дел ги содржи причините – детерминантите на неформалната економија, вториот дел – индикаторите, а третиот дел содржи информации околу соодветноста на моделот. Овде ги употребуваме коефициентот на $\chi^2$ тестот и неговата p–вредности коефицентот RMSEA (Root mean square error of approximation).

[84] За проценка на степенот на неформалан економија е употребен моделот 6, кој ги задоволува потребните тестови, а ги содржи променливите – причини кои се покажаа значајни во најголемиот дел од оценетите модели.

# АНЕКС 2.Економски мерки на централната власт за помош на граѓаните и на стопанството

Во следната табела се прикажани економските мерки донесени од страна на централната власт во рамки на петте пакети мерки, кои се во вкупна вредност од една милијарда и 180 милиони евра.

| | **ПРВ ПАКЕТ МЕРКИ** |
|---|---|
| | **ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ПРВИОТ И ВТОРИОТ ПАКЕТ ЕКОНОМСКИ МЕРКИ ИЗНЕСУВА 200-250 МИЛИОНИ ЕВРА** |
| 1 | Ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на личен доход и на износот на аконтациите на данокот на добивка за март, април и мај 2020 година |
| | Ослободувањето од аконтациите од данок на добивка за фирмите од индустриите погодени од коронакризата за април, мај и јуни ќе ја помогнат ликвидноста на компаниите.<br>Мерката важи за април, мај и јуни 2020 година. |
| 2 | Замрзнување, пролонгирање или репрограмирање на кредитите на граѓаните и фирмите погодени од коронакризата – имплементирано во вториот пакет |
| | Народната банка подготвува регулатива што ќе ја донесе Советот на Народната банка за стимулирање на деловните банки за реструктурирање (во смисла одложување на плаќање) на обврските за заемите на компаниите и домаќинствата - правните и физичките лица |
| 3 | Намалување на законски затезната камата за 50% |
| | Од 10% на 5% за правни лица и од 8% на 4% за физички лица |
| 4 | Намалување на референтната каматна стапка |
| | Намалување на референтната каматна стапка на НБРСМ од 2% на 1,75% |
| 5 | Субвенционирање на 50% од придонесите за вработените во компании од секторите туризам, транспорт и угостителство и други компании погодени од коронавирусот |
| | Компаниите ќе добијат субвенции на придонеси за вработените во компании од секторите туризам, транспорт, угостителство и други погодени компании, за месеците април, мај и јуни од 2020 година, со субвенција на придонеси по вработен во висина до 50% од просечна плата исплатена во 2019 година. |
| 6 | Замрзнување на цените на лимон, портокал, мандарини, грејпфрут и клементина |
| | се определува највисока трговска маржа на овие производи за трговски друштва и трговец поединец која се применувала во периодот од 1 јануари 2020 година до 11 март 2020 година кога од страна на Светската здравствена организација (СЗО) беше прогласена пандемија на Коронавирусот COVID- 19.<br>Според Одлуката оваа маржа ќе важи до 30 април 2020 година. |
| 7 | Забрана за извоз на пченица и брашно |
| | Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за ограничување на извозот на пченица и наполица и брашно од пченица или наполица со тарифните ознаки 1001 19 00 00, 1001 91 90 00 и 1001 99 00 00 и 1101 00.<br>Ограничувањето на извозот од член 1 на оваа одлука ќе се применува до 30 април 2020 година, со можност за продолжување доколку состојбата со пандемијата го бара тоа. |
| 8 | Бескаматни кредитни линии КОВИД 1 од Развојна банка на РСМ |
| | Кредитната линија КОВИД 1 во вредност од 4,7 милиони евра е наменета за дејностите најмногу погодени од кризата, дејности кои беа оневозможени да работат поради заштитните мерки, тоа се: туризмот, угостителството и транспортот.<br>Минималниот износ на кредит е 3.000 евра, додека максималниот износ е 90.000 евра. Каматата е нула. Трошоците за аплицирање кон Развојната банка не се плаќаат. Рокот на отплата е до 3 години со вклучен грејс период до 12 месеци. Отплатата на кредитот од страна на кредитокорисникот ќе се врши во квартални отплати. Кредитите се бескаматни и без |

| | |
|---|---|
| | трошоци за администрирање. Кредитите ќе бидат обезбедени со меница – авалирана од еден од сопственциите на кредитокорисникот, во форма на нотарски акт и со извршна клаузула. |
| 9 | Непречен транспорт на стока, на патниот сообраќај и олеснување на работата на компаниите од градежен сектор за време на вонредната состојба |
| | Владата донесе уредби со законска сила со цел транспортниот сектор подобро да го организира работењето и да се обезбеди непречен транспорт на стока, како и за олеснување на работата на компаниите од градежниот сектор во услови на времетраење на вонредната состојба. |
| 10 | Поддршка за одржување на економската активност и извозот |
| | Владата на Република Северна Македонија заедно со Царинската управа и сите органи донесоа конкретни мерки во областа на прекуграничната трговија и за одржување на економската активност.<br>Донесена е Уредба со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба со која е обезбедено продолжување на рокот за поднесување на гаранцијата за обезбедување на плаќањето на акцизниот долг.<br>Владата на Република Северна Македонија објави низа одлуки за укинување на царински давачки за увоз на потрошен медицински материјал, лекови и суровини за производство на медицинска опрема. Исто така, донесена е одлука за укинување на царина за замрзнато свинско месо заради стимулирање на домашното производство. Одлуките ќе се применуваат заклучно со завршување на траење на вонредната состојба.<br>Секој економски оператор што увезува стока може да побара одложување на плаќање на царинските давачки (царина, ДДВ и акциза) во рок од 30 дена.<br>Царинската управа по службена должност го продолжи рокот на важење до 30.9.2020 година, на сите одобренија за поедноставени царински постапки што истекуваат до 31.5.2020 година.<br>На основа на известување од деловните банки, Царинската управа по службена должност го продолжи рокот на важење на банкарските гаранции до 30.9.2020 година. |
| | |
| | **ВТОР ПАКЕТ МЕРКИ** |
| 1 | Финансиска поддршка од 14.500 денари месечно за исплата на плати за април и мај, за компании и самостојни вршители на дејност погодени од кризата и/или 50% од трошоците за придонеси за секој вработен |
| | Финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за исплата на платите за месеците април и мај 2020 година;<br>За месеците април и мај 2020 година, во износ најмногу до 14.500 денари месечно по работник;<br>Компаниите можат за изберат да ја користат мерката за покривање на 50% од придонесите на платите на своите вработени;<br>Не можат да се користат двете мерки, туку само една по избор. Значи, за секој работник е обезбедена или плата од 14.500 денари месечно или покривање на 50% од придонесите. |
| | Финансиска поддршка за месеците април и мај 2020 година во износ (најмногу до) од 14.500 денари месечно за физичките лица кои вршат самостојна дејност<br>За месеците април и мај<br>Услов намалени приходи за најмалку 30%... |
| 2 | Помош за спортистите - 14.500 денари за месеците април и мај, директни средства за спортистите и спортските работници за да се зачуваат нивните работни места |
| | 14.500 денари помош од АМС за месеците април и мај ќе добијат сите клубови кои имаат регистрирано минимум 15 млади спортисти до 18 години во индивидуалните спортови, односно имаат регистрирано минимум 50 млади спортисти до 18 години во екипните спортови;<br>14.500 денари плата за спортистите и спортските работници за месеците април и мај |

| | |
|---|---|
| | Во соработка со федерациите, Агенцијата за млади и спорт ќе ги ослободи клубовите за плаќање годишна членарина или котизација, што клубовите имаат обврска да ја платат до крајот на 2020 година;<br>Агенцијата за млади и спорт ќе обезбеди финансиски средства за реализација на Националниот спортски систем на сите Национални спортски федерации по завршувањето на кризата до крајот на 2020 година и ќе ги финансира програмите на индивидуалните врвни спортисти на олимписките спортови, односно тренажниот и натпреварувачкиот процес за 2020 година. |
| 3 | Помош за уметниците |
| | Минимална плата за месеците април и мај, како и придонеси преку Министерството за култура |
| 4 | Паричен надоместок за граѓаните што останале без работа поради кризата, согласно работниот стаж преку Агенцијата за вработување |
| | За граѓаните што останале без работа поради кризата, државата ќе исплаќа паричен надоместок – месечна плата, секој месец, во висина од 50% од просечната месечна нето-плата, а најмногу до 80% од просечна плата во земјава на работникот за последните 24 месеци односно согласно член 68 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност;<br>Право на паричен надоместок има невработено лице што било во работен однос најмалку 9 месеци непрекинато, или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци, пред престанокот на работниот однос;<br>Паричниот надоместок не може да изнесува повеќе од 80% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена за последниот месец;<br>Должината на исплата на надоместокот зависи од должината на работниот стаж. |
| 5 | Сите избрани и именувани функционери ќе примаат минимална плата од 14.500 ден во април и мај 2020 година. |
| | |
| 6 | Претседателите и членовите на управни и надзорни одбори на јавни институции нема да примаат надомест за времетраење на кризата |
| | Претседателите и членовите на управни и надзорни одбори на јавни институции од извршната и локалната власт, како и претседатели и членови на советите на општините, и претседатели и членови на комисии формирани од извршната и локалната власт кои се истовремено некаде вработени, нема да земаат никаков надоместок додека трае кризата.<br>Одлуката ќе важи додека Владата не донесе одлука за престанок на истата.<br>Оваа мерка не се однесува за лицата што се невработени, и на кои ова им е единствен приход. |
| 7 | Државата се грижи за лицата кои биле дел од неформалната економија и останале без приходи - обезбедува парична помош за домаќинствата и енергетски додаток за корисниците на социјална заштита |
| | Релаксирање на критериумите и начинот за користење на правото за минимална помош и брз влез во системот на социјална заштита.<br>Минималната гарантирана помош за април и мај ќе се утврдува врз основа на вкупната просечна висина на сите приходи на сите членови на домаќинството по сите основи сметано само од последниот месец, наместо досегашните три месеци.<br>Оваа мерка ќе трае два месеци, во април и мај 2020.<br>Гарантираната минимална помош од април до декември ќе се утврдува врз основа на вкупната просечна висина на сите приходи на сите членови на домаќинството, по сите основи сметано само од последниот месец.<br>Корисниците на социјална заштита ќе добиваат дополнителна исплата на енергетски додаток во износ од 1.000 денари плус, од април до септември 2020. Тоа се околу 30.000 корисници кои ќе добијат дополнителен енергетски додаток.<br>Исплатата на образовниот додаток продолжува, во износ од 700 денари по дете во основно образование и 1.000 денари по дете во средно образование. |
| 8 | Се запира Законот за извршување до крај на јуни |

| | |
|---|---|
| | Се суспендира односно запира законот за извршување до крај на јуни. Извршителите ќе бидат должни да запрат со преземање на какви било извршни дејствија.<br>Работодавците на должниците и носителите на платен промет се должни да запрат со постапување по издадени налози од страна на извршителите до крај на јуни. Ова нема да важи само во случаи кога веќе парите се легнати на сметка на извршителите и тие ќе можат да ги префрлат парите на доверителите и во случаи кога се работи за алиментација за дете кон самохрани родители. |
| 9 | Одложување на кредитите кај банките |
| | Банките на правните лица ќе им понудат поповолни услови како пролонгирање на отплатите, репрограм, грејс период, поповолна каматна стапка и слично, додека кај физичките лица банките ќе ги одложат отплатите на ратите на 3 до 6 месеци.<br>Граѓаните или физичките лица можеа да го одложат плаќањето на ратите од кредитите на 3 до 6 месеци. Исто така се зголеми и рокот за еден кредит да стане нефункционален од 90 дена на 150 дена.<br><br>За компаниите олеснувањата можат да бидат:<br><br>Замрзнување или грејс период за отплата на кредитите.<br>Пролонгирање на исплатата на подолг период (место 180 на 250 месеци)<br>Пониска каматна стапка.<br>Одобрување на нов поповолен кредит за рефинансирање на постоечкиот.<br>Сите мерки кои се однесуваат на кредити имаат важност до 30 септември 2020. |
| 10 | Намалување на ратата и репрограмирање на кредитите кај финансиските друштва и лизинг компаниите |
| | Кредитите на физичките лица да се репрограмираат со намалување на ратите во следните три месеци за 70% од ратата и со продолжување на рокот за отплата за најмалку 90 дена од доспевањето.<br>За кредитите кај правните лица ќе се одлучува индивидуално со предлагање на најсоодветни поволности согласно потребите на компаниите. Нови договори за кредити да се одобруваат со 3 месеци грејс период. Законската затезна камата која до сега изнесуваше 51%, сега се намалува на 31%, додека останатите трошоци кои друштвата ги наплаќаат се ограничуваат на 20% од одобрениот кредит. |
| 11 | Одложено плаќање закуп за корисниците на социјалните станови |
| | Плаќањето на закуп на социјалните станови ќе се одложи за сите корисници, а исто така ќе се одложи плаќањето закуп и за граѓаните и фирмите кои имаат закуп на деловен простор од Претпријатието за станбен и деловен простор. |
| 12 | Дополнителни бескаматни кредити КОВИД 2 од Развојна банка на РСМ |
| | Кредитна линија КОВИД 2 за фирмите од сите дејности од 8 милиони евра. Развојната банка на Северна Македонија, покрај 5,7 милиони ќе пушти и дополнителни 8 милиони бескаматни кредити за микро, мали и средни претпријатија кои може да гоземе компанијата во зависност од бројот на вработени.<br>Максималниот износ на кредитот кој ќе биде одобрен на кредитокорисникот не може да биде повисок од 5.535.000 денари, односно 90.000 евра, а минималниот износ на кредитот не може да биде понизок од 184.500 денари, односно 3.000 евра.<br>Каматата е нула. Трошоците за аплицирање кон Развојната банка не се плаќаат.<br>Кредитите ќе се одобруваат со рок на отплата до 3 години со вклучен грејс период од 12 месеци со намена за обртни средства. Отплатата на кредитот од страна на кредитокорисникот ќе се врши во квартални отплати.<br>Кредитите се бескаматни и без трошоци за администрирање. Кредитите ќе бидат обезбедени со меница – авалирана од еден од сопствениците на кредитокорисникот, во форма на нотарски акт и со извршна клаузула. |
| 13 | 50 милиони евра евтини кредити од Развојната банка РСМ пласирани преку комерцијалните банки за заштита на ликвидноста на компаниите |

| | |
|---|---|
| | Во рамки на тековниот договор за заем помеѓу Развојната Банка на Република Северна Македонија и Европската инвестициона банка, се овозможува користење на поволни кредити наменети за мали и средни претпријатија.<br>Кредитна линија во износ од 50 милиони евра за обезбедување на свеж капитал за поддршка на нови проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството и зголемен извоз. Развојна банка ја пласира оваа кредитна линија преку деловните банки до крајните корисници, односно до мали и средни претпријатија и компании со средна пазарна капитализација.<br>Државата презема мерка со која ќе ја субвенционира каматната стапка на Развојната Банка кон ЕИБ.<br>Со оваа мерка, Развојната Банка на Република Северна Македонија ќе понуди на деловните банки за оваа линија да одат со пониски маргини и ќе може за кредитите да нудат каматни стапки од околу 1.5%. |
| 14 | Се забранува отворање на стечајна постапка |
| | За време на кризата и 6 месеци по кризата се забранува отворање на стечајни постапки |
| 15 | Задолжително користење на првиот дел од годишниот одмор |
| | Задолжително користење на првиот дел од годишниот одмор (за 2020) година, односно задолжително доискоростување на годишниот одмор од минатата година заклучно со мај 2020 година, кој ќе се одобрува од работодавачот. |
| 16 | Формирање на солидарен COVID-19 фонд |
| | Владата објави сметка за донации за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од коронавирусот. |
| | Целта на донацијата, во вид на парични средства кои ќе се користат за помош, е поддршка за активностите за спроведување на мерките за справување со кризата од коронавирусот во земјата.<br>Донаторите што ќе одлучат да донираат финансиски средства се стекнуваат со право на даночно олеснување за коешто е потребно да достават Извештај за дадена донација/спонзорство (образец „УЈП-ИДС/ДВ“), во Управата за јавни приходи. |
| 17 | Намалување на авторски хонорари |
| | Лицата кои по било кој основ се ангажирани преку авторски хонорари од страна на државните институции, кои се истовремено некаде вработени, ќе им се исплаќа 50% помал хонорар од договорот кој го имаат потпишано.<br>Оваа мерка нема да се применува доколку лицето е невработено и примањата од авторскиот договор му се единствени примања. |
| | |
| | **ТРЕТ ПАКЕТ МЕРКИ** |
| | **ВРЕДНОСТА НА ТРЕТИОТ ПАКЕТ ЕКОНОМСКИ МЕРКИ ИЗНЕСУВА 355 МИЛИОНИ ЕВРА** |
| 1 | „Купувам домашно“ платежна картичка за граѓаните - 9.000 денари парична поддршка за граѓаните за купување на македонски производи и услуги |
| | Оваа мерка е достапна за сите невработени лица, активни баратели на работа кои немаат над 15.000 месечни приходи според Управата за јавни приходи, како и примателите на гарантирана минимална помош.<br>Со оваа мерка се опфатени околу 100 илјади граѓани – вредноста на оваа мерка е 16 милиони евра. |
| 2 | Ваучер за домашен туризам „Дома си е дома“ од 6.000 денари и домашна платежна картичка „Купувам домашно“ од 3.000 денари за купување на македонски производи и услуги |
| | Сите вработени граѓани кои во периодот од јануари до април 2020 година не оствариле вкупни нето приходи од плата и надоместоци од плата не поголеми од 60.000 денари според податоците од Управата за јавни приходи.<br>Граѓаните ќе можат да се одморат и да летуваат дома, а со тоа ќе го зајакнеме домашниот туризам. |

| | |
|---|---|
| | Ваучерот може да се користи во домашните хотели и други сместувачки капацитети, додека со домашната платежна картичка поттикнуваме купување на домашни производи и услуги. Со оваа мерка се опфатени околу 115 илјади граѓани – вредноста е 16 милиони евра. Со оваа мерка се опфатени сите вработени граѓани што примаат нето плата помала од 15.000 денари месечно и немаат други приходи. Тоа значи дека без разлика на месечните примања на едно домаќинство, членовите од семејството кои имаат лични примања под 15.000 денари месечно можат да бидат корисници на домашниот туристички ваучер и платежната картичка. Вредноста на оваа мерка е 16 милиони евра. (https://vlada.mk/node/21431) |
| 3 | Парична поддршка за млади од 6.000 денари и платежна домашна картичка „Купувам домашно" од 3.000 денари за купување на македонски производи и услуги |
| | Мерката опфаќа ваучери од најмногу 6.000 денари за покривање на партиципација во Универзитет како и сместување во студентски, ученички домови и регистрирани сместувачки капацитети за студенти и средношколци, од семејства со ниски примања. Мерката вклучува и платежна картичка „Купувам домашно" за млади, во вредност од 3.000 денари за купување домашни производи и услуги. Силна поддршка за младите, за да продолжи образовниот процес непречено и за да се обезбеди куповната моќ, како придонес кон студентскиот и средношколскиот стандард. Со оваа мерка се опфатени околу 100.000 млади – вредноста е 9 милиони евра. |
| 4 | Ваучери до 30.000 денари за кофинансирање на обуки, тренинзи и курсеви за ИТ и дигитални вештини за млади од 16 до 29 години |
| | Преку покривање на трошоците за тренинзи и обуки, ги подржуваме младите да стекнат знаења и ИТ вештини, со максимален износ до 30.000 денари кои ќе им овозможат брзо вработување во новата развојна економија. Оваа мерка ќе опфати од 7.000 – 10.000 млади од 16 до 29 години, во вредност од 3 милиони евра. |
| 5 | Благодарност за најизложените здравствени работници |
| | Награда од 40% на основната плата за докторите и медицинскиот персонал на инфективните клиники и одделенија, клиниката за инфективни болести, институтот за јавно здравје и центрите за јавно здравје, како сите членови на тимовите од итна медицинска помош. |
| 6 | Викенд без ДДВ |
| | Воведуваме викенд без ДДВ за сите граѓани кои преку поевтини цени, ќе поттикнат потрошувачка и раст на приходи во домашните производствени и продажни капацитети, како што се продавниците за гардероба, бела техника, мебел, санитарија, школски прибор и книги. На овој начин граѓаните ќе добијат поголем поврат на ДДВ од сегашниот модел и преку постоечкото софтверското решение „Мој ДДВ". Се очекува преку оваа мерка 20 милиони евра, да се слеат назад во стопанството. (https://vlada.mk/node/21431) |
| 7 | Паричен надоместок за сите лица кои останале без работа од 11 март до 30 април 2020 |
| | Со оваа мерка сите лица кои останале без работа од 11 март до 30 април 2020 ќе добијат паричен надоместок за два месеца, вклучувајќи ги и оние кои го прекинале својот работен однос преку писмена изјава, спогодбено но и добиле отказ од работодавачот. |
| 8 | Бескаматни кредити за фирми преку Развојната Банка на Северна Македонија, во вредност од 31 милион евра - поддршка за жените, младите и дигитализацијата во бизнисот |
| | Оваа бескаматна кредитна линија во вредност од 31 милиони евра ќе биде достапна за сите микро и мали компании, а истата ќе понуди и 30% грант (неповратни средства) за оние компании кои се водени или основани од жени или вработуваат млади лица, се извозно ориентирани или воведуваат иновација и дигитализација во нивното работење. |
| 9 | Државна кредитна гаранција – ќе се активира во периодот на имплементација на четвртиот пакет мерки |
| | Државата става на располагање 10 милиони евра финансиски средства за поддршка на компаниите за полесен пристап до евтини финансиски средства, преку преземање на дел од кредитниот ризик. Со државната гаранција од 10 милиони евра на стопанството ќе му бидат на располагање кредити со вредност од 65 милиони евра. |

| | |
|---|---|
| | Државна гаранција за комерцијални кредити и за обезбедување на царинскиот долг државата става на располагање финансиски средства за поддршка на Старт- ап и мали и микро компании (https://vlada.mk/node/21431) |
| 10 | Државна царинска гаранција - ќе се активира во периодот на имплементација на четвртиот пакет мерки |
| | Со 3 милиони државна гаранција за обезбедување на царинскиот долг го поддржуваме извозот и увозот и го олеснуваме пристапот на суровини за преработка на македонските компании во износ од околу 25 милиони евра, преку Развојната банка на Северна Македонија. |
| 11 | Дигитална платформа за нови пазари за текстилните и чевларските компании |
| | Со финансиска поддршка од 1 милион евра ќе им помогнеме на овие индустрии да креираат платформа на која ќе може да ги пласираат своите производи на нови пазари. |
| 12 | Поддршка за развој на домашни старт-ап продукти и услуги преку ФИТР |
| | Нови 1,6 милиони евра за развој на иновативни продукти и услуги преку ФИТР, како и трансформирање на македонско туристичко село во скопско Нерези во македонско СТАРТ АП село. Директно го стимулираме отворањето нови сопствени бизниси. |
| 13 | Инструмент за технолошки развој за брзо прилагодување |
| | Преку овој инструмент ќе се обезбеди развојна поддршка на домашните комапнии со track record потенцијал за успешно работење преку финансиска поддршка за брзо прилагодување. Вкупниот фонд изнесува 3.3 милиони евра, наменети за микро, мали и средни компании. |
| 14 | Кофинансирање на настани и конференции со 50% финансиска поддршка од државата, најмногу до 30.000 денари |
| | Мерка за поддршка на домашниот туризам, како еден од најпогодените дејности од коронакризата. Ова е програма со која ќе се субвенционираат настани организирани во категоризирани угостителски објекти во државата.<br>Мерката предвидува покривање на 50% од трошоците, но не повеќе од 30.000 денари по апликант за организирање на обуки, семинари, конференции во домашни туристички капацитети од страна на сите, здруженија, компании како и институции.<br>Категоризирани угостителски објекти се сите сместувачки објекти кои имаат Решение за категоризација.<br>Програмата е со вредност од 245 илјади евра. |
| 15 | Поддршка на аграрниот сектор од 5 милиони евра преку Развојната банка на Република Северна Македонија |
| | Со 5 милиони евра поволни кредити преку Развојната Банка на РСМ ги поддржуваме микро, малите и средни претпријатија кои вршат примарно производство, преработувачите и извозот на примарни и преработени земјоделски производи. |
| 16 | Платежна картичка за субвенционирање на 50% од зелената нафта за земјоделците |
| | По ланското субвенционирање од 30%, со оваа мерка го зголемуваме субвенционирањето на потрошувачката на зелена нафта на 50%.<br>Оваа мерка ќе опфати 50.000 земјоделци, а вредноста е 4.6 милиони евра. |
| 17 | Стимулирање на преработувачите на грозје за производство на нови продукти |
| | Преку оваа мерка ги стимулираме преработувачите на грозје и винариите да произведуваат алкохолен дестилат кој ќе се користи од страна на домашните хемиски компании за производство на средства за дезинфекција. Во следните три години, нашата финансиска поддршка ќе изнесува 3,5 милиони евра. |
| 18 | Овозможуваме јавни приватни партнерства во лозарството и тутунскиот сектор |
| | Преку модернизирање и ставање во функција на капацитети во производство на преработки од тутун и грозје со цел понатамошно уште посилно развивање на лозарството и тутунскиот сектор, како земјоделски гранки кои се повеќе и повеќе извозуваат.<br>Оваа стратешка определба ќе донесе голем бенефит, првенствено за македонските лозари и тутунари, но и за самата држава и бруто домашниот производ. На краток рок, очекувањата за инвестициите треба да достигнат 10 милиони евра. |

| | |
|---|---|
| 19 | Окрупнување на земјоделско земјиште за поголема конкурентност на македонското земјоделство |
| | Оваа мерка овозможува ставање во функција на целокупното земјоделско земјиште како и охрабрување на домашното земјоделско производство, но и нови инвестиции во овој сектор. Од оваа мерка очекуваме приходи од 250 милиони евра во следните три години и зголемена конкурентност на македонското земјоделство. Со овој модел, земјоделците и стопанствениците ќе имаат поголема сигурност и предвидливост во производството, како и можност да бидат кредитоспособни за да влезат во нови инвестиции и да можат да конкурираат за мерките од Националните и европските програми. |
| 20 | Долгорочен закуп на пасишта |
| | Преку оваа мерка овозможуваме издавање на пасиштата на долгорочен закуп со што сточарите ќе имаат на располагање околу 500.000 хектари пасишта за напасување на добитокот. |
| 21 | Програма за финансирање на микро земјоделски компании |
| | Со 3 милиони евра ќе овозможиме финансирање на Старт-ап семејни винарии и фарми на кои ќе им бидат достапни грантови до 10.000 евра за опрема за преработка но и за маркетинг на растителни, млечни и месни производи. |
| 22 | Модернизација на земјоделство |
| | Со оваа мерка преку кредит на Светска банка од 50 милиони евра ќе овозможиме модернизација на македонското земјоделството со цел зголемување на конкурентноста и профитабилноста. Дел од оваа сума ќе се искористи за изградба на откупно дистрибутивни центри во Скопје, Струмица и Ресен. |
| | |
| | **ЧЕТВРТ ПАКЕТ МЕРКИ** |
| | **ВРЕДНОСТА НА ЧЕТВРТИОТ ПАКЕТ ЕКОНОМСКИ МЕРКИ ИЗНЕСУВА 470 МИЛИОНИ ЕВРА** |
| 1 | Поддршка за исплата на плати, која продолжува да важи и за последниот квартал од годината, односно и за месеците октомври, ноември и декември |
| | Поддршката ќе биде одредена скалесто согласно падот на приходите кај компаниите. Колку е поголем падот на приходите во компаниите опфатени со оваа мерка, толку поголема ќе биде поддршката од државата за исплата на платите и таа ќе се движи од досегашните 14.500 до 21.776 денари.<br>Оваа мерка важи и за самостојните вршители на дејности, односно трговците поединци, лицата што вршат земјоделска дејност, занаетчиска дејност и лица што вршат други услуги.<br>Со новата методологија за државна помош за исплата на платите ќе бидат поддржани 83.000 работни места на нашите сограѓани, на месечно ниво, односно вкупно 250.000 плати за последниот квартал<br>Вредноста на оваа мерка изнесува 70 милиони евра за да се оствари правото на неа, компаниите што ќе аплицираат мора да го задржат бројот на вработени заклучно со 31 јули 2020 година. |
| 2 | Платежни картички за граѓаните за поголема потрошувачка и за развој на домашните економски дејности |
| | Овој пат платежни картички со износ од 6.000 денари ќе ги добијат 5.726 самохрани родители, пензионерите со пензии до 15.000 денари, односно 182.271 наши сограѓани пензионери, невработените кои се пасивни баратели на работа, односно 85.108 граѓани, самостојните уметници, филмски работници, културни работници и естрадни уметници чија бројка е 520 корисници.<br>Платежни картички „Купувам домашно“ ќе добијат уште 540 студенти, кои во претходниот пакет не ги добија овие картички, а за што навремено и со право реагираа претставниците на студентите.<br>Плус поддршка за ученички и студентски стандард од 44 милиони денари за 2020 година добиваат 884 студенти и 347 ученици. |

| | |
|---|---|
| | Оние граѓани кои се над 64 години, а немаат пензија, ниту државна социјална пензија и се со приходи пониски од 15.000 денари, или воопшто немаат приходи. |
| 3 | Золемувањето на грејс периодот кај бескаматните кредити од КОВИД-1 |
| | Преку Развојната банка на Република Северна Македонија, на постоечките корисници на кредитни линии од оваа банка, ќе им бидат обезбедени дополнителни 3 месеци грејс период пред да започнат со исплата на ануитетите од земените кредити. |
| 4 | Нови 100 милиони евра поволни кредити од Развојната банка на Република Северна Македонија |
| | Овие поволни кредити од Развојната банка на Република Северна Македонија се обезбедени преку Европската инвестициона банка и ќе бидат пласирани во јануари 2021, преку деловните банки за поддршка на домашните компании, со исклучително ниска камата. |
| 5 | Поддршка со плати за туристичките водичи |
| | На 150 регистрирани туристички водичи за месеците октомври, ноември и декември, ќе им биде исплатена минимална бруто плата во висина 21.776 денари, во вредност до 160.000 евра.<br>Поврат на туристичката такса за 2019 година за поддршка на секторот туризам.<br>Грантови за туристички агенции од 3.000 до 7.000 евра |
| 6 | Поврат на туристичката такса за 2019 година за поддршка на секторот туризам, како еден од најпогодените од кризата |
| | На 4.740 субјекти кои организирале ноќевања во 2019 година, ќе им бидат вратени 2 милиони евра, колку што изнесува вкупниот износ на туристичката такса инкасирана во таа година. |
| 7 | Грантови за туристички агенции |
| | Корисници на оваа мерка ќе бидат 500 туристички агенции, а нејзината вкупна вредност изнесува 1,9 милиони евра за грантови од 3.000 до 7.000 евра за сите туристички агенции во зависност од бројот на вработени и од вкупниот промет во 2019 година, и во зависност од тоа дали се носители на А или Б лиценца. |
| 8 | Намалување и/или укинување на парафискалните давачки |
| | Многу бргу, повторно во соработка со стопанските комори, ќе следува утврдување на листа од приоритетни парафискални давачки, како што се надоместоци, такси, дозволи, лиценци, плаќања за издвојување средства по разни основи и нивно тековно намалување и/или укинување на некои од нив. |
| 9 | Грантови за ресторани за свадби |
| | Поддршка ќе добијат сите регистрирани и лиценцирани субјекти за оваа дејност, во вкупна вредност од 1 милион евра.<br>Грантовите одделно се во висина од 3.000 до 10.000 евра, во зависност од остварениот промет во 2019 година. |
| 10 | Продолжување на лиценците за работа на дискотеките, ноќните клубови како и за компаниите од транспортната заедница |
| | Согласно регистрацијата за работа, на околу 120 дискотеки и ноќни клубови, како и на околу 7.000 транспортери, ќе им се продолжи лиценцата за работа и во 2021 со 0 денари надомест, со тоа што транспортерите ќе добијат ослободување плус уште за една година во зависност од тоа кога им истекува лиценцата што ја добиле. |
| 11 | Грантови за игротеки за деца |
| | За околу 1.000 игротеки ќе се обезбедат грантови во висина од 1.000 до 5.000 евра во зависност од остварениот промет во 2019 година, а целата вредност на оваа мерка изнесува 2,5 милиони евра. |
| 12 | Поддршка за занаетчиите |
| | Се предвидува намалување на ДДВ-то на нивните услуги и производи од 18% на 5% на самостојните вршители на дејности, односно на занаетчиите, им остануваат на располагање и другите мерки, како оние за поддршка за исплата на платите или пристапот до поволните кредити од Развојната банка на Северна Македонија. |

| | |
|---|---|
| 13 | Активирање на мерката - Државна кредитна гаранција. |
| | Државата става на располагање 10 милиони евра финансиски средства за поддршка на компаниите за полесен пристап до евтини финансиски средства, преку преземање на дел од кредитниот ризик. Со државната гаранција од 10 милиони евра на стопанството ќе му бидат на располагање кредити со вредност од 65 милиони евра. |
| 14 | Активирање на мерката - Државна царинска гаранција. |
| | Има за цел да им обезбеди поголем извоз на компаниите и полесен пристап до суровини.<br>Со 3 милиони државна гаранција за обезбедување на царинскиот долг го поддржуваме извозот и увозот и го олеснуваме пристапот на суровини за преработка на македонските компании во износ од околу 25 милиони евра, преку Развојната банка на Северна Македонија. |
| 15 | Дополнително одложување на отплата на кредити за компании, до крајот на годината |
| | Ова е продолжување на мерката |
| 16 | Намалување на казнената камата за јавни давачки за половина од 0,03% на 0,015% до крајот на годината |
| | Продолжување на мерката |
| 17 | Одложување на плаќање на аконтација на данокот на добивка |
| | Предвидува одложување на плаќањето на аконтациите на данокот на добивка до март 2021 година за компании кои имаат пад на приходи поголем од 40%. |
| 18 | Ослободување од ДДВ за донации од јавен карактер, за уште 12 месеци |
| | Продолжување на мерката |
| 19 | Намалување на стапката за ДДВ за ресторански услуги и служење на храна и пијалаци, со која овие услуги ќе се даночат со нова повластена стапка на ДДВ од 10% наместо сегашната редовна стапка од 18% |
| | Целта на оваа мерка е намалување на сивата економија, пониски цени за граѓаните, како и поголема ликвидност на услужниот сектор за храна и пијалоци.<br>За оваа мерка се потребни законски измени и таа ќе започне со имплементација од 1 јануари наредната година. |
| 20 | Одложено плаќање на ДДВ-то |
| | ќе биде дозволено одложено плаќање на ДДВ, седум дена по поднесување на ДДВ пријавата, без камата. |
| 21 | Бришење на условот за собирање поени од Континуирано професионално усовршување (КПУ) за продолжување на лиценца за сметководители |
| | Корисници на оваа мерка се 9.360 регистрирани сметководители, за кои во 2020 година нема да важи условот за собирање поени од Континуирано професионално усовршување за продолжување на лиценцата на сметководителите. |
| 22 | Зголемување на периодот за покривање на загуби на терет на идни добивки |
| | Ќе се укине обврската од Законот за данокот на добивка за покривање на загубите на терет на идни добивки. Воедно, со предложените измени, ќе се продолжи рокот за пренесување на загуби на терет до пет години, наместо сегашното законско решение кое утврдува пренесување на загубата до три години.<br>Оваа мерка стартува оваа година и важи за 2020 и 2021 година. |
| 23 | Зголемување на прагот со кој субјектите би биле дел од режимот на неоданочување со данок на добивка и зголемување на прагот со кој субјектите би влегле во режимот на вкупен приход |
| | Се предвидува прагот да биде поставен на 5 милиони денари на годишно ниво, согласно кој може да стане даночен обврзник во режимот на неоданочување.<br>Исто така, мерката предвидува да се зголеми прагот со кој компаниите би биле дел од режимот на вкупен приход, односно правните лица кои имаат вкупен приход помеѓу 5.000.001 денар и 10 милиони денари, да може да одберат дали да плаќаат данок на добивка или да преминат во режим на данок на вкупен приход од 1%. |

| | |
|---|---|
| | Со оваа мерка ќе се ослободат околу 1,15 милиони евра кои компаниите можат да ги пренаменат за инвестиции или за други развојни бизнис планови. |
| 24 | Признавање на трошокот за приватно здравствено осигурување како признаен расход |
| 25 | Признавање на расходите за тестирање од КОВИД – 19, исто така како признаен расход |
| 26 | Намалување на увозни давачки за суровини и репроматеријали |
| | Се обезбедува поддршка за најпогодените преработувачки индустрии, како и поттик за развој на преработувачките капацитети.Со оваа мерка, покрај сите автономни мерки за суровини утврдени на 24 декември 2019, се вклучува  и намалувањето на увозните давачки за природен гас со конечна цел не само економски, туку и еколошки ефект. |
| 27 | Поддршка за развој на човечкиот капитал |
| | Во овој пакет е предвидено ослободување од данок на добивка и данок на личен доход за трошоци за вработени кои се однесуваат на доквалификација и тим билдинг.<br>Ќе се укине данокот на личен доход за трошоци кон вработени кои се однесуваат за обука, квалификации, добивање лиценци, со што ќе се овозможи подобрување на квалитетот на работната сила со која располагаат компаниите, но истовремено ќе се пропише и законски лимит за овие трошоци, на пример една просечна плата на годишно ниво.<br>Оваа мерка ќе започне да се имплементира од 1  јануари наредната година. |
| 28 | Поддршка на откуп на грозје од реколта за 2020 година |
| | Поддршка на откуп на грозје од реколта за 2020 година, за која се предвидени 6.700.000 евра, ќе се поддржат производители на винско грозје кои го предале своето грозје кај регистрирани винарски визби, како и винарски визби за транспортните трошоци при извоз. |
| 29 | Ослободување во висина на 2/3 од законски пропишаниот износ за приредувачи на игри на среќа |
| | Со оваа мерка приредувачите на игри на среќа, казината, ќе плаќаат 1/3 од надоместоците за AR (ауто-рулет) маси и други маси. |
| 30 | Промена на пресметка на основата за финансирање на Единиците на локалната самоуправа |
| | Промена на пресметка на основата за финансирање на Единиците на локалната самоуправа, со која при издвојување на средства за единиците на локална самоуправа, наместо само за претходната година како досега, предвид ќе биде земена пресметката на просечна наплата на ДДВ за претходните три години. |
| 31 | Викенд без ДДВ |
| | Оваа мерка предвидува да опфати повеќе од 350.000 граѓани, корисници на апликацијата „МојДДВ“, кои за време на продолжениот викенд на 10-11-12 октомври ќе можат да купат домашни производи и услуги или компјутери и друга ИТ опрема во вредност од најмногу 30.000 денари, во рок од неколку дена ќе го добијат назад на своите сметки целиот ДДВ. |
| | |
| | **ПЕТТИ ПАКЕТ МЕРКИ** |
| | **ВРЕДНОСТА НА ПЕТТИОТ ПАКЕТ ЕКОНОМСКИ МЕРКИ ИЗНЕСУВА 160 МИЛИОНИ ЕВРА** |
| 1 | Финансиска поддршка на плати за вработените во висина од 1 милијарда и 920 милиони денари за месеците февруари и март 2021 година, со опфат од околу 60.000 работници месечно. |
| | Финансиската поддршка ќе биде скалеста во износ од 14.500 до 21.776 денари за месечна плата по вработен, за да се поддржат работните места во домашните компании во зависност од тоа која компанија колкав пад на приходи имала во текот на ноември и декември 2020 и јануари 2021 година, споредено со ноември и декември 2019 и јануари 2020 - значи три исти месеци се споредуваат со три исти месеци пред една година. |
| 2 | Кредити со 0% камати за компаниите од дејностите туризам, занаетчиство, угостителство, транспорт, индустрија за организација на настани, приватните здравствени установи и слично, преку Развојната банка на С Македонија. Оваа мерка е во висина од 615 милиони денари и за неа може да се аплицира во текот на 2021 година. |
| | Оваа мерка се однесува и на Самостојните вршители на дејност и на приватните здравствени установи. Во зависност од вкупниот поголем обем на работа и зголемената добивка ќе имаат |

| | |
|---|---|
| | можност компаниите да добијат скалесто неповратен дел од кредит од 30% до 50% од самиот кредит. |
| 3 | Финансиска поддршка за 120 радиодифузери во висина од 50 милиони денари за 2021 година. |
| | Со оваа мерка 120 радиодифузери, односно радија и телевизии кои имаат активни концесии за емитување на радио и телевизиска програма ќе бидат ослободени од годишната давачка за концесијата. |
| 4 | Ослободувањето од надоместокот за мултиплекс фреквенција за цела 2021 година. |
| | Оваа мерка ги опфаќа радиодифузерите во земјата на кои ќе им се покријат трошоците за 2021 година за дигиталниот терестријален мултиплекс и дозвола за емитување. Оваа одлука е согласно Законот за електронски комуникации, а има за цел ублажување на економските последици врз медиумскиот радиодифузен сектор предизвикани од коронавирусот. |
| 5 | Финансиска поддршка за регистрираните занаетчии за 2021 година. |
| | На занаетчиите ќе им се овозможи решенијата за аконтативно плаќање на персоналниот данок да им бидат намалени за 50% во 2021 година споредбено со решенијата од 2020 година. |
| 6 | Финансиската поддршка за граѓаните преку продолжување на мерката за одложување на плаќање на данок на личен доход до 30 јуни 2021 година. |
| | Вредноста за оваа мерка е 15 милиони денари, а целна група се самостојните вршители на дејност кои согласно Законот за данок на личен доход беа ослободени од плаќање на аконтации до 31 март 2021. |
| 7 | Финансиска поддршка за меѓународните транспортери |
| | Станува збор за поддршка на компании чиј вкупен број вработени е околу илјада и кои се запишани во регистарот на превозници кој се води во Министерството за транспорт и врски, а кои вршат меѓународен линиски или слободен превоз на патници. |
| 8 | Финансиска поддршка од 3.000 до 10.000 евра за компании кои имаат пад на приходите во 2020 за повеќе од 50% споредено со 2019 година. |
| | Ќе се реализира скалесто во зависност од падот на приходите од 50% па нагоре, и е предвидена за регистрирани компании кои вршат транспорт на патници. Износот за реализација на оваа мерка е 40 милиони денари за околу 200 корисници. |
| 9 | Кредитна гарантна шема во вредност од 307,5 милиони денари |
| | Со оваа мерка ќе биде креирана нова гарантна кредитна линија во износ од 5 милиони евра, дистрибуирана преку Развојната банка на Северна Македонија. Се очекува државата да биде гарант за кредити кои компаниите ќе ги земат од комерцијалните банки во износ од околу 30 милиони евра. |
| 10 | Продолжување на грејс периодот за плаќање на обврските за корисниците на кредитите од кредитната линија „Ковид 2“ кај Развојната банка до крајот на 2021 година. |
| | Мерката се продолжува |
| 11 | Поддршка за индустријата и операторите за организација на настани за реализација на проекти од исклучителен јавен и државен интерес во висина од 61 милион денари. |
| | Оваа мерка е наменета за правните субјекти кои организираат јавни настани, односно маркетинг и ивент агенции, продукции и други оператори од индустријата за организација на настани, со што меѓу другото ќе се ангажираат и изведувачи, едукатори, културни работници, уметници, музичари и други професии од оваа ивент индустријата кои се директно погодени од пандемијата. Програмата ќе ја реализира Генералниот секретаријат на Владата при што апликантите, односно операторите кои организираат јавни настани ќе треба да се придржуваат до следните критериуми: прво, настани на зададена тема од исклучителен јавен и државен интерес, второ обезбедување видливост на настанот пред широка домашна јавност преку партнерства со националните и останатите телевизии и преку другите видови медиуми и трето - вклучување изведувачи, едукатори, културни оператори, уметници, музичари и други во продукцијата на содржини во рамки на настаните од јавен интерес. |

| | |
|---|---|
| 12 | Финансиска поддршка на хотели кои функционираат надвор од туристичките центри. Износот е 64,6 милиони денари за 2021 година. |
| | Поддршката ќе се пресметува по регистрирани легла кај хотелите и согласно методологијата за категоризација која ќе биде дефинирана од Министерството за економија. |
| 13 | Финансиска поддршка преку основање Фонд за поддршка на извозни компании во висина од 615 милиони денари, кој ќе се воспостави преку Развојната банка на Северна Македонија. |
| | Се работи за евтини кредитни продукти за компании кои најголемиот дел од своето производство го извезуваат. |
| 14 | Предвидено е 33% од сумата што спортските клубови ја добиваат според ваучерскиот систем да се исплати од буџетот на почетокот на годината. Оваа мерка е во износ од 184, 5 милиони денари. |
| | За 2020 година, преку овој систем за даночни ослободувања кои одат во спортските клубови искористени се околу 9,2 милиони евра, според евиденцијата на Агенцијата за млади и спорт. |
| 15 | Укинување на царински стапки за 71 суровина до крајот на 2021 година. |
| | Станува збор за автономна мерка за извозно ориентираните компании со фискални импликации од ослободувањето во висина од 436,6 милиони денари. |
| 16 | Укинување или намалување на царински стапки за 31 суровина и за месо. Фискалните импликации од оваа мерка се 228,2 милиони денари. |
| | Мерката која е веќе донесена и е наменета за извозните компании со важност до крајот на 2021 година. |
| 17 | Усогласување со правилата и царинскиот третман на производите и услугите на пазарот во Северна Македонија со единствениот пазар на Европската Унија и пазарите на земјите членки на Светската трговска организација. |
| | Мерката е наменета за извозните компании. Проценетите фискални импликации се околу 615 милиони денари. |
| 18 | Олеснување  на условите за 245 компании кои имаат активни договори, како и за потенцијално новите компании, кои ќе инвестираат според Законот за финансиска поддршка на инвестиции. |
| 19 | Финансиска поддршка преку кофинансирана помош за технолошки развој за забрзан економски раст во период на ковид – преку Фондот за иновации и технолошки развој во висина од 369 милиони денари. |
| | Мерката за микро, мали и средни претпријатија, како и за приватните здравствени установи. Целта е да се обезбеди финансиска поддршка за технолошки развој на претпријатијата и на приватни здравствени установи за забрзан економски раст. |
| 20 | Пренамена на средства од блок дотации кои општините ги имаат заштедено или неискористено во текот на 2020 и 2021 за капитални инвестиции. |
| 21 | Финансиска поддршка на тутунарите. Вредноста за оваа мерка е 307,5 милиони денари за 2021 година |
| | Оваа мерка е за да ги спречиме последиците од ограничување во превозот и трговијата, како и од падот на потрошувачката на тутунски преработки на светско ниво. |
| 22 | Бришењето камати на граѓаните кон Јавни институции и претпријатија. Со оваа мерка со законски измени ќе се нареди на Јавните комунални претпријатија, Јавните претпријатија и Управата за јавни приходи, како и на општините и на сите други институции од јавните дејности да ги простат и избришат долговите на граѓаните по основ на камати во висина од 100%. Тоа се однесува за сите физички лица во нашата земја. |
| | Главнината која ја должат повеќе од три месеци по основ на испорачани комунални и други јавни услуги, даноци и данок на имот, ќе може да се репрограмира за плаќање во период од 12 месеци. Реализацијата на мерката за репрограмирање ќе се направи преку објава на Јавен повик во траење од 5 месеци во рамки на кои граѓаните ќе побараат репрограмирање на долговите.<br>Мерката не се однесува на долгови кон ЕВН, БЕГ и други приватни претпријатија кои даваат јавни услуги, како и на правните лица кои се корисници на ваквите услуги или даночни |

| | |
|---|---|
| | обврзници. Но сакам да ја искористам приликата отворено и јавно да ги замолам и приватните компании да се вклучат во оваа мерка, затоа што се свесни дека голем број на граѓани тешко ги плаќаат заостанатите долгови. Не сакам да ги обесхрабрам граѓаните кои редовни плаќаат, сепак ова е чин на солидарност, главниот долг останува да се плати, ќе бидат избришани каматите. Сите треба да ги плаќаме јавните давачки, а за најсиромашните државата излегува пресрет со бришење на каматите. |
| 23 | Финансиски ќе ги поддржиме здравствени работници кои не беа опфатени со третиот пакет мерки. Станува збор за мал број на корисници, а предвиден е износ од 570.000 денари. |
| | Средствата се наменети за здравствените работници од болниците во Струмица и Гостивар. |
| 24 | Продолжуваат лиценците и дозволите за една година на субјектите како што се: ноќни клубови, кабареа, ловишта, аеродроми и слично. |
| | Мерката ќе се спроведе со јавен повик од сите засегнати институции и ќе се овозможи продолжување на правото на користење без надомест. Исклучок од оваа мерка се: концесионери на рудници, ископ на песок и чакал, казина, автомат-клубови и обложувалници. |
| 25 | Ослободување од плаќање пенали за компаниите кои имаат потпишано договори со Единиците на локалната самоуправа, а во истите е предвидена клаузула за плаќање пенали за проблеми при реализација. |
| | Дадена е можност со одлука на совет на општина примената на истата одредба да се одложи на минимум 1 година од сега. |
| 26 | Финансиска поддршка за преработувачите и извозниците на грозје кои не успеале да аплицираат на повикот од четвртиот пакет мерки во износ од 40 милиони денари. |
| 27 | Финансиска поддршка за Роми претприемачи преку креирање на „Мечинг фонд за претприемништво за Роми“. Вредноста за оваа мерка е 123 милиони денари за 2021 година, а наменета е пред сѐ за микро и малите компании кои имаат ризици во работењето. Исто така, намерата е голем дел од оваа ранлива категорија граѓани да добие финансиска поддршка со цел формализирање на нивната дејност. |
| | Регионалната ромска програма РЕДИ има определено износ од околу 1 милион евра за Северна Македонија, буџетско финансиско учество во овој фонд се очекува да биде на слично ниво. |
| 28 | Зголемувањето на прагот на ослободување на оданочување со данок на добивка на Регресот за годишен одмор од постоечките 40% на 80%. |
| | Со мерката се опфатени компаниите кои имаат обврска да исплаќаат регрес на своите вработени. |
| 29 | Поддршка за дигитална трансформација на бизнисите кои имаат ниско ниво на дигитализација со цел побрза пост-ковид ревитализација. Оваа мерка вклучува низа поволности наменети за малите и микро претпријатија во вкупен износ од 25 милиони денари за 2021 година. Министерството за информатичко општество и администрација ќе ја спроведува оваа мерка. |